# СТРАТЕГИЈА НА ЛОКАЛНАТА АКЦИСКА ГРУПА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ - ПЕЛАГОНИЈА

**2015-2020**

**Општина Битола**
**Општина Новаци**
**Општина Могила**
**Општина Демир Хисар**

**ОКТОМВРИ 2015**

**СОДРЖИНА НА СТРАТЕГИЈА ЗА ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ НА РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ЛАГ-от ПЕЛАГОНИЈА**

**Вовед**
**1. Граница и територија**
    1.1 Географски карактеристики
**2. Состав и квалификување на ЛАГ**
**3. Основање на раководно тело на ЛАГ**
**4. Процес на изработување на стратегијата на ЛАГ**
**5. Територијална анализа на локалната област**
    5.1 Население
    5.2 Економија и вработување
    5.3 Земјоделство
    5.4 Природа и животна средина
    5.5 Туризам
    5.6 Инфраструктура и капацитети
    5.7 Образование и структурен развој
    5.8 Други мерки за структурен развој
**6. Анализа на локалната област**
    6.1. Анализа на заинтересираните страни на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија
    6.2 СВОТ анализа на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија
**7. Усогласеност со другите стратегии и програми**
    7.1 Краток опис на односот на стратегијата со другите развојни документи
**8. Стратешко планирање (визија, стратешки цели, приоритети и мерки)**
**9. Опис на планираните активности и идеи и/или примери за проектите што треба да се спроведат**
**10. Планирана меѓунационална и меѓутериторијална соработка**
**11. Постапка на следење и оценување**
    11.1 Опис на системот за за следење и процесот на самооценување
    11.2 Индикатори и цели
**12. Односи со јавноста**
**13. Финансиски предвидувања**
    13. 1 Финансиски план
    13.2 Можни извори на финансирање
    13.3 Начин на кофинансирање
**14. Прилози**

**Вовед**

Политиката за рурален развој е многу важна компонента на Заедничката Земјоделска Политика на ЕУ. Таа промовира одржлив развој во руралните региони на ЕУ со посебен фокус на економските и социјалните прашања како и заштита на животната средина. Повеќе од половината на населението во ЕУ живее во руралните средини, кои опфаќаат 90% од територијата на ЕУ. Започната како иницијатива во 1991 година, ЛЕАДЕР претставува иновативен пристап во рамки на руралната развојна политика на ЕУ.

ЛЕАДЕР е кратенка од францускиот назив "Liaison entre Actions de Developpment de l'Economie Rurale" што означува „Врски помеѓу руралната економија и акциите за рурален развој". Тоа е метод за охрабрување и постигнување на локален развој во руралните средини. ЛЕАДЕР е алатка која ги охрабрува и поттикнува заинтересираните страни кои живеат во руралните средини да истражат и изнајдат нови начини за заедничка соработка за да ги подобрат условите за живот. Затоа ЛЕАДЕР придонесува за подобрување на квалитетот на живот во руралните средини истовремено на фамилиите што живеат на фарми и на поширокатa рурална популација на одредена територија.

ЛЕАДЕР се користи нашироко во земјите членки на ЕУ. Во моментот повеќе од 2.400 Локални Акциони Групи активно работаат во ЕУ. Досегашните искуства покажуваат дека ЛЕАДЕР пристапот може да направи вистински промени во секојдевниот живот на луѓето во руралните области.
Според податоците на Директоратот за земјоделство и рурален развој - ДГ Агри (октомври, 2013) процентот на рурално население покриен со ЛЕАДЕР Локални Акциони Групи (ЛАГ-ови) во програмскиот период 2007 - 2013 изнесува 55.5% за ЕУ-27 (без податоците за Бугарија, Естонија и Малта). Најголем процент на рурално население покриено со ЛАГ-ови има во Шведска (92.3%), а потоа следат Ирска (89.6%) и Данска (76.1%). Од друга страна, процентот е помал од 20% во Словачка (14.3%).

Еден од клучните концепти за развој на ЕУ е концептот на „развој заснован на територија", кој промовира интегриран локален и регионален пристап во решавање на проблемите. Оваа политика базирана на територија има за цел да ги надмине слабостите за целосно искористување на локалните потенцијали. Европските практики покажуваат дека регионите што се во можност да ги мобилизираат своите внатрешни потенцијали имаат поголеми шанси да се развиваат побрзо отколку другите региони.

ЕУ ЛЕАДЕР пристапот се базира на 7 клучни карактеристики:
1. Стратегија за локален развој на руралните средини заснована на територија
2. Подготовка и спроведување на стратегии со пристап „од долу нагоре"
3. Локално Јавно Приватно Партнерство - Локални Акциони Групи (ЛАГ)
4. Потикнување на иновации
5. Интегрирани и повеќесекторски активности
6. Вмрежување и
7. Соработка.

ЛЕАДЕР е холистички пристап „од долу нагоре" врз основа на специфичната природа на локалните проблеми, каде што локалните заинтересирани страни ги здружуваат силите за да ги искористат ефективно внатрешните потенцијали на нивната територија. ЛЕАДЕР е исто така во согласност со

ЕУ принципите на субсидијарност (одлуките да се донесуваат на нивоа што е можно поблиску до граѓаните) и напорите да се зајакне улогата на институциите на локално и регионално ниво.

ЛЕАДЕР охрабрува создавање на локални меѓу-секторски партнерства Локални Акциони Групи или скратено ЛАГ-ови. ЛЕАДЕР пристапот дејствува како инструмент за финансирање што поддржува проекти каде развојот е во согласност со потребите на локалното население, а истовремено го подобруваат животниот стандард во руралните средини. Јасната додадена вредност на ЛАГ-овите и партнерствата лежи во фактот што тие вклучуваат локално население и ја потикнуваат интеракцијата и соработката помеѓу населението. Според Регулативата на ЕК за рурален развој (ЕК 1689/2005), ЛАГ-от мора да биде јавно – приватно партнерство во кое учеството на граѓанскиот и приватниот сектор треба да биде поголемо од 50% од вкупниот број на членови.

Република Македонија направи големи напори во последните неколку години да ги исполни барањата за полноправно членство во ЕУ. Интеграција во ЕУ е важен предуслов за економски развој на државата. За да ги исполни условите за членство, земјата мора да воспостави структури што се во согласност со Заедничката Земјоделска Политика на ЕУ и да се подготви за спроведување на програмите од Европскиот Фонд за Земјоделство и Рурален Развој.

Во Република Македонија, територијалната дистрибуција на населението покажува изразита несразмерност. 57,8% од вкупното население живее во градовите (вкупно 34), додека пак во руралните средини кои опфаќаат 90% од територијата на земјата живее 42,2% од населението. Во земјата има вкупно 1,728 рурални населени места од кои 141 (8,16%) се целосно депопулирани, додека со поголем број на население (5.001 - 10.000 жители) се 14 села со вкупно 90.479 жители (просечно 6.463) воглавно во западниот и североисточниот дел од земјата (Извор: Државен завод за статистика, Македонија во бројки, 2014). Основниот проблем е стареење на населението, додека 44% од сиромашните живеат во руралните средини. постои релативно добра инфраструктура, но има недостаток на услуги и патишта во селата. Земјоделството е доминантно занимање и извор на приход на населението, но постои тренд на зголемување на неземјоделските активности.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) е назначено како одговорна институција за рурален развој во Република Македонија. Во последните неколку години МЗШВ изработи повеќе важни документи од кои: Национална стратегија за земјоделство и рурален развој 2007 – 2013 (во подготовка е нова за периодот 2014 - 2020), Закон за земјоделство и рурален развој, ИПАРД Програма 2007 - 2013, Национална Програма за развој на земјоделството и рурален развој 2007 - 2013, и воспостави акредитирани оперативни структури за целосно децентрализирано спроведување на Компонентата V Рурален развој (ИПАРД) од ЕУ Инструментот за претпристапна помош (ИПА) вклучително и ИПАРД платежна агенција и објави неколку повици за проекти и финансираше голем број на проекти.

МЗШВ како одговорна институција за рурален развој во Република Македонија превзема активности за воведување на ЕУ ЛЕАДЕР како нова мерка во рамките на компонентата ИПАРД. Законот за земјоделство и рурален развој (Сл. Весник на РМ бр. 49/2010) овозможува организирање на локалните заинтересирани страни за рурален развој во форма на Локални Акциони Групи (ЛАГ-ови) - Член 89, како и Изработка на стратегии за локален развој на руралните средини - Член 88. МЗШВ изработи и список на рурални средини и рурални заедници (Сл. Весник на РМ бр. 89/2011). МЗШВ подготви 2 под-законски акти за оперативно спроведување на законот: Правилник за содржината и методологијата за подготовка на стратегиите за локален развој на

руралните средини и начинот на нивно одобрување (Сл. Весник на РМ бр. 40/2013) и Правилник за поблиските услови за запишување во евиденцијата на Локалната Акциона Група,постапката за упис, потребната документација и начинот на водење на евиденцијата (Сл. Весник на РМ бр. 40/2013).

Согласно содржината на Програмата за развој на Пелагонискиот регион 2010-2015 година (Среднорочна цел бр. 4: Потикнување на локален економски развој во Пелагонискиот регион), од 1 октомври 2012 година, Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион (ЦРППР) започна со спроведување на проектот "Воведување и спроведување на ЕУ ЛЕАДЕР пристапот во Пелагонискиот регион“, со скратен назив „ПеЛАГонија ЛЕАДЕР" со времетраење од 36 месеци со можност за продолжување. Во согласност со Законот за рамномерен регионален развој (Службен весник 63/07), ЦРППР има задача да овозможи создавање на мрежи за регионална соработка и ја има целосната одговорност за спроведување на Програмата за развој на планскиот регион 2010-2015. Активностите во рамките на проектот "Воведување и спроведување на ЕУ ЛЕАДЕР пристапот Пелагонискиот регион", се во согласност со приоритетите и мерките на Програмата за развој на планскиот регион 2010-2015.

Основен елемент на проектниот пристап е зголемување на свесноста и зајакнување на капацитетите на локалните заинтересирани страни како и зајакнување на капацитетите за управување со ЛАГ-овите. Во средиштето на проектот е поддршката за воспоставување на локално јавно - приватно партнерство (ЛАГ) и подготовка на локални стратегии за развој на руралните средини засновани на територија и преку процес на учество и консултации на заинтересираните страни и тоа „од долу нагоре“. Врз основа на зајакнување на регионалните, национални и меѓународни мрежи на соработка на ЛАГ-овите, проектот исто така ја олеснува размената на искуства и најдобри практики во руралните средини.

Во рамки на проектот од страна на ЦРППР беше дизајниран сеопфатен процес за воведување на ЛЕАДЕР пристапот на територијата на 4 општини: Битола, Демир Хисар, Могила и Новаци. После обезбедување на политичка поддршка за процесот од страна на Градоначалниците и идентификување на клучните заинтересирани страни процесот официјално започна на 26.11.2012 година во Битола со Инфо ден за ЕУ ЛЕАДЕР пристапот. ЦРППП спроведе бројни активности за зголемување на свесноста, градење на капацитетите, формирање на јавно - приватно партнерство, подготовка на потребните документи за регистрирање на ЛАГ-от како правен субјект, официјално регистрирање во ЛАГ-от и изработка на стратегија за локален развој на руралните средини. Процесот беше од отворен карактер и во целокупниот процес делуваше на волонтерска основа и на целосно транспарентен начин. Медиумската покриеност на настаните беше многу важна алатка во зголемувањеа свесноста на општата јавност и за промовирање на ЕУ ЛЕАДЕР пристапот.
Како резултат на активностите, а пред се заинтересираноста и спремноста на заинтересираните страни и врз основа на Статутот донесен на Основачкото собрание на 16.04.2014 година, Здружението за рурален развој (ЗРР) Локална Акциона Група (ЛАГ) ПеЛАГонија - Новаци, со скратен назив ЗРР ЛАГ ПеЛАГонија - Новаци се организира и делува на подрачјето на територијата на 4 општини: Битола, Демир Хисар, Могила и Новаци со исклучок на урбаниот дел на Општина Битола. Седиштето на ЛАГ-от е во Општина Новаци, 7211 Новаци.

Според член 15 од Статутот на ЛАГ-от ПеЛАГонија, ЛАГ-от има задача да ја изработи и спроведе Стратегијата за локален развој на руралната средина врз основа на примената на принципите на ЛЕАДЕР пристапот.

Директните активности за стратешко планирање со цел изработка на стратегијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија за локален развој на руралните средини за периодот 2014 - 2020 година започна на 13.03.2014 во Битола и се одвиваше преку 3 работилници. Втората работилница се одржа на 16.04.2014 година во Битола. Последната работилница се одржа на 13.06.2014 година во Битола, а потоа следуваше процес на пишување и усогласување на текстот на стратегијата. На сите работилници активно учествуваа членовите на ЛАГ-от ПеЛАГонија од јавниот, граѓанскиот и приватниот сектор, но беше отворен за сите заинтересирани граѓани и организации. За изработка на стратегијата се формираа работни групи. На работилниците се користеа методи за партиципативно учество и интерактивна метаплан алатка за работа во групи со картички и меки табли.

Процесот е опишан подетално во Глава 4. Процес на изработување на стратегијата на ЛАГ.

## 1. Граница и територија

Територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија се наоѓа во Пелагонискиот плански регион. Пелагонискиот плански регион е еден од 8-те плански региони (НТЕС-3) и се наоѓа на југот на Република Македонија и ги опфаќа Пелагониската Котлина и басенот на Преспанското Езеро. Овој регион е најголем и опфаќа територија од 4.717 $км^2$ или 18.9% од површината на Република Македонија, но е еден од најретко населените региони, со густина на населеност од 49.3 жители/$км^2$. Во него живеат 232.367 жители или 11.3% од вкупното население (проценка, 2013 година) во Република Македонија (според Пописот од 2002 година бројот на жители изнесувал 238.136). Населението бележи тренд на континуирано намалување, при што од 9-те општини во 2013 година минимален пораст има само во Долнени и Крушево, додека вкупниот природен прираст за целиот регион е неативен и изнесува 590.

Во Пелагонискиот регион има 9 општини (НТЕС-4): Битола, Демир Хисар, Долнени, Кривогаштани, Крушево, Могила, Новаци, Прилеп и Ресен. Четири од деветте општини имаат седиште во село (Долнени, Кривогаштани, Могила, Новаци). Вкупниот број на населени места изнесува 343, од кои 5 се градски населби: Битола, Демир Хисар, Крушево, Прилеп и Ресен. Според податоците од пописот во 2002 година, 67,6% од населението живее во градските средини. Според Списокот на рурални средини и рурални заедници (Сл. Весник бр. 89/2011) сите населени места освен градските центри на Битола и Прилеп се рурални.

Регионот на југ граничи со Албанија и Грција. Комуникацијата со соседните земји се остваруваат преку граничните премини: Стење кај Ресен со Албанија и Меџитлија кај Битола со Грција.

ЛАГ-от ПеЛАГонија е основан во рамки на проектот "Воведување и спроведување на ЕУ ЛЕАДЕР пристапот во Пелагонискиот регион (ПеЛАГонија ЛЕАДЕР)" кој се спроведува од страна на Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион (ЦРППР) како компонента од УСАИД проектот „Експанзија на мали бизниси“ управуван од Корпорацијата КАРАНА.

Врз основа на Статутот донесен на Основачкото собрание на 16.04.2014 година, Здружението за рурален развој Локална Акциона Група ПеЛАГонија - Новаци, со скратен назив ЗРР ЛАГ ПеЛАГонија - Новаци се организира и делува на подрачјето на територијата на 4 општини: Битола, Демир Хисар, Могила и Новаци со исклучок на урбаниот дел на Општина Битола. Седиштето на ЛАГ-от е во Општина Новаци, 7211 Новаци. ЛАГ-от ПеЛАГонија - Новаци, е формиран со цел да биде иницијатор, двигател и креатор во мобилизирањето на локалните потенцијали преку организација, едукација и поддршка за подобрување на условите на живот и севкупен развој на руралната популација на територијата на општините Битола, Демир Хисар, Могила и Новаци.

Територијата на која делува ЛАГ-от ПеЛАГонија е презентирана на картата подолу. Територијата на ЛАГ-от граничи со Општините Ресен, Охрид, Дебарца, Кичево, Крушево, Кривогаштани и Прилеп, а на југ со Република Грција. Комуникацијата со Република Грција е преку единствениот граничен премин Меџитлија. Постои и железничка врска со Република Грција која во моментов не е во функција.

Слика 1. Територија на која делува ЛАГ-от ПеЛАГонија




**1.1 Географски карактеристики**

Територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија се наоѓа во најголемата котлина во Македонија, Пелагониската котлина која самата по себе образува и посебна релјефна целина во рамките на родопската група на релјеф. Пелагониската котлина е во југозападниот дел на Република Македонија, нејзиниот правец на протегање е меридијански (север - југ) и продолжува кон северозападниот дел од Грција.

Територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија се состои од низинскиот дел на Пелагониската котлина кој му припаѓа на Битолското Поле и претежно ридско-планискиот дел на територијата на Општина Демир Хисар. Територијата на ЛАГ-от припаѓа во басенот на Црна Река и нејзините притоки: Блата, Шемница, Драгор и Елешка Река. Црна Река поминува низ сите 4 општини што го сочинуваат ЛАГ-от. Територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија е хомогена географска целина која е опкружена со планините Илинска, Плакенска, Бигла, Баба, Лубен и Бушева Планина од север, Дрен, Селечка Планина и Ниџе од исток, додека на југ Пелагониската котлина е отворена кон Република Грција. Просечната надморска височина се движи од 610 до 540 м во Битолското Поле, додека делот од територијата во општина Демир Хисар е со просечната надморска висина од 621 до 640 м.
Територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија може да се подели на 3 микро целини/региони: 1) Пелистер; 2) рамничарски дел (Битолско Поле) и 3) Демир Хисар.

Основните податоци за територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија се дадени во Табела 1. подолу.

**Табела 1. Основни податоци за територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија**

| Општина | Население | Површина (км$^2$) | Густина (жители/ км$^2$) | Населени места |
|---|---|---|---|---|
| **Пелагониски регион** | **238.136** | **4.717** | **50,5** | **343** |
| Општина Битола | 95.385 | 794 | 120,1 | 66 |
| Урбан дел Битола | 74.550 | 26 | 2867,3 | 1 |
| Рурален дел Битола | 20.835 | 768 | 27,1 | 65 |
| Општина Демир Хисар | 9.497 | 480 | 19,8 | 41 |
| Општина Могила | 6.710 | 255 | 26,3 | 23 |
| Општина Новаци | 3.549 | 753 | 4,7 | 41 |
| **ВКУПНО на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија** | **40.591** | **2.256** | **18,0** | **170** |
| Територијата на ЛАГ-от како дел од Пелагониски плански регион | 17,0% | 47,8% | 35,6% | 49,6% |

Извор: Завод за статистика на Република Македонија, Попис 2002.

Вкупниот број на населението на територијата на ЛАГ-от Пелагонија изнесува 40.591 (според Пописот од 2002 година), вкупната површина 2.256 км$^2$, густина на населението 18 жители/км$^2$ и 170 населени места. Може да се забележи дека територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија иако опфаќа приближно 48% од територијата на Пелагонискиот регион и речиси половина од вкупниот број на населени места на неа живеат само 17% од вкупното население, со просечна густина од само 18 жители/км$^2$. Карактеристично е што густината на населението е различна и таа изнесува само 4,7 жители/км$^2$ во Општина Новаци до 27,1 жители/км$^2$ во руралниот дел на Општина Битола. Густината на населението на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија иснесува само 35,6% од густината на Пелагонискиот регион, кој пак од друга страна има најмала густина од сите плански региони. За споредба урбаниот дел на Битола, кој не припаѓа на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија има густина на населението од 2867,3 жители/км$^2$. Јасно е дека се работи за голем број на рурални заедници кои имаат воглавно имаат мал број на жители, а некои од нив се и напуштени.
Рурални средини и рурални заедници кои припаѓаат на  територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија се презентирани во Табелите 2, 3, 4 и 5 подолу.

**Општина Битола**

Општина Битола се наоѓа југозападниот дел на Република Македонија, во Пелагониската котлина, во подножјето на планината Баба со нејзиниот највисок врв Пелистер (2.601 м). На запад општината се граничи со Општина Ресен, каде границата меѓу двете општини минува низ Баба планина. Јужната граница е државната граница со Република Грција. На исток и североисток општина Битола се граничи со Општина Новаци и Општина Могила, додека на север со Општина Демир Хисар. Низ општината тече Црна река.

**Табела 2. Населени места во Општина Битола**

| # | Име на селото | Жители |
|---|---|---|
| 1 | Барешани | 205 |
| 2 | Бистрица | 1015 |
| 3 | Братин Дол | 185 |
| 4 | Брусник | 241 |
| 5 | Буково | 3494 |
| 6 | Велушина | 160 |
| 7 | Габалавци | 114 |
| 8 | Гопеш | 0 |
| 9 | Горно Егри | 0 |
| 10 | Горно Оризари (Битолско) | 2454 |
| 11 | Граешница | 190 |
| 12 | Дихово | 310 |
| 13 | Доленци | 265 |
| 14 | Долно Егри | 0 |
| 15 | Долно Оризари | 1834 |
| 16 | Драгарино | 86 |
| 17 | Драгожани | 156 |
| 18 | Драгош | 33 |
| 19 | Древеник | 26 |
| 20 | Ѓавато | 122 |
| 21 | Жабени | 178 |
| 22 | Злокуќани | 0 |
| 23 | Кажани | 75 |
| 24 | Канино | 111 |
| 25 | Карамани | 337 |
| 26 | Кишава | 308 |
| 27 | Кравари | 880 |
| 28 | Крклино | 611 |
| 29 | Кременица | 134 |
| 30 | Крстоар | 167 |
| 31 | Кукуречани | 966 |
| 32 | Лавци | 338 |
| 33 | Лажец | 302 |
| 34 | Лера | 122 |
| 35 | Лисолај | 225 |
| 36 | Логоварди | 699 |
| 37 | Лопатица | 280 |
| 38 | Магарево | 87 |
| 39 | Маловиште | 98 |
| 40 | Метимир | 10 |

| | | |
|---|---|---|
| 41 | Меџитлија | 155 |
| 42 | Ниже Поле | 186 |
| 43 | Ново Змирново | 41 |
| 44 | Облаково | 1 |
| 45 | Олевени | 157 |
| 46 | Оптичари | 317 |
| 47 | Орехово | 23 |
| 48 | Острец | 229 |
| 49 | Поешево | 272 |
| 50 | Породин | 202 |
| 51 | Рамна | 61 |
| 52 | Раштани | 396 |
| 53 | Ротино | 113 |
| 54 | Свиниште | 0 |
| 55 | Секирани | 114 |
| 56 | Снегово | 0 |
| 57 | Средно Егри | 299 |
| 58 | Српци | 65 |
| 59 | Старо Змирново | 10 |
| 60 | Стрежево | 0 |
| 61 | Трн | 113 |
| 62 | Трново | 278 |
| 63 | Цапари | 493 |
| 64 | Црнобуки | 406 |
| 65 | Црновец | 86 |
| | **ВКУПНО** | **20.835** |

Извор: Попис 2002, Територијална поделба на Република Македонија, 2004.

Од Табелата 2. погоре може да се забележи дека руралниот дел од територијата на ЛАГ-от кој и припаѓа на Општина Битола (согласно територијална поделба на Република Македонија од 2004 година) има 65 населени места од кои 7 се целосно напуштени (Гопеш, Горно Егри, Долно Егри, Злокуќани, Свиниште, Снегово и Стрежево), а 14 се со број на население помало од 100 жители. Само 4 населени места имаат број на жители поголем од 1.000 (Бистрица, Долно Оризари, Горно Оризари (Битолско) и Буково), а најголемо е Буково со 3.494 жители.

Интересно е да се напомене дека во 2002 година подрачјето на општината Битола го опфаќаше градот Битола и 18 села: Братиндол, Брусник, Буково, Горно Оризари, Долно Оризари, Дихово, Карамани, Крклино, Лавци, Логоварди, Магарево, Нижеполе, Орехово, Поешево, Раштани, Снегово, Трн, Трново.

**Општина Демир Хисар**

Општината Демир Хисар (што во превод од турски значи Железна Планина) се наоѓа северозападно од пелагониската низина околу горниот слив на Река Црна која тече низ средишниот дел на општината. Општина Демир Хисар на југозапад граничи со Општина Ресен, на запад со Општините Охрид и Дебарца, на север граничи со Општина Кичево, на запад со Општина Крушево и Могила, а на јужниот дел со Општина Битола.

**Табел 3. Населени места во Општина Демир Хисар**

| # | Име на селото | Жители |
|---|---|---|
| 1 | Бабино | 34 |
| 2 | Базерник | 52 |
| 3 | Бараково | 67 |
| 4 | Белче | 245 |
| 5 | Боиште | 7 |
| 6 | Брезово | 62 |
| 7 | Вардино | 266 |
| 8 | Велмевци | 7 |
| 9 | Вирово | 151 |
| 10 | Големо Илино | 52 |
| 11 | Граиште | 145 |
| 12 | Доленци | 97 |
| 13 | Единаковци | 338 |
| 14 | Жван | 428 |
| 15 | Железнец | 57 |
| 16 | Журче | 255 |
| 17 | Загориче | 115 |
| 18 | Зашле | 42 |
| 19 | Кочиште | 38 |
| 20 | Кутретино | 301 |
| 21 | Лесково | 0 |
| 22 | Мало Илино | 50 |
| 23 | Мренога | 107 |
| 24 | Ново Село | 35 |
| 25 | Обедник | 273 |
| 26 | Прибилци | 266 |
| 27 | Радово | 13 |
| 28 | Ракитница | 37 |
| 29 | Растојца | 19 |
| 30 | Света | 332 |
| 31 | Сладуево | 77 |
| 32 | Слепче | 719 |
| 33 | Слоештица | 221 |
| 34 | Смилево | 321 |
| 35 | Сопотница | 929 |
| 36 | Стругово | 286 |
| 37 | Суво Грло | 8 |
| 38 | Суводол | 415 |
| 39 | Утово | 35 |
| 40 | Церово | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | **ВКУПНО во селата:** | **6.904** |
| 41 | Демир Хисар | 2.593 |
| | **Вкупно во општината:** | **9.497** |

Извор: Завод за статистика на Република Македонија, попис, 2002.

Од Табелата 3. погоре може да се забележи дека руралниот дел од територијата на ЛАГ-от кој и припаѓа на Општина Демир Хисар се состои од градот Демир Хисар со 2.593 жители и 40 села од кои едно (Лесково) е целосно напуштено, а 4 се со број на население помало од 10 жители (Церово, Боиште, Велмевци и Суво Грло). Дополнителни 16 села имаат број на жители помал од 100. Најголемо село по број на жители е Сопотница со 929 жители.

**Општина Могила**

Општина Могила лежи во Пелагониската рамнина, во средишните делови на Битолското Поле, претежно јужно од реката Шемница, односно помеѓу стариот пат Битола-Прилеп и Река Црна на просечна надморска височина од 583 м. Има правец на протегање северозапад – југоисток. Од север се граничи со Општините Демир Хисар, Крушево и Кривогашатани, од исток и југоисток со Општините Прилеп и Новаци, од југ и од запад со Општината Битола.

**Табела 4. Населени места во Општина Могила**

| # | Име на селото | Жители |
|---|---|---|
| 1 | Алинци | 57 |
| 2 | Беранци | 445 |
| 3 | Будаково | 248 |
| 4 | Вашарејца | 202 |
| 5 | Горна Чарлија | 3 |
| 6 | Долна Чарлија | 198 |
| 7 | Дедебалци | 288 |
| 8 | Добрушево | 624 |
| 9 | Долно Србци | 479 |
| 10 | Ивањевци | 615 |
| 11 | Лознани | 215 |
| 12 | Могила | 1526 |
| 13 | Мојно | 71 |
| 14 | Мусинци | 302 |
| 15 | Новоселани | 50 |
| 16 | Ношпал | 348 |
| 17 | Подино | 51 |
| 18 | Путурус | 20 |
| 19 | Радобор | 145 |
| 20 | Свето Тодори | 210 |
| 21 | Трап | 162 |
| 22 | Трновци | 427 |
| 23 | Црничани | 41 |
| | **ВКУПНО** | **6727** |

Извор: Завод за статистика на Република Македонија, попис, 2002.

Од Табелата 4. погоре може да се забележи дека руралниот дел од територијата на ЛАГ-от кој и припаѓа на Општина Могила се состои од 23 села од кои најголемо е општинскиот центар Могила со 1.526 жители, едно (Горна Чарлија) е целосно напуштено, а 6 села се со број на население помало од 100 жители. Дополнителни 15 села имаат број на жители помал од 1.000.

**Општина Новаци**

Општина Новаци се наоѓа во јужниот дел на Република Македонија, го зафаќа југоисточниот дел на Пелагониската рамнина, централниот дел на течението на Црна Река, битолскиот дел на Мариово и пограничниот дел со Република Грција на потегот на Ниџе планина. Општина Новаци на север граничи со Општина Прилеп и Општина Могила, на запад со Општина Битола и на јужниот и источниот дел со Република Грција.

**Табела 5. Населени места во Општина Новаци**

| # | Име на селото | Жители |
|---|---|---:|
| 1 | Арматуш | 41 |
| 2 | Балдовенци | 0 |
| 3 | Бач | 160 |
| 4 | Биљаник | 0 |
| 5 | Брник | 2 |
| 6 | Брод | 57 |
| 7 | Будимирци | 30 |
| 8 | Велесело | 4 |
| 9 | Врањевци | 0 |
| 10 | Гермијан | 280 |
| 11 | Гнеотино | 32 |
| 12 | Гнилеж | 5 |
| 13 | Горно Агларци | 165 |
| 14 | Градешница | 80 |
| 15 | Грумази | 15 |
| 16 | Груништа | 3 |
| 17 | Далбеговци | 162 |
| 18 | Добродрвени | 18 |
| 19 | Добромири | 300 |
| 20 | Долно Агларци | 160 |
| 21 | Долно Орехово | 50 |
| 22 | Живојно | 182 |
| 23 | Зовиќ 1 | 30 |
| 24 | Зовиќ 2 | / |
| 25 | Ивени | 5 |
| 26 | Маково | 60 |
| 27 | Мегленци | 20 |
| 28 | Новаци | 1380 |
| 29 | Ново Село | 0 |

| | | |
|---|---|---|
| 30 | Орле | 20 |
| 31 | Паралово | 10 |
| 32 | Петалино | 0 |
| 33 | Полог | 0 |
| 34 | Рапеш | 60 |
| 35 | Рибарци | 140 |
| 36 | Скочивир | 30 |
| 37 | Сливица | 3 |
| 38 | Совиќ | 0 |
| 39 | Старавина | 15 |
| 40 | Суво Дол | 0 |
| 41 | Тепавци | 30 |
| | **ВКУПНО** | **3549** |

Извор: Завод за статистика на Република Македонија, попис, 2002.

Од Табелата 5. погоре може да се забележи дека руралниот дел од територијата на ЛАГ-от кој и припаѓа на Општина Новаци се состои од 41 села од кои најголемо е општинскиот центар Новаци со 1.283 жители, дури осум (Балдовенци, Биљаник, Врањевци, Добродрвени, Ново Село, Петалино Полог и Совиќ) се целосно напуштени, а дополнителни 8 (Брник, Суво Дол, Груништа, Сливица, Велесело, Гнилеж, Ивени и Паралово) се со број на население помало од 10 жители. Дополнителни 16 села имаат број на жители помал од 100.

Во Табелата 6 подолу е дадена дистрибуцијата на селата на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија според бројот на жители.

**Табела 6. Дистрибуција на селата на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија според бројот на жители**

| Број на жители | Број на села | Учество (%) |
|---|---|---|
| 0 | 16 | 9.41% |
| 1 - 10 | 16 | 9.41% |
| 11 - 50 | 29 | 17.06% |
| 51 - 100 | 20 | 11.76% |
| 101 - 200 | 29 | 17.06% |
| 201 - 300 | 24 | 14.12% |
| 301 - 500 | 20 | 11.76% |
| 501 - 1.000 | 9 | 5.29% |
| > 1.000 | 7 | 4.12% |
| **Вкупно:** | **170** | **100** |

Од Табелата 6 погоре може да се забележи дека 9,41% од селата на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија се напуштени, најголем број од селата имаат број на жители во дијапазонот 11 -50 жители и 101 - 200 жители (17,06%), а само 16 села (9,41%) имаат број на жители поголем од 500.

Поради својата положба Пелагонија претставува важно сообраќајно подрачје кое поврзува повеќе региони. Сообраќајното значење на Пелагонија е посебно големо поради близината на државните граници кон Република Грција и Република Албанија. Низ самата Пелагониска котлина водат

повеќе патни правци како магистралниот пат А3 кој на североисток се поврзува со автопатот „Александар Македонски“ кој е дел од меѓународниот коридор X (Скопје - Солун), а на запад преку Ресен се поврзува со Охрид и меѓународниот коридор VIII. Низ територијата на ЛАГ-от Пелагонија поминуваат следните патишта:

**1) А Патишта (автопатишта, експресни патишта, магистрални патишта)**

| # | Ознака | Релација |
|---|---|---|
| 1 | **А3** | Крстосница Требениште (врска со А2) – крстосница Подмоље – Охрид-Косел-Ресен-Битола-Прилеп-Велес-Штип-Кочани-Делчево-граница со Бугарија (ГП Рамна Нива), и делница Битола (Крстосница Кукуречани) – граница со Р. Грција (ГП Меџитлија), делница Косел (врска со А3) - Охрид - граница со Р. Албанија (ГП Љубаништа) |

**2) Р1 Регионални патишта**

| # | Ознака | Релација |
|---|---|---|
| 1 | **Р1101** | Прилеп (врска со А2 )- Битола - Макази - Царев Двор (врска со Р1307) |
| 2 | **Р1107** | Градско (врска со А1)-Росоман-Кавадарци-Мушов Гроб-Витолиште-Лагово (врска со А3) и делница Мајдан-граница со Р.Грција (ГП Пулевец) |
| | | |
| 3 | **Р1305** | Кукуречани (врска со А3) - Демир Хисар - Другово (врска со А2) |
| 4 | **Р1311** | Битола (врска со Р1101)-Новаци-Маково-Чаниште-Расимбегов Мост (врска со Р1107) и делница Рапеш-Старавина (врска со Р2338) |

**3) Р2 Регионални патишта**

| # | Ознака | Релација |
|---|---|---|
| 1 | **Р2331** | Битола (врска со Р1101) -Ниже Поле-Пелистер-Брајчино-Љубојно (врска Р1308) |
| 2 | **Р2332** | Битола со Р1307 (Царина)-Трпејца (врска со А3 и Р1301)<br>(Битола - Ресен - Национален Парк Галичица - Охрид) |
| 3 | **Р2333** | Битола (врска со А3) - Бистрица - Драгош |
| 4 | **Р2338** | Меџитлија (врска со А2к)-Гермијан-Старавина-Градешница-Бешиште-врска со Р1107 |
| 5 | **Р2340** | Врска со Р1101 -Добрушево-Новаци-Бач (врска со Р2238) |
| 6 | **Р2347** | Кажани (врска со А3) - Лера - Стрежево - Црновец - Лопатица (врска со Р1305) |

**4) Р29 Регионални патишта**

| # | Ознака | Релација |
|---|---|---|
| 5 | **Р29175** | Могила (врска со Р1101)-Буднаково-врска со Р2340 |
| 18 | **Р29371** | Врска со А-Кривени-Слоештина-врска со Р1305 |
| 19 | **Р29372** | Врска со А3-Ротино-детско одмаралиште-Бегова Чешма (Пелистер) |

Низ територијата на ЛАГ-от Пелагонија минува и железничката пруга Битола - Прилеп - Велес, а која продолжува кон Солун во Република Грција. Делот од пругата меѓу Битола - Кременица (граница со Република Грција) не е во употреба повеќе од 20 години, но во наредниот период планирана е нејзина обнова и ревитализација .

Најблискиот аеродром е аеродромот Св. Апостол Павле во Охрид на оддалеченост од 80 км од Битола. Аеродромот Александар Велики во Скопје е на оддалеченост од 159 км, додека аеродромот во Солун, Република Грција е на оддалеченост од 174 км.

Градот Битола на север е опколена од четири поврзани ридови, со височина од 640 до 890 м, наречени Баир, кои се дел од Облаковско-снеговската планина (1.430 м). Од југ, градот е заграден со ридот Тумбе Кафе, со височина од 744 м кој е огранок на повисокиот планински локалитет Неолица, а таа пак е дел од пространата Баба Планина. Кон исток, Битола е широко отворена кон котлинското дно на Пелагонија, а кон запад, кон флувиоглацијалните наноси на реката Драгор, широката ѓаватска преграбенска долина и високиот Пелистер. Теренот на кој лежи Битола е наведнат од 715 до 585 м, од запад кон исток, односно од Пелистер и Баба Планина кон пелагониската котлина, и тоа од 710 до 590 м со што градот има средна надморска височина од 650 м.
Релјефот на планинскиот масив на Баба планина кој е препознатлив како Пелистер го сочинуваат повеќе врвови повисоки од 2.000 м од кој највисокиот Пелистер изнесува 2.601 м кои се протегаат величенствени панорами на исток кон Пелагониската котлина и Кајмакчалан, а на запад кон Преспанското езеро и Галичица. Масивот на Баба планина е изграден од гранитни маси кои формираат уникатен морфолошки релјеф, а посебно се истакнува глацијалниот релјеф во алпскиот дел од планината.
Во поголемиот дел релјефот во Општина Демир Хисар е ридско-планиски, а мал дел по течението на Црна Река е низински. Посебно обележје на овој дел од територијата на ЛАГ-от се планините Бигла, Илинска и Плакенска планина на која се наоѓа највисокиот врв од 2.000 м, која ја го одделува Демир Хисар од Охридско-Преспанскиот регион. На југоисточната страна е планината Древеник.
Територијата на ЛАГ-от во делот на Општина Новаци може да се подели на две релјефни целини и тоа: 1) рамничарски дел и 2) ридско -планински дел. Рамничарскиот дел располага со голем фонд на обработливо земјиште што се користи за земјоделско производство. Ридско-планинскиот дел е претежно со благи падини, додека планинскиот дел го сочинуваат: Дрен, Селечка планина и планината Ниџе со врвовите Кајмакчалан (2.520 м), Ниџе (2.361 м) и Добро поле (1.815 м).
Релјефот во општина Могила е низински и тој зафаќа простор во средишните делови на Битолското Поле, во сливното подрачје на Црна Река и долното течение на нејзината десна притока Шемница.

Територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија има богат хидро потенцијал кој дава можност за изградба на акумулации. Река Црна ги спојува сите 4 општини на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија. Таа е најголема десна притока на реката Вардар и нејзината должина изнесува 207 км. Изворишниот дел на Река Црна се наоѓа во Демир Хисар, а го сочинуваат две рекички: Илинска и Церска Река. Пред с. Железнец тие се спојуваат и продолжуваат да течат под заедничко име Црна. Меѓутоа, како вистински извор на Црна се смета врелото Црна Дупка над с. Железнец со надморска височина од 760 м. Од изворот до селото Бучин, Црна Река тече низ Демирхисарско, а оттука до селото Скочивир (општина Новаци) низ нашата најголема котлина Пелагонија. Низ Пелагонија таа има правец на течење север-југ, а од атарот на селото Брод (општина Новаци) прави лак и свртува кон исток и североисток. Од селото Скочивир таа влегува во Скочивирската Клисура, најдолга клисура во Македонија, долга 104 км.

Пелистер како подрачје изобилува со извори, потоци и планински реки, а има и две глацијални езера. Пелистерскиот масив е испресечен со поголем број на живописни планински реки низ кои

течат бистри и ладни води. Едни од водите течат кон Преспанското Езеро и припаѓаат на Јадранскиот слив, а други преку Пелагонија, на Егејскиот слив. Од високите планински била кон околните котлини се спуштаат 23 речни текови. Тие имаат изразит планински карактер. Најдолг водотек на Пелистер со должина од 46 км е реката Шемница.

Од хидрографските објекти, со посебна привлечност се двете глацијални езера - Големото и Малото Езеро на Пелистер, познати како "Пелистерски Очи". Големото Езеро лежи на надморска височина од 2.218 м. Тоа е едно од највисоките глацијални езера во Македонија. Се протега во правецот север-југ. Зафаќа површина од 4.2 ха.  Долго е 223 м, широко 162 м, со длабочина од 14.5 м. Малото Езеро лежи на 2.180 м. Се наоѓа во изворишната челенка на Црвена Река. Долго е 79 м, широко 68 м, со длабочина од 2.6 м. Оддалечено е околу 2 км од Големото Езеро, во северозападен правец. Покрај нив на Пелистер се наоѓа и глацијалното езеро Орлова Бара (42 x 28 м) на 2.038 м.н.в.

Стрежевското Езеро или само Стрежево е вештачка акумулација во средниот тек на реката Шемница, десна притока на Црна Река. Браната е изградена од насипан чакал и од камен, со глинено јадро. Висока е 72 м, со должина на круната од 632 м, и ширoчина од 10 м. Езерото е долго 6,5 км, а средната широчина при максимално ниво на водата изнесува 1 км. Во езерото се акумулираат 116.820.000 $м^3$ вода. Езерото редовно се порибува. Од ова езеро со вода за пиење се снабдува градот Битола и поголем дел од Пелагонискиот регион, а исто така обезбедува сигурносна вода за РЕК Битола.

Во околината на Демир Хисар има 3 вештачки езера. Струговското Езеро се наоѓа на само 3 км од градот Демир Хисар, во близина на месноста Крагуево. Над селото Суводол во падините на планината Древеник се изградени две вештачки езера: Долно и Горно Суводолско Езеро. Езерата се скриени во длабока шума и богати се со риба.

Од апсект на климата, територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија има модофицирана умерено-континентална клима со чисто изразени годишни сезони. Зимата е влажна и студена, а летото топло и суво. Есента е знатно потопла од пролетта и преминот од зима кон лето е побрз отколку обратно. Просечната годишна сума на сончевиот сјај во Пелагонија изнесува 2.332 часа. Просечната годишна температура изнесува 11,5 $^{o}C$. Средно годишно максимална температура е 17,4 $^{o}C$, а средно годишно минимална 5,3 $^{o}C$.
Врнежите се полн одраз на медитеранското климатско влијание на овој елемент. Летните месеци се со малку врнежи, а доцните есенски се најврнежливи. Врнежите се најчесто од дожд просечно 70-80%, а снегот е ограничен воглавно во зимските месеци.
Мразниот период е долготраен во просек започнува во октомври, а завршува во мај, но стварниот број на мразни денови е значително помал од деновите на просечниот мразен период.
Просечно годишно во Пелагонија паѓаат 647 мм дожд. Ветровите се воглавно од север и југ, а поретко се од останатите правци. Недостигот на врнежи и влага во летниот период во многу се компензира со хидромелиоративниот систем Пелагонија.

Главната метеоролошка станица се наоѓа во Битола и истата започнува со работа од 16.03.1945 година иако за одредени метеоролошки елементи, има систематски податоци уште од од 1926/27 година. Метеоролошката станица во градот се наоѓа на надморска височина од 587 м. Според, метеоролошките податоци, градот има средна годишна температура на воздухот од 11,1$^{o}C$, но со големи отстапувања во одредени години од 10,1$^{o}C$ во 1975 година до 13,1$^{o}C$ во 1952 г. Најстуден месец е јануари, со просечна месечна температура од 0,6$^{o}C$, но со апсолутна минимална

температура од -30,4$^{o}$C. Најтопол месец е јули, со средна месечна температура од 22.2$^{o}$C и со апсолутно максимална температура од 41,2$^{o}$C. Апслолутното годишно варирање на температурата во воздухот изнесува 71,6 $^{o}$C што е специфично за подрачјата со континентална клима. Пролетните и есенските месеци се со пријатни температури на воздухот, но истите можат да добијат специфики и на продолжена зима или на продолжено лето. Според тоа, во Битола, климата, во основа, е со умерено-континентален карактер, со нагласена континентална компонента, со динамична и со нестабилна клима на суво многу топло лето и на зимски период поделен на пократок, сув и студен. Поинаку кажано, температурата има специфика на континентална клима, а врнежите на сушна изменето-медитеранска или степска клима која, на моменти, има пробиви и на жешки воздушни маси од Северна Африка – Сахара.
Просечното годишно количество на врнежи во 2013 година изнесувало 621,6 мм.
Битола исто така е пример со појавата на поларна светлина. Преку Битола поминува изохазмата (линија која поврзува места со еднаков број на денови со појава на поларна светлост) 0,1, што значи дека на небото на Битола просечно само еднаш во 10 години, се појавува поларната светлост.

Просторот на микро регионот Демир Хисар се карактеризира со типично континентална клима. Просечно годишна температура на воздухот изнесува 11,4$^{o}$C. Највисоки средно-месечни температури се јавуваат во јули и изнесуваат 22,6$^{o}$C, а најладен месец е јануари со средно-месечни температури од 0,3$^{o}$C. Амплитудата на екстремните температури се движи од -28,4$^{o}$C до 40,3$^{o}$C или 68,7$^{o}$C. Средно годишно се јавуваат 83,1 мразни денови од кои најголем број во јануари 23,5 дена, во февруари 19,1 и декември 17,8 денови.
Инсолацијата е со релативно мал просечен годишен број на часови со сончев сјај (1.951 часа). Ниската инсолација е резултат на доста високата облачност која во општина Демир Хисар средно годишно изнесува 5,2 десетини.
Врнежите се со медитерански плувиометриски режим, а количините на падавини се движат од 740 мм во рамничарскиот дел до 1.100 мм на планините. Максималните врнежи се јавуваат во ноември и мај, со тоа што во зимската половина од годината врнежите се поголеми и главно во вид на снег. Сушите се ретки појави и најчесто се краткотрајни до 10 дена. Ветровите главно дуваат од северен и западен правец со умерени брзинии главен максимум во зимскиот и пролетниот период.
Евидентна е појавата на слана, која се јавува просечно годишно 54 дена со осетно варирање на вкупниот број на денови од 21 до 78 дена.
Основни податоци за климата на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија се дадени во табелите подолу.

**Табела 7. Локација на главни метеоролошки и обични климатолошки станици, 2013**

| | Географски координати | | | | Надморска височина во метри | Дата од кога работи станицата |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ширина | | должина | | | |
| | степени | минути | степени | минути | | |
| Битола[1] | 41 | 3 | 21 | 22 | 587 | 16. 3. 1945 |

Извор: Државен завод за статистика, Статистички годишник, 2014.

[1] Главна метеоролошка станица која работи непрекинато

**Табела 8. Врнежи во мм, 2013 година**

| МС Битола | Годишни врнежи | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2008 - 2012 | 646.9 | 57.2 | 58.5 | 51.0 | 53.3 | 67.7 | 31.5 | 15.5 | 20.9 | 65.0 | 83.0 | 54.5 | 88.9 |
| 2013 | 621.6 | 74.9 | 93.4 | 50.0 | 83.4 | 61.3 | 50.8 | 17.2 | 6.3 | 18.7 | 40.4 | 69.5 | 55.7 |

Извор: Државен завод за статистика, Статистички годишник, 2014.

**Табела 9. Температура на воздухот во $C^o$, во 2013 година**

| МС Битола | | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2008-2012 | | -0.1 | 2.2 | 7.2 | 11.8 | 16.3 | 20.8 | 23.9 | 23.5 | 18.4 | 11.8 | 7.8 | 3.0 |
| 2013 | Сред. | 2.1 | 4.7 | 7.7 | 13.3 | 17.8 | 20.4 | 22.6 | 23.8 | 18.3 | 12.5 | 8.8 | 0.8 |
| | Макс. | 14.9 | 16.3 | 18.9 | 29.0 | 30.5 | 35.6 | 38.0 | 35.0 | 30.3 | 27.0 | 23.5 | 11.0 |
| | Мин. | -9.9 | -4.7 | -3.4 | 0.6 | 3.3 | 6.3 | 9.8 | 12.4 | 4.8 | -1.4 | -5.0 | -8.8 |

Извор: Државен завод за статистика, Статистички годишник, 2014.

**2. Состав и квалификување на ЛАГ**

Во Табелата 10. подолу се дадени податоци за основачите на ЛАГ-от ПеЛАГонија.

**Табела 10. Основни податоци за основачите на ЛАГ-от ПеЛАГонија**

| | |
|---|---|
| Место и датум на основање на ЛАГ-от | Битола, 16.04.2014 |
| Број на основачи на ЛАГ-от | 13 |
| Број на основачи на ЛАГ-от од јавниот сектор | 5 |
| Број на основачи на ЛАГ-от од граѓанскиот сектор | 6 |
| Број на основачи на ЛАГ-от од приватниот сектор | 2 |
| Број на членови на ЛАГ-от | 23 |
| Број на членови на ЛАГ-от од јавниот сектор | 6 |
| Број на членови на ЛАГ-от од граѓанскиот сектор | 12 |
| Број на членови на ЛАГ-от од приватниот сектор | 5 |

Извор: ЛАГ ПеЛАГонија, 2014.

**3. Основање на раководно тело на ЛАГ**

Основачкото Собрание на Здружението за рурален развој Локална Акциона Група ПеЛАГонија - Новаци е одржано на 16.04.2014 година. На основачко собрание присуствуваа вкупно 23 членови.
На Основачкото Собрание беа донесени следните одлуки:
1. Одлука (Акт) за основање на ЗРР ЛАГ ПеЛАГонија - Новаци
2. Програма за дејствување на ЗРР ЛАГ ПеЛАГонија - Новаци
3. Програма за дејствување на ЗРР ЛАГ ПеЛАГонија - Новаци
4. Статут на ЗРР ЛАГ ПеЛАГонија - Новаци и
5. Избор на органи на ЗРР ЛАГ ПеЛАГонија - Новаци:
    - Управен Орган
    - Надзорен Орган
    - Претседател.

Според Статутот, Член 26, ЛАГ-от ПеЛАГонија ги има следните органи:
1. Собрание;
2. Управен орган и
3. Надзорен орган.

Согласно Член 27 од Статутот, Собранието е највисок орган на ЛАГ-от и во него учествуваат сите редовни членови на ЛАГ-от. Правното лице кое е редовен член на ЛАГ-от во Собранието е застапено преку еден претставник, односно лицето овластено за застапување на тоа правно лице. Собранието работи на седници. Седниците можат да бидат редовни и вонредни. Со работа на Собранието раководи Претседателот на ЛАГ-от. На Собранието се одлучува со јавно гласање. Редовна седница на Собранието се одржува најмалку еднаш годишно. Седница на Собранието свикува Претседателот на ЛАГ-от. Според Член 29, Собранието го избира и разрешува Претседателот на ЛАГ-от.

Согласно Член 30 од Статутот, Управниот орган е извршен орган на Собранието на ЛАГ-от. Управниот орган е колективно и координативно тело на ЛАГ-от кое ги организира и врши тековните работи на ЛАГ-от помеѓу две седници на Собранието и носи одлуки од своја надлежност. Управниот орган е составен од петнаесет членови на ЛАГ-от, избрани од страна на Собранието на ЛАГ-от, со мандат од 2 години и притоа постои можност повторно да бидат избрани на иста должност. Претседателот на ЛАГ-от е член на Управниот орган според својата функција. Претседателот на ЛАГ-от е воедно и Претседател на Управниот орган.
При избирањето на членови за Управниот орган, Собранието се грижи за соодветна застапеност на членовите на ЛАГ-от во неговиот состав, обезбедувајќи при тоа најмалку 50% да сочинуваат членови кои ги претставуваат граѓанскиот (здруженија на граѓани за заштита на животна средина, здруженија за заштита и промоција на културни и социјални аспекти и маргинализирани групи, земјоделски производители, граѓани, итн.) и деловниот сектор (земјоделски задруги, деловни субјекти, деловни здруженија, стопански комори, итн.).
Минимум 20% од членовите на Управниот орган мора да се претставници на јавниот сектор.
Управниот орган треба да биде репрезентативен т.ш. најмалку 2 члена мора да бидат на возраст од 18 до 25 години во времето на избор во Управниот орган и удел на жените да биде поголем од 35%, односно најмалку 6 членови мора да бидат жени.
Со оглед на бројот на жители на територијата на делувањето на ЛАГ-от, во Управниот орган се избираат членови кои ја претставуваат територијата на која делува ЛАГ-от.

Членови на УО на Здружението за рурален развој ЛАГ ПеЛАГонија - Новаци се:
1. Виолета Налевска
2. Игор Златков
3. Катерина Чукалевска
4. Гордана Лазаревска - Стефановска
5. Јулијана Талевска
6. Никола Горѓиевски
7. Александар Груевски
8. Славица Георгиев
9. Елена Ѓеоргиевска
10. Марија Смилевска
11. Светлана Петковска
12. Петар Андонов
13. Слаѓана Урдаревиќ
14. Зоранче Сакурмовски
15. Мендо Трајковски

Управниот Одбор брои 15 членови.

Според Член 34 од Статутот, Надзорниот орган ја надгледува законитоста на работењето на ЛАГ-от согласно Статутот, а особено во делот на материјално - финансиското работење. Надзорниот орган е составен од три члена на ЛАГ-от, кои неможат да бидат членови на Управниот орган и Претседател на ЛАГ-от. Мандатот на членовите на Надзорниот орган е 2 години и притоа постои можност да бидат реизбрани на иста должност.

Надзорен Одбор на ЗРР ЛАГ ПеЛАГонија - Новаци се состои до следните членови:
1. Томе Крстевски
2. Пеце Чавдаровски и
3. Жаклина Стојановска.

Претседател на Здружението за рурален развој ЛАГ ПеЛАГонија - Новаци е г-ѓа Светлана Петковска, Претседател на Организација на жени на Општина Битола - Битола.

## 4. Процес на изработување на стратегијата на ЛАГ

Целиот процес на основање на ЛАГ и изработка на Стратегија за локален развој на руралните заедници беше поддржан преку проектот „Воведување и спроведување на ЕУ ЛЕАДЕР пристапот во Пелагонискиот регион", со скратен назив „ПеЛАГонија ЛЕАДЕР" кој го спроведува од страна на Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион (ЦРППР) како компонента од УСАИД проектот „Експанзија на мали бизниси" управуван од Корпорацијата КАРАНА. времетраењето на проектот е 36 месеци со можност за продолжување. Подетални информации за проектот се дадени во Прилог 14.1.

Во рамки на проектот од страна на ЦРППР беше внимателно дизајниран сеопфатен процес за воведување на ЛЕАДЕР пристапот на територијата на 4 општини: Битола, Демир Хисар, Могила и Новаци. Најпрвин беше обезбедена политичка поддршка за процесот од страна на Градоначалниците на територијата на ЛАГ-от и беа идентификувани клучните заинтересирани страни. Тие претставуваа јадро за формирање на неформално јавно-приватно партнерство според принципите на ЛЕАДЕР пристапот, кое потоа беше формално регистрирано како ЛАГ. Целиот процес се спроведуваше врз основа на принципите на непрофитност, стручност, непристрасност, независност, доброволност, солидарност, одговорност и транспарентност. Заинтересираните страни се согласија активностите да ги спроведуваат согласно карактеристиките на доброто владеење: учество, контрола и почитување на законите и прописите, транспарентност и одговорност, лидерство, ориентација кон градење на консензус, еднаквост, диверзитет и етика и ефективност и ефикасност. Истите подоцна беа вградени како фундаментални принципи во Меморандумот за разбирање за формирање на локално јавно - приватно партнерство како неформална организација и во Статутот на ЛАГ-от.
ЦРППП беше движечка сила, го фацилитираше целиот процес и спроведе бројни активности според принципите на ЕУ ЛЕАДЕР пристапот кои се презентирани подолу според нивниот хронолошки редослед:

**1. Инфо ден, 26.11.2012, Битола**
Тема: „Основни информации за ЕУ ЛЕАДЕР пристапот".
Цели на настанот:
• Да се добијат информации за проектот ПеЛАГонија ЛЕАДЕР
• Да се добијат основни информации за ЕУ ЛЕАДЕР пристапот
• Да се дефинираат потребите за почеток на процесот за воведување на ЕУ ЛЕАДЕР пристапот во Пелагонискиот регион
• Да се добијат идеи за можни пилот проекти

**2. Работилница, 21.01.2013, Битола**
Тема: „Детално објаснување на принципите на ЕУ Леадер пристапот".
Цели на настанот:
• Да се добијат подетални информации за ЕУ Леадер пристапот
• Да се добијат информации за потребните чекори за воведување и спроведување на ЕУ ЛЕАДЕР пристапот во Пелагонискиот регион
• Да се дефинира капиталот на територијата на ЛАГ-от
• Да се дефинира територијата и можните членови на ЛАГ.

**3. 1-ва обука, 04.03.2013, Битола**
Тема: „Воспоставување на партнерство и формирање на ЛАГ-ови“.
Цели на настанот:
• Да се добијат информации за добро владеење и како се мобилизираат локалните заедници
• Да се добијат информации за референтни национални документи и документи на ЕК на што се однесуваат на територијата на формирање на ЛАГ-овите
• Да се добијат информации за постапка за формирање на ЛАГ-от

**4. 2-ра обука, 01.04.2013, Битола**
Тема: „Вмрежување на локалните заинтересирани страни“.
Цели на настанот:
• Да се разбере важноста и користа од мрежите и вмрежувањето за успешен регионален рурален развој;
• Да се добијат информации за различни видови на мрежи;
• Да се разбере улогата на менаџментот на вмрежување;
• Да се зголеми свесноста за факторите на успешност за вмрежување.

**5. 3-та обука, 15.04.2013, Битола**
Тема: „Вештини за спроведување на анализа и проценка на локалните заинтересирани страни“.
Цели на настанот:
• Учесниците да се запознаат со терминот заинтересирани страни
• Учесниците да разберат зошто е потребна анализа на локалните заинтересирани страни
• Учесниците да се запознаат со различни алатки за спроведување на анализа и проценка на локалните заинтересирани страни
• Учесниците да се здобијат со познавања како да ги вклучат заинтересираните страни за да се обезбеди успех

**6. 4-та обука, 13.05.2013, Битола**
Тема: „Вештини за спроведување на анализа на територијата“.
Цели на настанот:
• Учесниците да се запознаат со терминот анализа на територијата
• Учесниците да разберат зошто е потребна анализа на територијата
• Учесниците да се запознаат со различни алатки (ПЕСТ анализа, SWOT анализа)

**7. Прв состанок за воспоставување на локална акциона група (ЛАГ), 20.06.2013, Битола**
Цели на настанот:
• Клучните заинтересирани страни го дискутираа и донесоа Меморандумот за разбирање за формирање на локално јавно - приватно партнерство како неформална организација според принципите на ЛЕАДЕР пристапот.
• Членовите на јавното - приватно партнерство дефинираа име на партнерството.
• Визијата на партнерството е дефинирана од страна на членовите на локалното јавно - приватно партнерство, како „посакувана“ состојба на развојот кон која што заеднички се стремат.
• Членовите на јавното-приватно партнерство ги поставија следните специфични цели за своето партнерство
• Членовите на јавното-приватно партнерство избраа Претставник кој е истовремено и фацилитатор и кој настапува во име на потенцијалната Локална Акциона Група.

**8. Втор состанок за воспоставување на локална акциона група (ЛАГ), 05.07.2013, Битола**

Цели на настанот:
• Членовите на јавното-приватно партнерство го потпишаа Меморандумот за разбирање за формирање на локално  јавно - приватно партнерство како неформална организација според принципите на ЛЕАДЕР пристапот.
• Членовите на јавното-приватно партнерство ги дискутираа прашањата за можниот број на членови основачи на ЛАГ-от, бројот на членовите на УО и можната локација на седиштето на ЛАГ-от.
• Членовите на јавното-приватно партнерство го одобрија Формуларот за Мобилизирање на дополнителни членови во локалното јавно-приватно партнерство.

**9. Трет состанок за воспоставување на локална акциона група (ЛАГ), 18.10.2013, Битола**
Цели на настанот:
• Членовите на ЈПП ПеЛАГер го разгледаа и дискутираа за Статутот на Локалната Акциона Група ПеЛАГонија која треба во иднина да се регистрира како правен субјект.
• Членовите на ЈПП Партнерство ПеЛАГер постигнаа договор за прашањата за бројот и основачите на ЛАГ-от, бројот и членовите во УО, локација на седиштето на ЛАГ-от и датумот на основачкото Собрание.
• Членовите на ЈПП Партнерство ПеЛАГер добија сертификати за учество на работилниците и обуките во рамки на проектот „ПеЛАГонија ЛЕАДЕР"

**10. 1-ва Работилница за изработка на стратегија на ЛАГ-от ПеЛАГонија за локален развој на руралните средини, 13.03.2014, Битола**
Цели на настанот:
• Членовите на ЛАГ-от ПеЛАГонија да се запознаат со изработената Проценка на локалните потреби и капацитети во руралните области на територијата на општините Битола, Новаци, Могила и Демир Хисар врз база на прашалниците  што ги дистрибуираа членовите на ЛАГ-от.
• Членовите на ЛАГ-от ПеЛАГонија да се запознаат со Правилникот за содржината и методолигијата за подготовка на стратегиите за локален развој на руралните средини и начинот на нивното одобрување (Сл. Весник бр. 40 од 14.3.2013).
• Членовите на ЛАГ-от ПеЛАГонија ја дефинираа територијата на ЛАГ-от.
• Членовите на ЛАГ-от ПеЛАГонија изработија „Мапа на заинтересирани страни" на територијата на ЛАГ-от.
• Членовите на ЛАГ-от ПеЛАГонија изработија анализа и проценка на локалните заинтересирани страни со употреба на алатките: 4А Матрица и Анализа на системот на соработка.

**11. 2-ра Работилница за изработка на стратегија на ЛАГ-от ПеЛАГонија за локален развој на руралните средини, 16.04.2014, Битола**
Цели на настанот:
• Членовите на ЛАГ-от ПеЛАГонија изработија SWOT анализа за територијата на ЛАГ-от.
• Членовите на ЛАГ-от ПеЛАГонија дефинираа Визија за развој на територијата
• Членовите на ЛАГ-от ПеЛАГонија дефинираа Мисија на ЛАГ-от
• Членовите на ЛАГ-от ПеЛАГонија дефинираа стратешки цели, приоритети и мерки во стратегијата за локален развој на руралните средини

**12. 3-та Работилница за изработка на стратегија на ЛАГ-от ПеЛАГонија за локален развој на руралните средини, 13.06.2014, Битола**
Цели на настанот:

• Членовите на ЛАГ-от ПеЛАГонија  дефинираа мерки во стратегијата за локален развој на руралните средини;
• Членовите на ЛАГ-от ПеЛАГонија дефинираа индикатори за стратешките цели и приоритети;
• Членовите на ЛАГ-от ПеЛАГонија изработија План на активности за спроведување на стратегијата за за локален развој на руралните средини;
• Членовите на ЛАГ-от ПеЛАГонија се запознаа со начинот на следење и оценување на спроведувањето на Планот на активности и
• Членовите на ЛАГ-от ПеЛАГонија изработија финансиски план за спроведување на стратегијата за локален развој на руралните средини.

## 5. Територијална анализа на локалната област

### 5.1 Население

**Табела 12. Вкупно население, домаќинства и станови на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија, по општини, според административно-територијалната организација од 2004**

| Општина | Вкупно население | Домаќинства | Станови (сите видови живеалишта) |
|---|---|---|---|
| **Вкупно на територијата на 4-те општини[2]** | **115.141** | **34.905** | **45.660** |
| **Битола** | **95.385** | **28.942** | **37.225** |
| Урбан дел (Град Битола) | 74.550 | 23.010 | 28.155 |
| **Рурален дел (65 Села)** | 20.835 | 5.932 | 9.070 |
| **Демир Хисар** | 9.497 | 2.987 | 4.327 |
| **Новаци** | 3.549 | 1.125 | 1.723 |
| **Могила** | 6.710 | 1.851 | 2.385 |
| **Вкупно на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија** | **40.591** | **11.895** | **17.505** |

Извор: Државен завод за статистика, Попис 2002 год.; Профил на Битола.

Од Табелата 12. може да се забележи дека на територијата на 4-те општини Битола, Демир Хисар, Новаци, Могила, според Пописот од 2002 година вкупното население изнесува 115.141 жители од кои урбаното население во градот Битола изнесува 74.550 жители (64,7%), додека руралното население изнесува 40.591 жители (35,3%), што соодвествува на бројот на жители на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија. Најголем дел од руралното население на територијата на ЛАГ-от живее во Општина Битола (20.835), додека приближно ист број живее (19.756) на територијата на преостанатите 3 општини. Вкупниот број на домаќинства на територијата на ЛАГ-от изнесува 11.895 (34%) од вкупниот број на територијата на 4-те општини Битола, додека бројот на сите видови живеалишта изнесува 17.505 (38,3%).

Од Табелата 13. може да се забележи дека бројот на население на територијата на 4-те општини има постојан тренд на намалување во периодот 2005 - 2013 година, и притоа индексот 2013/2005 изнесува 0,9715, што значи дека бројот на вкупно населението се намалил за 2,85% во периодот 2005 - 2013 година. Населението е намалено во сите 4 општини. Најмало е намалувањето на населението во општина Битола (нема информации за намалувањето во руралниот дел) и изнесува 1.82%, додека најголемо е во општина Новаци со 9.83%. Во општина Могила населението се намалило за 5.98%, додека во Демир Хисар намалувањето изнесува 8.37%.

[2] Ги вклучува и податоците за урбаниот дел на Битола (градот Битола).

**Табела 13. Население на територијата на 4-те општини кои го сочинуваат ЛАГ-от ПеЛАГонија по години (30.06.200X)**

| Општина | Вкупно | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2005** | **2006** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** |
| Битола | 94496 | 94313 | 94073 | 93823 | 93689 | 93585 | 93380 | 93070 | 92777 |
| Демир Хисар | 9336 | 9231 | 9131 | 9034 | 8931 | 8826 | 8734 | 8652 | 8555 |
| Могила | 6803 | 6737 | 6654 | 6596 | 6573 | 6542 | 6504 | 6451 | 6396 |
| Новаци | 3600 | 3554 | 3511 | 3473 | 3428 | 3386 | 3350 | 3298 | 3246 |
| **Вкупно на територијата на 4-те општини** | **114235** | **113835** | **113369** | **112926** | **112621** | **112339** | **111968** | **111471** | **110974** |

Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза.

Во Табелата 14. подолу е даден приказ на вкупното население на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија според возраста. Според податоците може да се забележи дека на територијата на ЛАГ-от најбројна поединачна возрасна група е 30 - 44 години со учество од 21,13%. Исто така се забележува дека бројот на население со возраст поголем од 60 години изнесува 1.235 жители (25,2%).

**Табела 14. Вкупно население на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија според возраста, попис 2002**

| Општина | Вкупно | Возрасни групи (мажи и жени) | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **0-14** | **15-29** | **30-44** | **45-59** | **60-74** | **75-85+** | **непозната возраст** |
| Битола | 95.385 | 16.228 | 20.665 | 20.224 | 19.549 | 13.815 | 4.874 | 30 |
| урбан дел | 74.550 | 12.552 | 16.391 | 15.699 | 15.887 | 10.373 | 3.629 | 19 |
| рурален дел | 20.835 | 3.676 | 4.274 | 4.525 | 3.662 | 3.442 | 1.245 | 11 |
| Демир Хисар | 9.497 | 1.452 | 1.661 | 1.967 | 1.730 | 1.947 | 735 | 5 |
| Могила | 6.710 | 1.138 | 1.335 | 1.393 | 1.100 | 1.324 | 407 | 13 |
| Новаци | 3.549 | 491 | 621 | 693 | 609 | 803 | 332 | 0 |
| **Вкупно на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија** | **40.591** | **6.757** | **7.891** | **8.578** | **7.101** | **7.516** | **2.719** | **29** |

Извор: Државен завод за статистика, Попис, 2002.

Бидејќи не постојат податоци за урбаниот и руралниот дел на Битола (состојба 31.12.2013) направена е симулација со многу конзервативна претпоставка дека односот на урбано спрема рурално население во Општина Битола останал ист како во 2002 година (78,1% наспроти 21,9%). Податоците се прикажани во Табелата 15. подолу.

**Табела 15. Вкупно население на територијата на ЛАГ-от според возраст, состојба 31.12.2013**

| Општина | Вкупно | Возрасни групи (мажи и жени) | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **0-14** | **15-29** | **30-44** | **45-59** | **60-74** | **75-85+** | **непозната возраст** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Битола | 92.647 | 13.445 | 18.400 | 19.548 | 21.065 | 14.291 | 5.896 | 2 |
| урбан дел | 72.357 | 10.500 | 14.370 | 15.266 | 16.451 | 11.161 | 4.604 | 1 |
| рурален дел | 20.290 | 2.945 | 4.030 | 4.282 | 4.614 | 3.130 | 1.292 | 1 |
| Демир Хисар | 8.502 | 1.063 | 1.582 | 1.581 | 1.934 | 1.502 | 839 | 1 |
| Могила | 6.372 | 1.051 | 1.248 | 1.230 | 1.401 | 850 | 588 | 4 |
| Новаци | 3.225 | 502 | 583 | 594 | 751 | 444 | 351 | 0 |
| **ВКУПНО на територијата на ЛАГ-от** | **38.389** | **5561** | **7443** | **7687** | **8700** | **5926** | **3070** | **6** |

Извор: Државен завод за статистика, Статистички годишник, 2014 и пресметки на авторите.

Од табелата може да се забележи дека според проценките и направената симулација во периодот 2002 - 2013 година бројот на вкупното население се намалил од 40.591 на 38.389, или вкупно за 2.202 жители. Голема е веројатноста дека бројот е уште поголем поради поголемата миграција на руралното население.

Од споредбата на двете табели може да се забележи дека возрасните групи на население до 44 години бележат пад, додека возрасните групи постари од 45 години бележат пораст во бројот на население освен за возрасната група 60 - 74 години која има обратен тренд и се намалува.

**Табела 16. Вкупно население на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија според пол**

| Општина | Вкупно Мажи | Вкупно Жени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Битола | 46.969 | 48.416 | 95.385 |
| урбан дел | 36.355 | 38.195 | 74.550 |
| рурален дел | 10.614 | 10.221 | 20.835 |
| Демир Хисар | 4.850 | 4.647 | 9.497 |
| Могила | 3.152 | 3.558 | 6.710 |
| Новаци | 1.847 | 1.702 | 3.549 |
| **ВКУПНО на територијата на ЛАГ-от** | **20.463 (50,41%)** | **20.128 (49,59%)** | **40.591 (100%)** |

Извор: Попис, 2002.

Од Табелата 16. погоре може да се забележи дека бројот на машко население на територијата на ЛАГ-от изнесува 20.463 жители (50,41%), и е малку поголем од бројот на женско население кое изнесува 20.128 жителки (49,59%). Обратна ситуација има само во општина Могила каде бројот на жени е поголем од бројот на мажи.

Во Табелата 17., направена е симулација при што е задржан истиот однос на урбано и рурално население во Општина Битола. Може да се забележи дека бројот на население се намалува во сите општини и тоа и за мажи и за жени (освен за машката популација во Општина Могила кое се зголемило). Евидентен е падот на женската популација во Општина Могила која на крајот од 2013 година е помалубројна од машката популација. Исто така се променил односот, при што бројот на жанската популација се намалил повеќе од машката и процентот на женско население на крајот од 2013 година изнесува 48,58%.

**Табела 17. Проценка на населението, 31.12.2013**

| Општина | Вкупно Мажи | Вкупно Жени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Пелагониски регион** | **116.289** | **115.824** | **232.113** |
| Битола | 45.541 | 47.106 | 92.647 |
| урбан дел | 35.249 | 37.167 | 72.416 |
| рурален дел | 10.292 | 9.939 | 20.231 |
| Демир Хисар | 4.363 | 4.139 | 8.502 |
| Могила | 3.384 | 2.988 | 6.372 |
| Новаци | 1.669 | 1.556 | 3.225 |
| **ВКУПНО на територијата на ЛАГ-от** | **19.708 (51,41%)** | **18.622 (48,58%)** | **38.330 (100%)** |

Извор: Статистички годишник, 2014.

Во отсуство на податоци за урбаниот и руралниот дел на Општина Битола, во Табелата 18. подолу прикажан е бројот на вкупното население на територијата на 4-те општини според национална припадност.

**Табела 18. Вкупно население на на територијата на 4-те општини според национална припадност**

| Општина | Вкупно | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Власи | Срби | Бошњаци | Ост. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Република Македонија** | **2.022.547** | **1.297.981** | **509.083** | **77.959** | **53.879** | **9.695** | **35.939** | **17.018** | **20.993** |
| **Пелагониски регион** | **238.136** | **204.471** | **11.689** | **7.527** | **7.268** | **2.341** | **869** | **2.627** | **1.344** |
| Битола | 95.385 | 84.616 | 4.164 | 1.610 | 2.613 | 1.270 | 541 | 21 | 550 |
| | 100% | 88,7% | 4,36% | 1,68% | 2,74% | 1,33% | 0,56% | 0,02% | 0,57% |
| Демир Хисар | 9.497 | 9.197 | 232 | 35 | 11 | 7 | 13 | 2 | 18 |
| | 100% | 96,65% | 2,44% | 0,37% | 0,12% | 0,07% | 0,14% | 0,02% | 0,19% |
| Могила | 6.710 | 6.432 | 34 | 229 | 6 | 0 | 2 | 0 | 7 |
| | 100% | 95,86% | 0,51% | 3,41% | 0,09% | 0% | 0,03% | 0% | 0,1% |
| Новаци | 3.549 | 3.490 | 21 | 27 | 0 | 1 | 7 | 0 | 3 |
| | 100% | 98,01% | 0,59% | 0,76% | 0% | 0,028% | 0,2% | 0% | 0,08% |
| **На територијата на 4-те општини** | **115.141** | **103.717** | **4.451** | **1.901** | **2.630** | **1.278** | **563** | **23** | **578** |
| | **100%** | **90.08%** | **3.87%** | **1.65%** | **2.28%** | **1.11%** | **0.49%** | **0.02%** | **0.50%** |

Извор:  Државен завод за статистика, Попис 2002 год.

Од Табелата 18. може да се забележи дека на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија најбројно е македонското население со 90%, па потоа следуваат албанското (3,87%), ромското (2,28%) и турското (1,65%) население.

**Табела 19. Основни показатели за развојот на општините на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија, 2013**

| Општина | Живородени | Вкупно умрени | Умрени доенчиња | Природен прираст | Склучени бракови | Разведени бракови |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Република Македонија** | **23.138** | **19.208** | **237** | **3.930** | **13.982** | **2.045** |
| **Пелагониски регион** | **2.246** | **2.836** | **27** | **- 590** | **1.426** | **213** |
| Битола | 844 | 1.154 | 11 | - 310 | 600 | 76 |
| Демир Хисар | 50 | 137 | 0 | - 87 | 31 | 4 |
| Могила | 58 | 86 | 1 | - 28 | 28 | 1 |
| Новаци | 32 | 68 | 0 | - 36 | 22 | 1 |
| **На територијата на 4-те општини** | **984** | **1445** | **12** | **-461** | **681** | **82** |

Извор: Државен завод за статистика, Статистички годишник, 2014.

Од Табелата 19. погоре може да се забележи дека природниот прираст во Пелагонискиот регион во 2013 година е негативен и изнесува -590 (-0,25%). Јасно се гледа дека најголем дел од негативниот прираст во регионот се должи на Општина Битола. Исто така може да се утврди дека негативниот прираст на територијата на 4-те општини објаснува најголем дел од негативниот прираст во Пелагонискиот регион. Ако се анализира ситуацијата во трите целосно рурални општини (Демир Хисар, Могила и Новаци), природниот прираст е негативен и изнесува вкупно -151 (-0,83%) во однос на проценетиот број на население од 18.099 жители. Може да се забележи дека ситуацијата е најнеповолна во Општините Демир Хисар (-1,02%) и Новаци (-1,11%).

Констатациите се потврдуваат со Табелата 20. Стапки на раѓања, умирања и бракови во 2013 година која е прикажана подолу. Од Табелата 20. може да се забележи дека Виталниот индекс (живородени на 100 умрени) за сите 4 општини е далеку под македонскиот просек. Исто така под националниот просек е бројот на живородени, а над националниот просек е бројот на умрени.

Загрижува фактот дека бројот на умрени доенчиња на 1.000 живородени во Битола (13) и Могила (17,2) е поголем од националниот просек (10,2). Бројот на разведени бракови на 1000 склучени е помал од националниот просек во сите 4 општини, а посебно е низок во општините Могила и Новаци.

**Табела 20. Стапки на раѓања, умирања и бракови во 2013 година**

| Општини | живородени | умрени | природен прираст | склучени бракови | разведени бракови | Умрени доенчиња на 1000 живородени | Мртвородени на 100 живородени | Витален индекс (живородени на 100 ум- | Разведени бракови на 1000 склучени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | (на 1000 жители) | | | | | | | | |

| | | | | | | | рени) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Република Македонија** | **11.2** | **9.3** | **1.9** | **6.8** | **1.0** | **10.2** | **0.8** | **120.5** | **146.3** |
| Битола | 9.1 | 12.4 | -3.3 | 6.5 | 0.8 | 13.0 | 0.8 | 73.1 | 126.7 |
| Демир Хисар | 5.8 | 16.0 | -10.2 | 3.6 | 0.5 | 0.0 | 0.0 | 36.5 | 129.0 |
| Могила | 9.1 | 13.4 | -4.4 | 4.4 | 0.2 | 17.2 | 1.7 | 67.4 | 35.7 |
| Новаци | 9.9 | 20.9 | -11.1 | 6.8 | 0.3 | 0.0 | 3.1 | 47.1 | 45.5 |

Извор: Државен завод за статистика, Статистички годишник, 2014.

Во Табелите 21, 22, 23 и 24 што следуваат, се прикажани податоци за миграционите движења на територијата на 4-те општини кои влегуваат во состав на ЛАГ-от.

**Табела 21. Вкупно доселени и отселени граѓани и миграционо салдо за територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија по години**

| | **Доселени** | | | **Отселени** | | | **Миграционо салдо (МС)** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно доселени** | **Доселени од друга општина** | **Доселени граѓани во РМ од други држави** | **Вкупно отселени** | **Отселени во друга општина** | **Отселени граѓани од РМ во други држави** | **Вкупно** | **МС во рамките на РМ** | **МС во/од РМ од / во други држави** |
| Битола | 380 | 256 | 0 | 321 | 197 | 0 | 59 | 59 | 0 |
| Демир Хисар | 83 | 41 | 0 | 96 | 54 | 0 | -13 | -13 | 0 |
| Могила | 17 | 12 | 0 | 41 | 36 | 0 | -24 | -24 | 0 |
| Новаци | 15 | 14 | 0 | 21 | 20 | 0 | -6 | -6 | 0 |
| **2007** | **495** | **323** | **0** | **479** | **307** | **0** | **16** | **16** | **0** |
| Битола | 409 | 268 | 3 | 347 | 209 | 0 | 62 | 59 | 3 |
| Демир Хисар | 49 | 27 | 0 | 74 | 52 | 0 | -25 | -25 | 0 |
| Могила | 23 | 19 | 0 | 43 | 39 | 0 | -20 | -20 | 0 |
| Новаци | 17 | 16 | 0 | 26 | 25 | 0 | -9 | -9 | 0 |
| **2008** | **498** | **330** | **3** | **490** | **325** | **0** | **8** | **5** | **3** |
| Битола | 388 | 279 | 8 | 349 | 248 | 0 | 39 | 31 | 8 |
| Демир Хисар | 50 | 38 | 0 | 81 | 69 | 0 | -31 | -31 | 0 |
| Могила | 22 | 21 | 0 | 27 | 26 | 0 | -5 | -5 | 0 |
| Новаци | 10 | 9 | 0 | 16 | 15 | 0 | -6 | -6 | 0 |
| **2009** | **470** | **347** | **8** | **473** | **358** | **0** | **-3** | **-11** | **8** |
| Битола | 382 | 247 | 40 | 306 | 211 | 0 | 76 | 36 | 40 |
| Демир | 40 | 26 | 0 | 68 | 54 | 0 | -28 | -28 | 0 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Хисар | | | | | | | | | |
| Могила | 32 | 19 | 13 | 28 | 28 | 0 | 4 | -9 | 13 |
| Новаци | 15 | 13 | 0 | 19 | 17 | 0 | -4 | -4 | 0 |
| **2010** | **469** | **305** | **53** | **421** | **310** | **0** | **48** | **-5** | **53** |
| Битола | 395 | 256 | 35 | 386 | 282 | 0 | 9 | -26 | 35 |
| Демир Хисар | 46 | 30 | 0 | 65 | 49 | 0 | -19 | -19 | 0 |
| Могила | 46 | 32 | 7 | 42 | 35 | 0 | 4 | -3 | 7 |
| Новаци | 32 | 24 | 8 | 30 | 30 | 0 | 2 | -6 | 8 |
| **2011** | **519** | **342** | **50** | **523** | **396** | **0** | **-4** | **-54** | **50** |
| Битола | 448 | 300 | 20 | 398 | 269 | 1 | 50 | 31 | 19 |
| Демир Хисар | 46 | 33 | 0 | 51 | 38 | 0 | -5 | -5 | 0 |
| Могила | 25 | 19 | 3 | 67 | 64 | 0 | -42 | -45 | 3 |
| Новаци | 26 | 15 | 1 | 38 | 28 | 0 | -12 | -13 | 1 |
| **2012** | **545** | **367** | **24** | **554** | **399** | **1** | **-9** | **-32** | **23** |
| Битола | 356 | 216 | 36 | 304 | 200 | 0 | 52 | 16 | 36 |
| Демир Хисар | 27 | 21 | 0 | 47 | 41 | 0 | -20 | -20 | 0 |
| Могила | 31 | 24 | 3 | 52 | 48 | 0 | -21 | -24 | 3 |
| Новаци | 22 | 19 | 2 | 29 | 28 | 0 | -7 | -9 | 2 |
| **2013** | **436** | **280** | **41** | **432** | **317** | **0** | **4** | **-37** | **41** |

Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза.

Од Табелата 21. за миграционите движења на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија може да се забележи дека во периодот 2007 - 2013 година вкупното миграционото салдо по години е позитивно во 2007, 2008, 2010 и 2013, а негативно во 2009, 2011 и 2012. Може да се забележи дека вкупното миграциското салдо за периодот 2007 - 2013 за сите 4 општини е позитивно и изнесува +60. Но, ако се разгледаат поединачно општините може да се забележи јасен тренд на отселување од руралните средини. Имено, вкупното миграциското салдо за општина Битола за периодот 2007 - 2013 е позитивно и изнесува +347[3], додека за другите општини е изразено негативно и изнесува: за Демир Хисар изнесува -141, за Могила изнесува -104 и за Новаци изнесува -42.

Сепак податоците треба да се земат со резерва бидејќи бројот на отселени граѓани во други држави секоја година во табелата воглавно изнесува 0. Од друга страна познато е дека за територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија е карактеристично отселување во други држави заради печалбарство.

[3] Нема посебни податоци за урбаниот и руралниот дел на Битола.

**Табела 22. Вкупно доселени и отселени граѓани и миграционо салдо за Република Македонија, по општини на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија, 2013**

| Општина | Доселени | | | Отселени | | | Миграционо салдо | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно доселени | Доселени граѓани во рамките на Република Македонија[4] | Доселени граѓани во Република Македонија од други држави | Вкупно отселени | Отселени граѓани во рамките на Република Македонија | Отселени граѓани од Република Македонија во други држави | Вкупно | Миграционо салдо во рамките на Република Македонија |
| **Република Македонија** | **8.405** | **6.475** | **490** | **8.860** | **6.475** | **945** | **- 455** | **0** |
| **Пелагониски регион** | **922** | **565** | **212** | **837** | **692** | **0** | **85** | **- 127** |
| Битола | 356 | 216 | 36 | 304 | 200 | 0 | 52 | 16 |
| Демир Хисар | 27 | 21 | 0 | 47 | 41 | 0 | - 20 | - 20 |
| Могила | 31 | 24 | 3 | 52 | 48 | 0 | - 21 | - 24 |
| Новаци | 22 | 19 | 2 | 29 | 28 | 0 | - 7 | - 9 |
| **На територијата на 4-те општини** | **436** | **280** | **41** | **432** | **317** | **0** | **4** | **- 37** |

Извор: Државен завод за статистика, Статистички годишник, 2014.

Од Табелата 22. погоре може да се констатира дека вкупно за сите 4 општини кои припаѓаат на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија вкупното миграционо салдо за 2013 година е незначително позитивно (+4), додека за 3-те целосно рурални општини вкупното миграционо салдо е негативно и изнесува (-48). Исто така може да се забележи дека според податоците во табелата иселувањето е воглавно во рамките на државата.

**Табела 23. Отселени граѓани на Република Македонија според полот и возраста, по општини на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија, 2013**

| Општина на поранешно место на живеење | Вкупно | Пол | | Возраст | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | машки | женски | 0 - 14 | 15 - 29 | 30 - 64 | 65 и повеќе |
| **Република Македонија** | **6.475** | **1.581** | **4.894** | **45** | **3.321** | **2.820** | **289** |
| **Пелагониски регион** | **692** | **166** | **526** | **1** | **364** | **296** | **31** |
| Битола | 200 | 46 | 154 | 0 | 99 | 93 | 8 |

[4] Податоците се однесуваат на доселени-отселени граѓани во рамките на Република Македонија, но не се вклучени доселбите-отселбите во иста општина.

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Демир Хисар | 41 | 11 | 30 | 0 | 19 | 16 | 6 |
| Могила | 48 | 14 | 34 | 0 | 23 | 22 | 3 |
| Новаци | 28 | 12 | 16 | 0 | 12 | 11 | 5 |
| **На територијата на 4-те општини** | **317** | **83** | **234** | **0** | **153** | **142** | **22** |

Извор: Државен завод за статистика, Статистички годишник, 2014.

Од Табелата 23. погоре може да се забележи дека вкупниот број на отселени лица од територијата на 4-те општини кои влегуваат во состав на ЛАГ-от ПеЛАГонија во 2013 година изнесувала 317 лица, од кои значително повеќе (73,8%) се жени. Гледано според возраста речиси подеднакво се отселуваат лица на возраст 15 - 29 години (153) и лица на возраст 30 - 64 години (142).

**Табела 24. Отселени граѓани на Република Македонија според етничката припадност, по општини на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија, 2013**

| Општина на поранешно место на живеење | Вкупно | Етничка припадност | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Власи | Срби | Бошњаци | оста-нати | непоз-нато |
| **Република Македонија** | **6.475** | **4.682** | **1.131** | **256** | **210** | **18** | **55** | **52** | **54** | **17** |
| **Пелагониски регион** | **692** | **542** | **68** | **31** | **37** | **3** | **0** | **6** | **5** | **0** |
| Битола | 200 | 162 | 10 | 5 | 19 | 0 | 0 | 0 | 4 | 0 |
| Демир Хисар | 41 | 40 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Могила | 48 | 46 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Новаци | 28 | 28 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **На територијата на 4-те општини** | **317** | **276** | **12** | **6** | **19** | **0** | **0** | **0** | **4** | **0** |

Извор: Државен завод за статистика, Статистички годишник, 2014.

Најмногу се отселиле Македонци (276), а потоа следуваат Роми (19), Албанци (10) и Турци (19). Кај македонците отселување се забележува од сите 4 општини додека другите етнички заедници воглавно се отселуваат од Општина Битола.

## 5.2 Економија и вработување

Според податоците од пописот од 2002 година, стапката на активност на територијата на 4-те општини кои го сочинуваат ЛАГ-от изнесувала 54,59%, стапката на вработеност 37,47%, додека стапката на невработеност изнесувала 31,36%.

**Табела 25. Вкупно население на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија на возраст од 15 години и повеќе според активноста**

| Општина | Вкупно население | Вкупно население на возраст 15 год. и повеќе | Економски активни | | | Економски неактивни | Стапка на активност | Стапка на вработеност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Сите | Вработени | Невработени | | | |
| **Пелагониски плански регион** | **238.136** | **195.094** | **104.016** | **62.551** | **41.465** | **91.078** | **53.32%** | **32.06%** |
| На територијата на 4-те општини | 115.141 | 95.540 | 52.157 | 35.799 | 16.358 | 43.383 | 54.59% | 37.47% |
| Битола | 95.385 | 78.929 | 43.278 | 29.251 | 14.027 | 35.651 | 54.83% | 37.06% |
| урбан дел | 74.550 | нд | нд | нд | нд | нд | нд | нд |
| рурален дел | **20.835** | нд | нд | нд | нд | нд | нд | нд |
| Демир Хисар | **9.497** | 8.024 | 4.659 | 3.711 | 948 | 3.365 | 58.06% | 46.25% |
| Могила | **6.710** | 5.534 | 2.844 | 1.929 | 915 | 2.690 | 51.39% | 34.86% |
| Новаци | **3.549** | 3.053 | 1.376 | 908 | 468 | 1.677 | 45.07% | 29.74% |
| Територија на 3-те целосно рурални општини | 19.756 | 16.611 | 8.879 | 6.548 | 2.331 | 17.758 | 53.45% | 39.42% |
| **Територија на ЛАГ-от ПеЛАГонија** | **40.591** | нд | нд | нд | нд | нд | нд | нд |

Извор: Државен завод за статистика, Попис, 2002

Бројот на невработени на територијата на 4-те општини што го сочинуваат ЛАГ-от ПеЛАГонија на 30.09.2014 изнесувал 8.595. Во табелата 26. подолу е дадена структура на невработените лица според образование.

**Табела 26. Структурата на невработените лица според образование**

| Образование | Општина Битола | Општина Демир Хисар[5] | Општина Могила | Општина Новаци | Вкупно на територијата на 4-те општини |
|---|---|---|---|---|---|
| Без образование или со основно | 2244 | 300 | 150 | 59 | 2753 |
| Непотполно средно образование | 1072 | 200 | 44 | 24 | 1340 |
| Завршено средно образование | 1912 | 485 | 98 | 47 | 2542 |
| Више образование | 325 | 22 | 7 | 1 | 355 |

[5] Состојба 31.10.2014

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Високо образование | 1316 | 137 | 20 | 29 | 1502 |
| Магистри | 92 | 6 | 4 | 0 | 102 |
| Доктори на наука | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| **ВКУПНО** | **6962** | **1150** | **323** | **160** | **8595** |

Извор: Агенција за вработување на РМ, АВРМ, Центар за вработување Битола, 30.09.2014

Може да се забележи дека АВРМ, Центар за вработување Битола, нема достапни податоци посебно за невработеноста во урбаниот и руралниот дел од Општина Битола. Поради тоа анализата на невработеноста е направена на територијата на 4-те општини што го сочинуваат ЛАГ-от ПеЛАГонија, односно ги вклучува и невработените од урбаниот дела на Општина Битола. Ако се земе последната достапна проценка на населението на територијата на 4-те општини кои го сочинуваат ЛАГ-от ПеЛАГонија од 31.12.2013 (Табела 15.) според која вкупното население изнесува 110.746, може да се заклучи дека бројот на невработени претставува 7,76% од вкупното население. Најголем дел од невработените се без образование или со основно образование 2.753 што претставува 32% од вкупниот број на невработени. Втората група ја сочинуваат невработени со завршено средно образование, вкупно 2.542, или приближно 29,6%. Бројот на невработени со високо образование е исто така значителен, и изнесува 1.502 или 17,5% од вкупниот број на невработени. Според последните достапни податоци за проценка на населението на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија од 31.12.2013 (Табела 15.), вкупното население на Општина Битола изнесува 92.647, и поточно во урбаниот дел 72.357 (78,1%), а во руралниот дел 20.290 (21,9%). Ако се земе тој однос на урбано/рурално население и при невработеноста, ова конзервативно сценарио покажува дека бројот на невработени на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија изнесува 2.834 невработени, односно 7,38% вкупното проценето население на територијата на ЛАГ-от (31.12.2013) кое изнесува 38.389 жители.

**Табела 27. Структура на невработеност според полот**

| Општина | Мажи | Жени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Битола | 3581 | 3381 | 6962 |
| Демир Хисар | 633 | 517 | 1150 |
| Могила | 228 | 95 | 323 |
| Новаци | 86 | 74 | 160 |
| **Вкупно на територијата на 4-те општини** | **4528** | **4067** | **8595** |

Извор: Агенција за вработување на РМ, АВРМ, Центар за вработување Битола, 30.09.2014

Ако се разгледува структурата на невработените лица според полот на територијата на 4-те општини што го сочинуваат ЛАГ-от ПеЛАГонија, може да се забележи дека брјот на невработени мажи е поголем и изнесува 4.528, односно 52,7%, додека бројот на невработени жени изнесува 4.067 или 47,3%.

**Табела 28. Старосната структура на невработените лица**

| Возраст | Општина Битола | Општина Демир Хисар | Општина Могила | Општина Новаци | Вкупно на територија та на 4-те |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | општини |
|---|---|---|---|---|---|
| од 15 – 19 г. | 103 | 25 | | 2 | 130 |
| од 20 – 24 г. | 562 | 115 | | 22 | 699 |
| од 25 – 29 г. | 953 | 164 | 110[6] | 25 | 1252 |
| од 30 – 34 г. | 733 | 137 | | 24 | 894 |
| од 35 – 39 г. | 630 | 139 | | 16 | 785 |
| од 40 – 44 г. | 600 | 147 | 95[7] | 11 | 853 |
| од 45 – 49 г. | 590 | 122 | | 15 | 727 |
| од 50 – 54 г. | 660 | 116 | | 10 | 786 |
| од 55 – 59 г | 919 | 104 | | 15 | 1038 |
| од 60 и повеќе години | 1212 | 81 | 118[8] | 20 | 1431 |
| **ВКУПНО** | **6962** | **1150** | **323** | **160** | **8595** |

Извор: Агенција за вработување на РМ, АВРМ, Центар за вработување Битола, 30.09.2014

Во табелата погоре е прикажана старосната структура на невработените лица на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија. Бидејќи за Општина Могила се добиени податоци само за возрасните групи 15-29, 30 - 44 и 45 - 64 години, направена е рекалкулација на податоците, и тоа: 1) најголем број на невработени лица се со старост 45-64 години и изнесува 3982 лица или приближно 46% од вкупниот број на неваботени лица; 2) Потоа следува бројот на невработени од страосната група 30 - 44 години која изнесува 2532 лица или приближно 29,5%; и 3) Бројот на невработени со старост 15 - 29 години изнесува приближно 24% од вкупниот број невработени.

**Табела 29. Структура на невработеност според националната припадност**

| **Национална припадност** | **Општина Битола** | **Општина Демир Хисар** | **Општина Могила** | **Општина Новаци** | **Вкупно на територија та на 4-те општини** |
|---|---|---|---|---|---|
| Македонци | 6044 | 1125 | 321 | 157 | 7647 |
| Албанци | 200 | 20 | 0 | 2 | 222 |
| Турци | 166 | 3 | 1 | 1 | 171 |
| Роми | 423 | 0 | 0 | 0 | 423 |
| Срби | 13 | 0 | 0 | 0 | 13 |
| Власи | 22 | 0 | 0 | 0 | 22 |
| Други | 94 | 2 | 1 | 0 | 97 |
| **ВКУПНО** | **6962** | **1150** | **323** | **160** | **8595** |

Извор: Агенција за вработување на РМ, АВРМ, Центар за вработување Битола, 30.09.2014

Според податоците презентирани во табелата погоре, може да се забележи дека најголем број од невработените лица се Македонци или 7.647, односно 89% од вкупниот број на невработени лица. Потоа следуваат 423 невработени лица од Ромска етничка припадност или 4,9% и 222 невработени Албанци или приближно 2,6%. Ако тоа се спореди со бројот на население според етничка припадност може да се забележи дека процентот на невработени Македонци (89%) е

[6] Ги опфаќа лицата на возраст 15 - 29 години
[7] Ги опфаќа лицата на возраст 30 - 44 години
[8] Ги опфаќа лицата на возраст 45 - 64 години

помал од нивното учество во населението (90%). Истото важи за Албанците, каде процентот на невработени Албанци (2,6%) е помал од нивното учество во населението (3,87%). Од друга страна бројот на невработени Роми (4,9%) е поголем од нивното учество во населението кое изнесува 2,28%.

Во отсуство на податоци по општини (со исклучок на податоците дадени во Табела 25., според податоците од Пописот 2002 година) во Табелата 30. што следи се дадени стапките на активност на населението на возраст на 15 години и повеќе, по региони, по години во периодот 2009 -2013.

**Табела 30. Стапки на активност на населението на возраст на 15 години и повеќе по региони, по години**

| | Стапка на активност | | | | | Стапка на вработеност | | | | | Стапка на невработеност | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
| **Република Македонија** | **56.7** | **56.9** | **56.8** | **56.5** | **57.2** | **38.4** | **38.7** | **38.9** | **39** | **40.6** | **32.2** | **32** | **31.4** | **31** | **29** |
| Вардарски регион | 58.3 | 59.1 | 59.7 | 59.1 | 60.7 | 35.2 | 37.2 | 38 | 37.9 | 42.6 | 39.7 | 37 | 36.4 | 35.9 | 29.8 |
| Источен регион | 59.5 | 58.6 | 58.2 | 61.5 | 61 | 49.4 | 49 | 48.7 | 50.1 | 49.1 | 17 | 16.4 | 16.4 | 18.5 | 19.5 |
| Југозападен регион | 55.8 | 55.5 | 56.7 | 56.2 | 56.2 | 37.5 | 36.5 | 32.4 | 32.4 | 35.6 | 32.7 | 34.3 | 42.8 | 42.3 | 36.7 |
| Југоисточен регион | 69.6 | 69.9 | 71 | 70.7 | 69.9 | 59.6 | 61.9 | 64.4 | 60.9 | 56.8 | 14.4 | 11.5 | 9.3 | 13.8 | 18.8 |
| **Пелагониски регион** | **63.8** | **63.8** | **63.9** | **62.8** | **64.4** | **42.6** | **42.4** | **43.8** | **46.9** | **50.1** | **33.2** | **33.6** | **31.4** | **25.3** | **22.2** |
| Полошки регион | 46.1 | 46.7 | 43.9 | 44.5 | 46.6 | 33.5 | 32.3 | 30 | 29.3 | 31 | 27.3 | 30.8 | 31.8 | 34.2 | 33.6 |
| Североисточен регион | 56.9 | 58.3 | 53.7 | 52.1 | 54.2 | 20 | 21.7 | 21.7 | 24.6 | 29.9 | 64.8 | 62.8 | 59.6 | 52.8 | 44.9 |
| Скопски регион | 54.4 | 54.7 | 56.1 | 55.3 | 55.3 | 36.2 | 36.7 | 38.9 | 38 | 39.1 | 33.5 | 33 | 30.7 | 31.3 | 29.3 |

Извор: Државен завод за статистика

Податоците во Табелата 30. укажуваат на фактот дека во Пелагонискиот регион во периодот 2009 - 2013 година, стапката на активност и стапката на вработеност се поголеми од националниот просек, додека стапката на невработеност е поголема од националниот просек во 2009 и 2010 година, еднаква во 2011 и помала во 2012 и 2013 година.

Од табелата погоре може да се забележи дека во Пелагонискиот регион во периодот 2009 - 2013 година, стапката на активност и стапката на вработеност бележат пораст, додека стапката на невработеност бележи пад од 9,2%. Исто така може да се констатира дека во 2013 година стапката на невработеност во Пелагонискиот регион која изнесува 22,2% е трета после Југоисточниот (18,8%) и Источниот регион (19,5%) и помала од националниот просек кој изнесува 29%. Намалувањето на невработеноста во Пелагонискиот регион се должи на масовната регистрација на земјоделци во 2011 и 2012 година.

Според податоците на Државниот завод за статистика, бројот на активни деловни субјекти во 2012 година во 4-те општини кои ја сочинуваат територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија изнесува 4.479 и

претставува 6% од вкупниот број на активни деловни субјекти во Република Македонија кој изнесува 74.424 и 52,9% од вкупниот број на деловни субјекти во Пелагонискиот плански регион. При тоа треба да се има во предвид дека тука влегуваат и деловните субјекти во урбаниот дел на Битола.

**Табела 31. Структура на деловните субјекти според НКДВ 2 класификацијата, по општини во Пелагонискиот плански регион (состојба 31.12.2012)**

| Активни деловни субјекти по сектори | ВКУПНО | Земјоделство, шумарство и рибарство | Рударство и вадење на камен | Преработувачка индустрија | Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација |
|---|---|---|---|---|---|
| **Република Македонија** | **74.424** | **3.072** | **182** | **8.251** | **134** |
| **Пелагониски регион** | **8.468** | **649** | **24** | **857** | **7** |
| **Територија на 4-те општини** | **4.479** | **444** | **8** | **393** | **6** |
| Општина Битола | 3.980 | 277 | 6 | 364 | 5 |
| Општина Демир Хисар | 257 | 34 | 2 | 23 | 0 |
| Општина Могила | 154 | 82 | 0 | 3 | 0 |
| Општина Новаци | 88 | 51 | 0 | 3 | 1 |

| Активни деловни субјекти по сектори | Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпадни дејности за санација на околината | Градежништво | Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли | Транспорт и складирање | Објекти за сместување и сервисни дејности со храна |
|---|---|---|---|---|---|
| **Република Македонија** | **321** | **4.541** | **27.307** | **6.445** | **4.611** |
| **Пелагониски регион** | **28** | **341** | **3.300** | **858** | **499** |
| **Територија на 4-те општини** | **16** | **178** | **1.630** | **441** | **277** |
| Општина Битола | 12 | 163 | 1.498 | 388 | 244 |
| Општина Демир | 2 | 10 | 78 | 41 | 24 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Хисар | | | | | |
| Општина Могила | 1 | 3 | 36 | 9 | 7 |
| Општина Новаци | 1 | 2 | 18 | 3 | 2 |

| **Активни деловни субјекти по сектори** | **Информации и комуникации** | **Финансиски дејност и дејности на осигурување** | **Дејности во врска со недвижен имот** | **Стручни,научни и технички дејности** | **Административни и помошни услужни дејности** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Република Македонија** | **1.515** | **413** | **493** | **5.707** | **1.438** |
| **Пелагониски регион** | **119** | **25** | **39** | **516** | **136** |
| **Територија на 4-те општини** | **70** | **16** | **15** | **304** | **85** |
| Општина Битола | 68 | 16 | 15 | 297 | 84 |
| Општина Демир Хисар | 1 | 0 | 0 | 6 | 1 |
| Општина Могила | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| Општина Новаци | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |

| **Активни деловни субјекти по сектори** | **Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување** | **Образование** | **Дејности на здравствена и социјална заштита** | **Уметност, забава и рекреација** | **Други услужни дејности** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Република Македонија** | **268** | **1.020** | **3.298** | **1.176** | **4.232** |
| **Пелагониски регион** | **23** | **118** | **422** | **119** | **388** |
| **Територија на 4-те општини** | **12** | **67** | **221** | **73** | **223** |
| Општина Битола | 9 | 59 | 192 | 71 | 212 |
| Општина Демир Хисар | 1 | 4 | 18 | 2 | 10 |
| Општина Могила | 1 | 3 | 8 | 0 | 0 |
| Општина Новаци | 1 | 1 | 3 | 0 | 1 |

Извор: Државен завод за статистика, Статистички годишник на Република Македонија, 2013

На територијата на 4-те општини што ја сочинуваат територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија, од вкупно 4.479 активни деловни субјекти, секторот „Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли“ има најголем број на активни деловни субјекти (1.630); на второ место е секторот „Земјоделство, шумарство и рибарство“ со 444 деловни субјекти, додека на трето место е секторот „Транспорт и складирање“ со 441 активни деловни субјекти.

Доколку се разгледа истата статистика на крајот на 2013 година, бројот на активни деловни субјекти во 4-те општини кои ја сочинуваат територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија се намалил за 27 деловни субјекти во однос на 2012 година и изнесува 4.452. Тоа претставува 6,24% од вкупниот број на активни деловни субјекти во Република Македонија кој исто така се намалил во однос на на 2012 година и изнесува 71.290. Тој изнесува 53,8% од вкупниот број на деловни субјекти во Пелагонискиот плански регион во 2013 година и покажува дека бројот на деловни субјекти на територијата на 4-те општини што го сочинуваат ЛАГ-от се намалил помалку отколку вкупниот број на деловни субјекти во Пелагонискиот регион кој се намалил од 8.468 на 8.268. При тоа треба да се има во предвид дека тука влегуваат и деловните субјекти во урбаниот дел на Битола.

**Табела 32. Структура на деловните субјекти според НКДВ 2 класификацијата, по општини во Пелагонискиот плански регион (состојба 31.12.2013)**

| **Активни деловни субјекти по сектори** | **ВКУПНО** | **Земјоделство, шумарство и рибарство** | **Рударство и вадење на камен** | **Преработувачка индустрија** | **Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Република Македонија** | **71.290** | **2.866** | **164** | **7.918** | **132** |
| **Пелагониски регион** | **8.268** | **628** | **22** | **848** | **7** |
| **Територија на 4-те општини** | **4.452** | **433** | **10** | **402** | **7** |
| Општина Битола | 3.957 | 266 | 8 | 368 | 6 |
| Општина Демир Хисар | 254 | 34 | 2 | 28 | 0 |
| Општина Могила | 159 | 86 | 0 | 2 | 0 |
| Општина Новаци | 82 | 47 | 0 | 4 | 1 |

| **Активни деловни субјекти по сектори** | **Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управувањ** | **Градежништво** | **Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и** | **Транспорт и складирање** | **Објекти за сместување и сервисни дејности со храна** |
|---|---|---|---|---|---|

| | е со отпадни дејности за санација на околината | | мотоцикли | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Република Македонија** | **306** | **4.322** | **25.429** | **6.095** | **4.482** |
| **Пелагониски регион** | **29** | **328** | **3.153** | **809** | **498** |
| **Територија на 4-те општини** | **15** | **180** | **1.576** | **424** | **276** |
| Општина Битола | 12 | 169 | 1.450 | 370 | 245 |
| Општина Демир Хисар | 2 | 7 | 76 | 40 | 22 |
| Општина Могила | 1 | 2 | 35 | 11 | 7 |
На подрачјето на општината Демир Хисар од перјастиот дивеч најзастапени се: еребица камењарка, полска еребица, диви гулаби, грлица, гугутка и др. Од грабливците присутни се соколот и орелот. Влакнестиот дивеч е застапен во повисокиот-дабов појас и тоа: лисица, зајак, волк, срна, верверица, дива свиња, куна, јазовец и др. Куната белка процентуално е позастапена од куната златка и е многу штетна посебно како уништувач на острелниот дивеч.
Рибарството е застапено по реката Црна. Меѓу најзастапените видови на риба се: кленот, мрената, црвеноперката, а поретко крапот и пастрмката.
На територијата на општина Демир Хисар делуваат ловното друштво „Елен" и риболовно друштво „Пастрмка". Со нарушувањето на водниот режим и на квалитетот на водите на Црна Река и нејзините притоки драстично е нарушена и рамнотежата на рибниот фонд што претставува посебен еколошки проблем.
На територијата на општина Новаци можат да се најдат следните лековити растенија: боровинка, глог, коприва, како и печурки: вргањ, лисичарка, смрчак. Од животинскиот свет најзастапени се: фазани, еребици, грабливци, орли, страчки и др, а од дивечот: диви свињи, срни, лисици, волци , зајаци, куни и др.
Општина Могила е најбогата по бројот на регистрирани видови птици и по густина на нивната популација. На територијата на општина Могила може да се најде следниот дивеч: срна, зајак, верверица, видра, полска еребица, еребица камењарка, потполошка, лештарка, грлица, голуб дупкар, голуб гривар, див голуб, шумска шљука, бекасин, пајки, гуски, птици грабливки (освен јастребите), буфови, додека срната и видрата заради нивната релативно ниска популација се под трајна заштита , а истото се однесува и на пернастите грабливци-орлите, мршојадците, буфовите и луњите.
Во реките Шемница и Црна Река застапени се следните видови риба: крап, црвеноперка, клен, скобуст, сом, костреж и др.

Во Македонија е позната расата мариовска пчела од видот европска медоносна пчела (Apis mellifera) која е адаптирана на температурни промени.

**5.4.3. Национален парк „Пелистер“**

Националниот парк (НП) Пелистер е првиот национален парк на територијата на Република Македонија прогласен во 1948 година на дел од планината Баба, поради особените природни

убавини, историското и научното значење на шумите и шумските предели, на површина од 12.000 ха. Пелистер е сместен помеѓу Преспанската и Пелагониската котлина. Баба планина претставува маркантна морфолошка форма која доминира во југозападниот дел од државата и со врвот Пелистер се издига до 2601 м.н.в. Познати се уште 24 планински врвови со височина поголема од 2.000 м. Во целина Пелистер претставува импозантна планина со изразита макропластика, таа е најјужна планина кај нас со алпски карактер.

Националниот Парк Пелистер изобилува со разни видови релјефни облици кои се формирани низ долготрајни и мошне сложени природни процеси од кои највпечатливи се камените реки и камените морења. Во високите делови на Пелистер се среќаваат и низа други интересни релјефни појави од кои најкарактиристични се глацијалните форми морени и циркови. Од вкупно четирите цирка, два се исполнети со вода и егзистираат како глацијални езера.

Највпечатливи одлики на фауната во Националниот Парк Пелистер се нејзината разновидност и хетерогеност, како и присуството на голем број реликтни и ендемични видови. Ендемичните видови се главно регистрирани кај без'рбетните групи на организми, од кои во двете езера се среќаваат неколку ендемски видови на ракчиња. Во рамките на Националниот Парк и тоа само горниот тек на реките Сапунџица. Злокуќанска и Ротинска река живее поточната пастрмка (Salmo pelagonicus), која претставува пелистерски ендемичен вид. Од останатите групи рбетници може да се најдат 10 видови водоземци, 15 видови влечуги, 91 видови на птици и 35 видови на цицачи. Во шумскиот појас од Националниот Парк меѓу другите се сретнуваат: буф, клукајдрвци, јастреб, еребица, скалест орел, куна белка, куна белка, зајак, лисица, балкански рис, волк, кафеава мечка, дива свиња, обичен елен, срна, итн. Во високопланинскиот појас на Пелистер се сретнува и балканската дивокоза. Од цицачите, четири за прв пат се опишани од локалитети во рамките на националниот парк: Балкански слеп крт, Балкански крт, Македонска лисеста полјанка и Македонска полјанка.

Флората во НП Пелистер со своето богатство, разновидност и колорит претставува една од најзначајните вредности на биолошката разновидност на оваа планина. Тука растат 88 видови дрвја, што претставува застапеност на 29% од вкупната дендрофлора во Македонија. Најголем дел од шумските површини на Пелистер се под бука 2.606 ха, моликовите шуми заземаат површина од 1.174 ха, додека најмала површина од 487 ха отпаѓа на дабовите шуми. Останатите се мешовити шуми. Посебно значење има моликата *(Pinus peuce* Grisebach), која расте во висинскиот распон од 700 - 2.200 м и претставува флористички заштитен знак на Пелистер. Флората на вишите растенија опфаќа над 1.500 видови, од кои најзастапени се цветните (скриеносемени) растенија со над 900 видови. Во НП Пелистер за прв пат се откриени и опишани како нови за науката повеќе од 15 цветни растенија.

Во НП Пелистер се развиваат голем број флористички видови кои имаат меѓународно значење (видови на Светската и Еврорската црвена листа на загрозени видови, видови од Бернската Конвенција, Хабитат директивите на ЕУ, CORINE видови и други).

Во НП Пелистер може да се најдат разновидни лековити растенија и шумски плодови како што се: ајдучка трева, ангелика, момина солза, глог, салеп, шумска јагода, кантарион, линцура, смрека, планински чај, јаглика, велигденче, малина, мајчина душичка, боровинка, и др.

Од хидрографските објекти, со посебна привлечност се двете глацијални езера - Големото и Малото Езеро на Пелистер, познати како „Пелистерски Очи“.

Паркот е отворен 24 часа за посетителите, седум дена неделно,освен во непогодни временски услови. Во паркот постои Инфо центар за посетители. Постои можност за ангажирање на водичи.

Планот за управување со Националниот парк Пелистер 2006 – 2015 е долгорочен документ кој го третира управувањето, одржливиот развој и искористувањето на овој најатрактивен природен ресурс на територијата на ЛАГ-от. Согласно Законот за заштита на природата, управувањето и заштитата на Националниот парк Пелистер го врши Јавната Установа Национален Парк Пелистер со седиште во Битола.

**5.4.4. Почва**

Основен тип на генетско земјиште на територијата на ЛАГ-от Пелагонија се смолниците кои се хидрогени и настанале на езерската тиња по истекувањето на некогашното Пелагониско езеро. Количеството на хумусот се движи од 2 до 4,5%. Овие почви се искористуваат за житни, индустриски и градинарски култури. Наслагите од алувијални почви се движат од десеттина сантиметри до неколку метри, а содржат хумус 0,42–3,62%. На алувијалните почви е концентрирано производство на градинарски и  индустриски култури. На периферијата на градот Битола се наоѓаат делувијални почви кои се млади почвени типови со мал процент на хумус 1-2% и на кои им е потребно ѓубрење.

Црвениците се раширени најповеќе спрема селата Брусник, Лавци, Буково, Крстоар, и помалку према Дихово и Братиндол. Содржината на хумусот се движи од 1,18-3,96% и се одликуваат со помала плодност.

Во просторот на Општина Демир Хисар почвите се со изразито хетероген состав групирани во пет бонитетни класи и тоа: I, III, IV, V и VI. Во рамнинскиот дел по течението на реките Црна и Обедничица се застапени главно алувијални почви. Покрај алувијалните почви во рамнинскиот дел се застапени и делувијалните почви и тоа од двете страни на реката Обедничица, од левата страна на река Црна од Бараково до Света, потов по течението на реките Журечка и Жаба.

По долината на реката Црна застапени се циметни почви. Во околината на населбите Големо и Мало Илино и на потегот од Сопотница преку ридот Кула до општинската граница со Кичево распространети се варовничко-доломитски црници. Ранкерите ги зафакаат ридовите на селото Лесково-Самолски рид, Радикин рид. Старо бачило и врвот Убава. На потегот Боиште-Церово-Вирово застапени се литосоли и еродирани кафеави шумски почви како единствена енклава на овие почви во подрачјето на општината. Најголем простор заземаат кафеавите шумски почви и тоа на падините на Бигла, Илинска и Плакенска Планина, планинските делови на север од река Црна и дел од ниската планина Кале помогу населбите Суводол-Вардино и границата со општина Крушево. Тоа се бескарбонатни почви со слаба киселост и со низок капацитет на апсорпци]а.

Предкамбриските стени: гнајсеви, микашисти, зелени шкрилци, и мермери ги изградуваат централните делови на Селечка планина и планината Ниџе. Најниските делови на просторот на општина Новаци изградени се од седиментни стени. Најзастапени се алувијалните-терасните седименти, кои се јавуваат долж речните текови, како и делувијалните седименти, кои се среќаваат на ободните делови на западната страна на Селечка планина, каде се протега источниот дел од општина Новаци. Алувијалните почви се најраспростаранети почви во Пелгаонискатa котлина, а делувијалните почви се простираат надвор од мелиорираното подрачје.

**5.4.5. Минерални ресурси/ Рудни богатства**

Во општина Демир Хисар се експлоатираат единствено наоѓалишта на калциум-карбонат (варовник). Минерални извори на вода има во салата Смилево, Прибилци и Мренога.

Во општината има наоѓалишта на глина која се користи за грнчарско производство највеќе од населението на општина Кичево. Во село Базерник има утврдени резерви од 300 илјади тони

каолински глини. Има ископување на мермери, могу кои на]застапени се травертинот и каолинот. Утврдени се резерви на мермери од 500.000 $м^2$ во селото Радово. За ископување на мермерите е издадена концесија.
Во Пелагониската котлина, особено на територијата на општина Новаци се откриени слоеви на јаглен – лигнит и тоа главно во атарите на селата: Суводол, Гнеотино, Живојно, Биљаник, Врањевци, Паралово и Агларци. Од 1973 год. се врши експлоатација на лежиштето кај Суводол каде е изграден рудник со површински коп. Рудникот „Суводол“ се наоѓа во подножјето на Селечка Планина на околу 12 км источно од Битола. Вкупните резерви на лигнит се проценети на околу 200 милиони тони со можност за зголемување на резервите. Во близина на овој рудник постојат наоѓалишта на јаглен на уште два локалитети и тоа: Гнеотино и Живојно. Наоѓалиштето „Гнеотино“ е со вкупно рудни резерви од 120 милиони тони, а наоѓалиштето „Живојно“ околу 100 милиони тони. Може да се констатира дека во јужниот пелагониски басен има вкупно резерви на јаглен од околу 420 милиони тони, што дава можност за производство на електрична енергија во трите блока на термоелектраната Битола во наредните 50 – 60 години со годишна потрошувачка од 6 милиони тони.
Во Општина Новаци исто така постојат наоѓалишта за експлатација на минерална вода и гасови, наоѓалишта за еклоатација на песок чакал, кварц и други неметали.

### 5.4.6. Комунален отпад

Еден од основните проблеми за одржување и развивање здрава и чиста животна средина претставува комуналниот отпад. Во отсуство на податоци на ниво на општини кои ја сочинуваат територијата на ЛАГ-от, како апроксимација се прикажани податоци за Пелагонискиот регион. Во текот на периодот 2009-2012 година и двата видови на отпад бележат зголемување (собраниот отпад се зголемува за 6.52%, а создадениот се зголемува за околу 3%), додека во 2013 година нивниот износ се намалува (собраниот опаѓа за 3.58% , а создадениот се намалува за 4.42%). Од Табелата 62 може да се забележи дека просечната количина на собран комунален отпад во периодот 2010-2013 изнесува приближно 70.000 т/година, додека просечната количина на создаден отпад изнесува приближно 82.000 т/година. Односот на собраниот комунален отпад во однос на создадениот комунален отпад во периодот 2010 - 2013 е прилично константен и изнесува 84-85%,и е поголем од просекот на ниво на држава. Исто така може да се забележи декаколичините на созададен отпад по жител во пелагонсикиот регион се помали од националниот просек.

**Табела 62. Собран и создаден комунален отпад во Пелагониски регион за период 2009-2013 година изразен во тони**

| | **2010** | | **2011** | | **2012** | | **2013** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Собран комунален отпад** | **Создаден комунален отпад** | **Собран комунален отпад** | **Создаден комунален отпад** | **Собран комунален отпад** | **Создаден комунален отпад** | **Собран комунален отпад** | **Создаден комунален отпад** |
| Република Македонија | 545.763 | 721.507 | 543.954 | 735.250 | 555.760 | 786.909 | 554.938 | 792.785 |
| | 75.64% | | 73.98% | | 70.63% | | 70.00% | |
| Република Македонија (кг по жител) | | 351 | | 357 | | 382 | | 384 |
| **Пелагониски** | **71.499** | **85.104** | **65.066** | **77.010** | **72.176** | **85.360** | **69.010** | **81.594** |
| | 84.01% | | 84.49% | | 84.55% | | 84.58% | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Пелагониски (кг по жител)** | | 363 | | 330 | | 366 | | 351 |

Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза.

Од табелата 63 подолу може да забележиме дека најголем дел од вкупниот отпад претставува Комуналниот отпад (32,7%), потоа следува Отпад од термички процеси (30,6%) и Отпад од земјоделство, хортикултура, шумарство, лов и риболов, подготовка и преработка на храна (16,8%).

**Табела 63. Количество на создаден отпад по групи на видови во Пелагонискиот регион, во тони**

| Пелагониски регион | 2012 |
|---|---|
| **Вкупно** | **11.470,31** |
| Отпад што се создава при истражување, ископување и физичка и хемиска обработка на минерални суровини | 2,5 |
| Отпад од земјоделство, хортикултура, шумарство, лов и риболов, подготовка и преработка на храна | 1.926,78 |
| Отпад од преработка на дрво и производство на панели и мебел, пулпа, хартија и картон | 285,13 |
| Отпад од кожарска, крзнарска и текстилна индустрија | 240,32 |
| Отпад од рафинирање нафта, прочистување природен гас и пиролиза на јаглен | 0 |
| Отпад од неоргански хемиски процеси | 0 |
| Отпад од органски хемиски процеси | 0 |
| Отпад од производство, формулирање, пакување, транспортирање и употреба (ПФПТУ) на превлеки (бои, лакови и стаклести емајли), лепила, заптивни смеси и печатарски бои | 9,2 |
| Отпад од индустријата на фотографски материјали | 0 |
| Отпад од термички процеси | 3.509,54 |
| Отпад од хемиска обработка на површината и нанесување превлеки врз метали и други материјали, како и од хидрометалурска обработка на обоени метали | 180 |
| Отпад од обликување и физичка и механичка површинска обработка на метали и пластика | 398,68 |
| Отпад од масла и од течни горива (освен од масла за јадење, 05 и 12) | 16,76 |
| Отпадни органски растворачи, разладни средства и ракетни горива (освен 07 и 08) | 0 |
| Отпад од пакување, апсорбенти, крпи за бришење, материјали за филтрирање и заштитна облека, кој не е поинаку специфициран | 699,94 |
| Отпад што не е поинаку специфициран | 373,86 |
| Шут од градење и рушење (вклучувајќи ископана почва од загадени подрачја) | 38,48 |

| | |
|---|---|
| Отпад од здравствена заштита на луѓето или животните и/или истразувања од областа на здравствената заштита (освен отпад од кујни и ресторани што не произлегува од непосредната здравствена заштита) | 39,01 |
| Отпад од постројки за преработка на отпад, од постројките за обработка на отпадна вода надвор од кругот на инсталациите кои ја создаваат и за подготовка на вода за пиење и на вода за индустриска употреба | 0 |
| Комунален отпад (отпад од домаќинства и сличен отпад од комерцијална, индустриска и административна дејност) вклучувајќи ги фракциите селектиран отпад | 3.750,11 |

Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза.

Најголемо учество во создавањето на опасен комунален отпад во 2010 и 2012 година има индустријата за снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација, додека најголемо учество во создавање на неопасен комунален отпад има преработувачката индустрија, како што е покажано во Табела 64. При тоа за анализираните години значајно е тоа што е намалено е создавањето на неопасен отпад, но од друга страна има енормно зголемување на создадениот опасен отпад.

**Табела 64. Создаден отпад според сектори на економска активност, во тони**

| | **2010** | | **2012** | |
|---|---|---|---|---|
| | **Република Македонија** | **Пелагониски регион** | **Република Македонија** | **Пелагониски регион** |
| **Вкупно** | **1.876.208,43** | **13.673,53** | **2.112.372,96** | **11.040,11** |
| неопасен | 1.150.017,29 | 13.647,48 | 1.433.898,89 | 9.459,84 |
| опасен | 726.191,14 | 26,05 | 678.474,07 | 1.580,27 |
| **Рударство и вадење на камен** | | | | |
| Вкупно | 854.855,64 | 22,86 | 802.124,34 | 50,37 |
| неопасен | 135.807,12 | 21,06 | 135.505,44 | 43,3 |
| опасен | 719.048,52 | 1,8 | 666.618,90 | 7,07 |
| **Преработувачка индустрија** | | | | |
| Вкупно | 1.017.007,13 | 9.687,17 | 1.303.806,21 | 6.146,65 |
| неопасен | 1.009.918,27 | 9.679,42 | 1.293.868,45 | 6.129,14 |
| опасен | 7.088,86 | 7,75 | 9.937,76 | 17,51 |
| **Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација** | | | | |
| Вкупно | 4.345,66 | 3.963,50 | 6.442,41 | 0 |
| неопасен | 4.291,90 | 3.947,00 | 4.525,00 | 3.287,40 |
| опасен | 53,76 | 16,5 | 1.917,41 | 1.555,69 |

Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза.

**5.4.7. Отпадни води**

Загадувањето на водите на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија е застапено во реките Црна река и Драгор. Биохемиската потрошувачка на кислород во реката Црна во текот на годините бележи намалување како што претставено во Графикон 1., и во 2013 година се движи на ниво малку поголемо од 2%, што одговара на квалитет на водата од II класа.

**График 1. Биохемиска потрошувачка на кислород (БПК) во реките Вардар, Црна Река и Брегалница за период 2002- 2013 година**




Извор: Државен завод за статистика.

**5.5 Туризам**

Во последните 60 години, туризмот во глобални рамки е во постојана експанзија и диверзификација, и притоа постана еден од најголемите и најбрзорастечките економски сектори во светот. И покрај повремените падови, извештајот на United Nations World Tourism Organisation (UNWTO) за 2014 покажува дека бројот на доаѓањата на странски туристи во глобални рамки е во речиси непрекинат раст и тоа од 25 милиони во 1950 до 278 милиони во 1980, 528 милиони во 1995 до 1,087 милијарди во 2013 година. На ова треба да се додадат 5-6 милијарди домашни туристи. Според UNWTO, туризмот придонесува со 9% во вкупниот БДП на глобално ниво (директен, предизвикан и индиректен придонес). Едно од 11 работни места е во туристичкиот сектор, и туризмот генерира 1,4 трилиони УСД во извоз или 6% од светскиот извоз.

Според долгорочните прогнози на UNWTO се очекува доаѓањата на странски туристи во светски рамки да расте со стапка од 3,35 годишно во периодот 2010 - 2030 и да достигне 1,8 милијарди во 2030. Во периодот 2010 - 2030, се очекува бројот на доаѓања на странски туристи во ткн. нови дестинации да расте со стапка од 4,4% годишно или 2 пати побрзо од дестинациите во напредните економии (2,2% годишно).

Според годишниот извештај на World Travel and Tourism Council (WTTC) за Република Македонија за 2014 година, директниот придонес на секторот патување и туризам во БДП изнесувал 6,7 Милијарди МКД (1,3% од вкупниот БДП) во 2013, и се предвидува да расте со стапка од 5,7% во 2014, а во периодот 2014 - 2024 се очекува да расте со стапка од 5,0% годишно и да достигне ниво од 11,5 Милијарди МКД (1,6% од вкупниот БДП) во 2024 година.

Бројот на вработени директно во секторот изнесувал 8.500 работни места во 2013 (1,2% од вкупниот број вработени). Се очекува ова да остане непроменето во 2014 година и да расте со стапка од 1,9% годишно до вкупно 10.000 работни места (1,5% од вкупниот број вработени) во 2024.

Трошењето на странските туристи во земјата (за деловни патувања, а како и за патувања во слободното време) според WTTC изнесувало 11,9 милијарди МКД (4,2% од вкупниот извоз) во 2013. Се очекува ова да расте со стапка од 4,4% во 2014 година, и понатаму да расте со стапка од 5,6% годишно во периодот 2014 - 2024 до вкупно 21,5 милијарди МКД во 2024 (3,5% од вкупниот извоз) во 2024.
Се очекува бројот на странски туристи во 2014 година да изнесува 367.000, и се предвидува бројот на странски туристи да порасне до 547.000 до 2024 година.

Во табелата 65 подолу е даден преглед на угостителските капацитети на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија според Пописот на капацитетите во угостителството направен во 2008 година.

**Табела 65. Капацитети во угостителството на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија**

| Општина | Угостителски објекти | | Број на седишта | | Површина на објектите | | Број на вработени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | % | број | % | $м^2$ | % | вкупно | % |
| **Република Македонија** | **4.740** | **100** | **192.461** | **100** | **339.289** | **100** | **16.216** | **100** |
| **Пелагониски регион** | **514** | **10,84** | **22.560** | **11,72** | **36.052** | **10,63** | **1.891** | **11,66** |
| Битола | 256 | 5,4 | 10153 | 5,28 | 16205 | 4.78 | 1061 | 6,54 |
| Демир Хисар | 26 | 0,55 | 1230 | 0,64 | 2255 | 0,66 | 70 | 0,43 |
| Могила | 4 | 0,08 | 112 | 0,06 | 210 | 0,06 | 8 | 0,05 |
| Новаци | 6 | 0,13 | 177 | 0,09 | 251 | 0,07 | 10 | 0,06 |
| **Територија на 4-те општини** | **292** | **6,16** | **11.672** | **6,06** | **18.921** | **5,58** | **1.149** | **7,09** |

Извор: Државен завод за статистика, Попис на капацитетите во угостителството, 2008

Бројот на угостителски објекти на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија изнесува 57% од вкупниот број на угостителски објекти во Пелагонискиот регион или 6,16% од вкупниот број на угостителски објекти во државата. Бројот на седишта во угостителските објекти на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија изнесува 52% од вкупниот број на седишта во угостителските објекти во Пелагонискиот регион или 6,06% од вкупниот број на седишта во угостителски објекти во државата.
Површината на угостителски објекти на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија изнесува 52,5% од вкупната површина на угостителски објекти во Пелагонискиот регион или 5,58% од вкупната површина на угостителски објекти во државата.
Бројот на вработени во угостителските објекти на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија изнесува речиси 61% од вкупниот број на вработени во угостителските објекти во Пелагонискиот регион или 7,1% од вкупниот број на вработени во угостителските објекти во државата.

Од горната табела можат да се извлечат следните заклучоци:

- Бројот на седишта по угостителски објект на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија изнесува речиси 40, и е приближно еднаков на националниот просек од 40,6, а помал од просекот во Пелагонискиот регион кој изнесува речиси 44 седишта по објект.
- Бројот на вработени по седиште во угостителските објекти на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија изнесува речиси 0,1, и е поголем од просеците на национално ниво и во Пелгаонскиот регион кои изнесуваат приближно 0,084.
- Бројот на м$^2$ по седиште во угостителските објекти на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија изнесува 1,62 и е поголем од просекот во Пелагонскиот регион кој иснесува 1,6, а помал од просекот на национално ниво кој изнесува 1,76.
- Бројот на вработен по м$^2$ од угостителските објекти на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија изнесува 0,06 и е поголем и од националниот просек (0,048), како и од просекот во Пелагонскиот регион (0,052).

Во Табелата 66 подолу е даден преглед на капацитетите за сместување на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија според Пописот на капацитетите во угостителството направен во 2008 година.

**Табела 66. Капацитети за сместување на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија**

| **Општина** | **Објекти за сместување** | | **Број на соби** | | **Број на легла** | | **Површина на објектите** | | **Број на вработени** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **број** | **%** | **број** | **%** | **број** | **%** | **м$^2$** | **%** | **вкупно** | **%** |
| Република Македонија | 486 | 100 | 16.306 | 100 | 45.139 | 100 | 1.009.118 | 100 | 5.444 | 100 |
| Пелагониски регион | 99 | 20,37 | 2.619 | 16,06 | 8.058 | 17,85 | 129.158 | 12,80 | 600 | 11,02 |
| Битола | 16 | 3,29 | 481 | 2,95 | 1.296 | 2,87 | 33.696 | 3,34 | 311 | 5,71 |
| Демир Хисар | 3 | 0,62 | 30 | 0,18 | 67 | 0,15 | 9.710 | 0,96 | 16 | 0,29 |
| Могила | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Новаци | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Територија на 4-те општини** | **19** | **3.91** | **511** | **3.13** | **1.363** | **3.02** | **43.406** | **4.30** | **327** | **6.01** |

Извор: Државен завод за статистика, Попис на капацитетите во угостителството, 2008

Бројот на објекти за сместување на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија изнесува 19,2% од вкупниот број на објекти за сместување во Пелагонискиот регион или 3,91% од вкупниот број на објекти за сместување во државата. Бројот на соби во објектите за сместување на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија изнесува 19,51% од вкупниот број на соби во објектите за сместување во Пелагонискиот регион или 3,13% од вкупниот број на соби во објектите за сместување во државата. Бројот на легла во објектите за сместување на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија изнесува 16,91% од вкупниот број на легла во објектите за сместување во Пелагонискиот регион или 3,02% од вкупниот број на легла во објектите за сместување во државата.
Површината на објектите за сместување на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија изнесува 33,61% од вкупната површина на објектите за сместување во Пелагонискиот регион или 4,3% од вкупната површина на објектите за сместување во државата.

Бројот на вработени во објектите за сместување на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија изнесува 54,5% од вкупниот број на вработени во објектите за сместување во Пелагонискиот регион или приближно 6% од вкупниот број на вработени во објектите за сместување во државата.

Од горната табела можат да се извлечат следните заклучоци:
- Бројот на соби по објект за сместување на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија изнесува 26,9 и е приближно еднаков со просекот во Пелагонискиот регион (26,4%), а помал од просекот на ниво на држава кој изнесува 33,5 соби/објект.
- Бројот на легла по објект за сместување изнесува 71,7 и е помал и од просекот во Пелагонсикиот плански регион (81,4) и од националниот просек (92,9).
- Просечната големина на објектите за сместување на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија изнесува 2284 $м^2$, и тој е значително поголем од просекот во Пелагонискиот плански регион кој изнесува 1305 $м^2$, а истовремено поголем и од националниот просек 2076 $м^2$.
- Бројот на вработени по легло во објектите за сместување на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија изнесува 0,24, и е дупло поголем од националниот просек кој изнесува 0,12 и речиси три пати повеќе од просекот во Пелагонискиот регион кој изнесува 0,074.

Од сето ова може да  заклучи дека објектите за сместување на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија НЕ претставуваат значителен процент од објектите за сместување во Пелагонискиот регион кој според статистиките се наоѓа на 2-ро место и според бројот на соби и бројот на легла во Република Македонија. Објектите за сместување на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија се во просек со помал капацитет (соби и легла), но значително поголема површина, а исто така се опслужуваат со значително поголем број на вработени во споредба со просекот на ниво на држава.

На територијата на ЛАГ-от Пелагонија има голем број на верски објекти: цркви, џамии и манастири кои се градени во сите различни историски периоди почнувајќи од ранохристијанството, па сè до периодот на новото време и XX век.

Од раноантичкиот период на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија, најпознат е археолошкиот локалитет Хераклеја (Heraclea Linkestis), кој  се наоѓа на јужната периферија на градот Битола. Овој антички град бил изграден во текот на IV век п.н.е. од страна на македонскиот крал Филип II. Хераклеја ја красат остатоци од сакрални објекти, украсени со уникатни мозаици, кои заедно со ранохристијанските верски објекти, портикот на судницата, термалната бања и театарот, го ставаат овој антички град високо на пиедесталот на археолошки остатоци со непроценливо значење за македонскиот народ и за културата на другите европски народи.

На 18 км од Битола се наоѓа Селото Маловишта  до кое се доаѓа преку магистралниот пат Битола - Охрид. Тоа е планинско село со надморска височина поголема од 1.000 м и е единствената населба во границите на Националниот Парк Пелистер. Околу селото Маловишта постојат неколку пешачки патеки. Тоа има карактеристична архитектура во грчко-медитерански стил. Изградено е како населба со збиен тип на куќи, на два или три ката, ѕидани од камен и покриени со камени плочи. Во внатрешноста на куќите има типично градски елементи: резбани таваници, сергени, камини, сликани таваници, миндери и др. Улиците во селото се калдрмисани, а мостовите се со камени лакови. Во Маловиште има 5 христијански цркви: Манастирот „Св. Ана", трите цркви „Св.Спас", „Св. Ѓорѓи" и „Св. Атанас" и грандиозниот катедрален храм посветен на „Св. Петка" кој е изграден во 1852 година и има најголема културна вредност. Во црквата „Св. Петка" е поставен еден од најголемите и најубавите иконостаси во овој дел на Балканот. Во црквата постои збирка

од преку стотина икони работени од познати зографи, ретки примероци на печатени книги и предмети во метал и дрвена резба.

Селото Буково се наоѓа во јужниот дел на Општина Битола, на оддалеченост од 5 км од градот Битола на источните огранци на Планина Баба. Тоа е ридско село, расположено на 720 м.н.в. Во непосредна близина на селото се наоѓа археолошкиот локалитет Хераклеја. Селото Буково има карактеристична архитектура на постарите куќи кое зборува за славното минато и материјалното богатство на жителите. Куќите се во барокен стил како што се куќите на Широк Сокак во Битола. Но, и оние кои се изградени од делкан камен се исто така забележителни особено заради својата импозантната големина од два или три ката. За духовното и културното минато на Буково сведочи буковскиот манастир „Свето Преображение" кој е возобновен во 1837 година на темелите на постарата црква, но се споменува во записи од XVI и XVII век.
Буково е едно од малкуте места во Македонија каде секоја година во последната недела пред Велигден се слави празникот Лазара. За време на празникот младите девојки од селото се облекуваат во богати традиционални селски носии и шетајќи од куќа до куќа пеат Лазарски песни.
Буково е светски препознатливо по својата многу лута црвена буковска пипер.

Планината Ниџе која се простира југоисточно од градот Битола е карактеристична по својата недопрена природа, боровите шуми, чистите реки и пасиштата кои се наоѓаат на височина поголема од 2.000 м. Највисок врв е Кајмакчалан (2.521 м). На овој врв се наоѓа мала црква, има спомен Костурница на паднатите српски војници од Првата Светска војна и тука е и урната, во која некогаш се чувало срцето на лекарот од Швајцарија, Доктор Рајс. Овој локалитет е особено атрактивен за ловците, риболовците, како и љубителите на авантуристичкиот туризам.

Илинска планина се наоѓа помеѓу Општините Демир Хисар и Дебарца и е една од најстарите планини на Балканскиот Полуостров. Богата е со различни видови на шуми, пасишта, извори на ладна планинска вода, различни растенија и животни. Пристапните патишта од Кичево и од Охрид водат скоро до подножјето на највисокиот врв Лиска (1.908 м), од кој се гледаат и Охридското и Преспанското Езеро. Од подножјето на Илинска Планина извира Црна Река. Илинска планина е едно од еколошки најчистите места во Република Македонија каде може да се собираат лековити билки и шумски плодови. Патеката за искачување на врвот Лиска тргнува од с. Прострање, кое се наоѓа на 25 км од Кичево, на оддалеченост од 1 км од регионалниот пат Кичево-Битола. За искачување до врвот Лиска од с. Прострање потребни се околу 3,5 часа. На врвот Лиска може да се стигне и од селата Големо и Мало Илино преку манастирот Св. Илија од Демирхисарска страна, и од с. Велмеј од Охридската страна.
На Илинска планина се наоѓаат и неколку археолошки локалитети: Кидрае, Бојано лозје и Виноград. На подрачјето на општината Дебарца се наоѓа блатото Белчинскиот Син Вир (познато уште како Белчишко Блато или Сини Вироj), како и пештерите Змаева и Голја.

Во селото Крклино кое е оддалечено само 5 км од Битола се наоѓаат Авто и Етно музеи кои ја содржат збирката на реткости „Филип" во сопственост на семејството на г-дин Борис Таневски.
Авто музејот го сочинуваат десетина постари автомобили и околу 24 мотори. Етно музејот го сочинуваат повеќе простории: селска, градска, еврејска соба и антикварница. Во сите овие простории може да се видат предмети кои се користеле во минатото, како алати за работа, прибор за домаќинството, покуќнина, може да се погледне и збирката на старо оружје, разновидните музички инструменти како и колекцијата на народни носии од Битолскиот регион.

Во селото Крклино исто така постои хиподром на површина од 20.000 $м^2$, приватна инвестиција на сопственикот Васко Вељановски. Хиподромот засега располага со шест расни коњи, и тоа од расата Липицанер и Хановер. Понудата опфаќа јавање на хиподромот т.е. во мањажот, рекреативно и тричасовно теренско јавање низ околината која изобилува со патеки низ боров а и дабова шума.

Подрачјето на општината Демир Хисар е недоволно археолошки испитано но, сепак постојат индикации дека најголем дел од археолошките локалитети потекнуваат од античкиот период (особено архијскиот) и средновековниот период (особено Византискиот). На локалитетите постојат делови од населби, тврдини, некрополи, фрагментарна керамика и сл. Евидентирани археолошки локалитети се: „Граишка Чука" над село Граиште и локалитетите во селата Обедник, Жван, Зашло, и Железнец, како и над с. Сопотница.
Според временската класификација најзастапени се спомениците од средновековниот и турскиот период. На подрачјето на општината постојат вкупно 62 цркви и манастири од кои по својата старост, сочуваност, начин на градба, живопис и местоположба се издвојуваат 7 објекти кои се заштитени со Закон:
- манастирот „Свети Јован" со црквата „Свети Никола" во селото Слепче (XIV век),
- манастирот „Журче" со црквата „Свети Атанасие Александриски" (XVII век),
- црквата „Свети Атанасие" во селото Слоештица,
- манастирот „Свети Никола" (Теплички) кај селото Слоештица (XIV век),
- црквата „Света Петка" во селото Жван (XIV век),
- латинска црква „Свети Димитрие" во селото Жван (XVII век) и
- црквата „Влашки гробишта" (во урнатини) во село Обедник.

Понови спомен обележја и значајни историски места од Илинденскиот период и периодот од НОВ се: споменикот на Даме Груев; Меморијалниот музеј „Смилевски конгрес" во селото Смилево; споменикот на Јордан Пиперката во близина на село Жван; гробница на 15 востаници од Илинденското востание во село Слепче и спомен обележувања од периодот на НОВ во селата Жван и Бабино.

Демирхисарската област претставува вистински творечки феномен со преку 70 автори кои потекнуваат од овој крај. Во селото Бабино се наоѓа библиотеката „Ал-би“ основана во 1882 година, и сместена во стара импозантна камена двокатница на крајот од селото. Библиотеката располага со бесценето книжно богатство, односно фонд од над 20 илјади наслови. Иако селото има само 34 жители, библиотеката брои 3.000 читатели, а годишно ја посетуваат по 3.500 вљубеници во природата и убавиот збор. Благодарение на книгата селото станува возбудлива туристичка дестинација. Во состав на библиотеката е отворена етно-соба и изграден е првиот приватен амфитеатар. Амфитеатарот е изграден од вештите раце на ѕидарите од Пустец, Албанија. Располага со капацитет од 150 седишта. Тоа е место каде се случуваат промоции, предавања, книжевно-публицистички трибини, литературни читања и музичко-сценски настапи. Етно-собата има површина од 16 $м^2$ и во неа се сместени повеќе од 120 експонати изработени од материјали како дрво, платно, бакар, месинг и керамика и го отсликуваат ова поднебје со целата негова естетска и музејска вредност.

Демир Хисар има во надлежност Дом на култура како локална културна институција.
Како природна реткост, во општината се евидентирани пештерите над селото Сопотница. Карактеристично за општината е тоа што сеуште постојат и работат природни валавници во селата Вирово и Слоештица, како традиционален начин на валање, бојадисување и перење на волнени предмети.

Во општината Демир Хисар, забранет е ловот на мечката, срната, рисот, еленот, верверицата, соколот, бувот и орелот, а дозволен е ловот на зајакот и дивата свиња.
Во Општина Новаци има 51 црква, 14 манастири, 2 параклиси, споменици од илинденскиот период, споменици од Првата светска војна, НОБ и Револуцијата и Пешта која зборува за животот во Мариово за време на Римското царство. Во селото Паралово се наоѓа споменикот за познатиот учител, револуционер и војвода, Ѓорги Сугарев. Општината Новаци нема културни институции. Општина Могила има 20 цркви, 3 манастири и 1 џамија во с. Будаково.

Во општината Могила најдени се фрагментирани остатоци од керамика од бронзеното доба. Радоборската тумба која се наоѓа на територијата на општина Могила се смета дека е местото каде била формирана првата работилница за грнчарија на Балканот, чии артефакти се изложени во галеријата на НУ Завод и Музеј Битола.
Општина Могила има реконструиран Дом на култура за кој е иницирана постапка за добивање на статус на јавна институција.

Петвековното владеење на Турската империја е видливо преку присуството на големиот број духовни објекти поврзани со муслиманската култура. Најпознати репрезенти на овој период се Јени џамија, Исак џамија и Ајдар-Кади џамија во Битола.

Во овој регион освен изобилството на традицијата и културното богатство, постои богата исполнетост и со нова, современа култура и уметност.

**Од манифестациите со интередисциплинарен карактер можат да се споменат:**
- Битолско културно лето „Бит-Фест“ (фестивал на градот),
- интернационален „АКТО“ - Фестивал за современи уметности (Битола),
- Младински арт фестивал „Битола отворен град“,
- „Славење на пирејот” (село Слоештица, Демир Хисар),

**Манифестации кои се посветени на славење на традицијата, религиозните празници и обичаи, јубилеи, славење на историски личности важни за локалната заедница:**
- интернационалниот Фестивал на народни песни и игри „Илинденски денови” - Битола,
- „Локум фест” - фестивал на етно музика и ракотворби (Битола),
- Брезовски културни средби (село Брезово, Демир Хисар),
- „Денови на Смилевскиот конгрес” - Демир Хисар,
- „Водичарки” - општина Могила,
- Фестивал на пејачи-аматери во Добрушево - општина Могила.

**Поголемиот дел од манифестациите се ориентирани по области и третираат:**
**музика**
- класична музика: Музички вторник во НУ Центар за култура - Битола;
- сериозна музика: „Интерфест“ - Битола;
- современа музика: „Солстис“ - Битола;
- Илинденски концерт на етно музика - Новаци;
**музика од светот:**
- Фестивал на музика од светот - Битола; и
- музика за деца: „Си-До” и „Тра-ла-ла” во Битола;
- Фестивал на пејачи-аматери во Добрушево - општина Могила, кој има регионален карактер и 34-годишна традиција и др.),

**театар:**
- Интернационален фестивал на монодрама - Битола,

**филм**
- Интернационален фестивал на филмска камера „Браќа Манаки" - Битола,
- „СТАВ" - Фестивал за видео арт и експериментален филм,
- Интернационален фестивал на аматерски (непрофесионален) документарен филм „Камера 300" во Битола

**ликовна уметност**
- интернационале „Мал битолски Монмартр" и
- „Графичко триенале" во Битола,

**литература/ национален карактер:**
- „Месец на книгата" во Битола,
- Роднокрајна средба на писателите од Демир Хисар

Согласно Одлуката за утврдување на мрежата на националните установи од областа на културата донесена од Министерството за култура во 2003 година, како институции од национален карактер се вбројуваат:
- НУ Народен театар Битола,
- НУ Завод и Музеј Битола,
-НУ Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" Битола и
- НУ Центар за култура - Битола од Битола.

Регионот изобилува и со приватни и национални галерии и галериски простори и тоа: Галерија „Магаза" во Битола, „Украс", Ателје за резба, Изложбена галерија на градската библиотека „Борка Талески".

Значајна е да се спомене и сè поголемата активност на граѓанскиот сектор кој развива програми значајни за развојот на современата култура во регионот. Некои од препознатливите се: „АКТО" - Фестивал за современи уметности во организација на НВО „Факултет за работи што не се учат" во Битола, „Битола отворен град" во организација на Младински културен центар (МКЦ) - Битола, резиденцијалниот простор во Слоештица (Демир Хисар) на Арт Поинт Гумно, како и активностите на приватните театри Детски театар „Бабец" и Мал драмски театар од Битола.
Од големо значење за туризмот се и занаетите кои сеуште ги има во регионот. Некои од најпознатите се: бочварскиот занает; занаетот на рачно изработување на плетени производи кои се употребуваат како украс во домаќинствата не само во регионот, туку и во целата држава; калајџискиот занает; столарскиот занает и керамичкиот занает.

Во Националниот парк Пелистер постојат обележани и уредени патеки. Трите главни патеки се:
1) Битола – Трново – Магарево (крак кон Голема ливада - Ротино) - Информативен центар - Хотел Молика
2) Кажани – Маловишта и
3) Информативен центар - Палиснопје - Цапарска пресека - Ловечка куќа - Антена - Големо Езеро.
Во НП Пелистер постојат и неколку показно - едукативни патеки: Детска, Патека за Првата Светска Војна и Патеката по камењарот.

Постои и уредена планинарска патека на релацијата Големо езеро - село Брајчино кое го поврзува Пелистер со Преспанското езеро. Патеката е долга 17 км, обележана со црвена и бела боја, а за да се стигне до Брајчино потребни се 4 часа. Во обратен правец потребни се околу 6 часа.

Од Големото езеро кон селото Нижеполе постојат повеќе патеки. Посетителите без поголемо искуство во планина најчесто ја користат онаа која се спушта по течението на рекара Сапунџица. Спуштањето се изведува по десната страна од реката се до жичарницата со скијачките патеки. Од таму па се до селото Нижеполе се продолжува по асфалтен пат.

Од центарот на селото Маловишта започнува патеката која води до храмот Св. Петка, манаститорт Св. Ана и црквата Св. Спас во Маловишта, преминува на преспанската страна на планината, преку црквата Св. Ѓорѓи во Курбиново се до манастирот Раѓање на Св. Богородица во с. Сливница.

Покрај овие патеки, позната е патеката која е дел од трасата на стариот римски пат Via Egnatia, преку кој во античкиот период, нои подоцна, се поврзувало јадранското и егејското крајбрежје. Патеката со должина од 20 км започнува во близина на Битола, и од селото Трново води кон Магарево, преку Ротино и Цапари се до сакралните споменици во селото Маловишта. За ноќевање и престој во овие села можат да послужат конаците на манастирите Св. Богородица во с. Трново, Св. Петка во Цапари и Св. Ана во Маловишта. Во реонот на селата Трново, Магарево, Дихово и Нижеполе постојат мали хотели, а се нуди и можност за сместување во адаптирани куќи со традиционална македонска архитектура. Тука може да се вкуси и дел од традиционалната кујна: домашни пити, сукани зелници, питулици, месо на жар, грав, сарма, мусака, итн.

Во Националниот парк Пелистер има инсталирано жичара и постои ски-патека. На Пелистер и Баба Планина во функција на туризмот се неколку планинарски домови (Големо Езеро – планинарски дом „Димитар Илиевски-Мурато“ (2.218 м), „Неолица“ (1.370 м) и „Ловечка куќа“ (1.940 м).

**5.6 Инфраструктура и капацитети**

**5.6.1. Снабдување со вода**

Градот Битола и околните села се снабдуваат воглавно со вода за пиење од централниот градски водовод кој користи површинска вода од сливот на реката Драгор односно од пелистерскиот воден слив, додека во летниот период поради зголемената потрошувачка, потребите се дополнуваат од хидросистемот Стрежево. Со водоснбдувањето управува Претпријатието за водоснабдување ЈП “Водовод“ - Битола кое е основано во 1920 година со примарна дејност производство и дистрибуција на чиста вода за пиење. Со изградбата на филтерската станица во с. Дихово во 1984, е решен најголемиот дел од проблемите поврзани со обезбедување на доволни количини квалитетна вода за пиење за градот Битола и околните села. Со дополнителните зафати водоснабдувањето на населението и индустријата е обезбедено до 2020 год.

ЈП „Стрежево“ кој стопанисува со хидромелиоративниот систем Стрежево, е основано во 1978 година, додека системот е во експлоатација од 1982 година. Овој систем ги зафаќа сите води од реките Шемница и Драгор со своите притоки и водотеците од Баба планина: Кишавска, Граешка, Остречка, Злокуќанска, Стара Река, Киндерка и истите се влеваат во акумулацијата. Браната е изградена на реката Шемница. Преку главниот доводен канал, се дистрибуира акумулираната вода. Стрежево служи за снабдување на Битола и другите населени места со вода за пиење, ги снабдува со индустриска вода одделните капацитети во Битола меѓу кои и РЕК Битола. Овој систем

служи за наводнување на повеќе од 20.200 ха земја во Пелагонискиот регион. Покрај оваа активност, Стрежево се занимава со производство на електрична енергија во своите хидроцентрали, со одгледување на риби и печурки, со угостителски дејности и др. Системот Стрежево исто така служи за заштита од поплави.

На територијата на општина Демир Хисар населените места Демир Хисар, Слепче, Суводол и Кутретино, со вода се снабдуваат од градскиот водовод. Другите села имаат сопствен водоводи кои се состојат од каптажа, доводна и разводна мрежа и резервоари. Триесет и пет од вкупно 41 населено место (85%) имаат организирано водоснабдување кое опфаќа 9.076 од вкупно 9.497 жители (96%), односно покриени се 397 од 480 км$^2$ (83%).

На територијата на општина Могила, населените места Могила, Радобор, Чарлија, Трап и Будаково се поврзани на градскиот водовод – Битола преку крак од регионалниот водовод. Со нив стопанисува ЈКП „Водовод“ - Битола. Во останатите села има локални водоводи со користење на артерски бунари. Со нив управуваат месните заедници. Во с. Подино се уште нема водовод, додека пак во населените места Алинци, Дедебалци, Свето Тодори населението се соочува со проблемот на недостиг на вода.

Приближно 75% од населените места во општина Новаци се обезбедени со вода за пиење, а во 25% сеуште нема водовод. Со дел од водоводите стопанисува ЈКП „Водовод“ од Битола, а дел од населените места се снабдуваат со бунари.

На територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија делува и Водостопанство Битолско поле од Битола, кое има 15 вработени и кое е одговорно за одводнување и чистење на каналите, и се важен фактор во секторот земјоделство. Подрачјето на дејствување на водостопанство Битолско Поле - Битола е географско подрачје кое опфаќа површини и корисници од општините Битола, Могила, Новаци и Демир Хисар. Водостопанство Битолско Поле - Битола го стопанисува, користи и одржува системот за одводнување Пелагонија - Битолски дел со водостопанските објекти II, III, IV, V, IX, X, XIII канал, ободни канали Агларци, Ивањевци, Добрушево и ГОК Чарлија и другите водостопански објекти кои се составен дел на системот за одводнување вклучувајќи ги уредените корита на Црна Река, Елешка Река, Река Шемница и река Драгор (низводно од Градот Битола) и другите уредени водотеци и порои кои се во состав на системот за одводнување Пелагонија – Битолски Дел.

**5.6.2. Канализација**

Покриеност со канализациона мрежа на територијата на општина Битола изнесува 82%. На пример, поголемит села Кравари, Цапари, Горно Оризари и Долно Оризари имаат покриеност со канализациона мрежа од 80%. Канализационата мрежа сеуште не е заокружена, при што општината се среќава со проблемот со третманот на отпадните води (од станбените населби и индустриските отпадни води) кои се испуштаат во река Драгор, и преку река Црна одат во Тиквешкото Езеро и потоа во реката Вардар. Потребно е доизградба на колекторскиот систем, изградба на колекторски станици, решавање на проблемот со петтиот канал кој е отворен и изградба на пречистителни станици за кои постојат повеќе технички проекти, но нема доволно финансиски средства.

На територијата на општина Демир Хисар организирано одведување на отпадните води, како од домаќинствата, така и од индустријата има во градот Демир Хисар, како и во селата Сопотница, Суводол, Кутретино, Слепче и Велмевци, каде има изградено примарна канализациона мрежа.

Пречистителни станици за отпадни води има само во селата Сопотница, Суводол и Кутретино. Дел од отпадните води од домаќинствата, индустријата и фармите, каде нема изградено примарна канализациона мрежа, директно се испуштаат во реките, а дел се одведуваат во индивидуални септички јами, местимично површински. Атмосферските води се испуштаат слободно по површината на теренот. Шест од вкупно 41 населено место (15%) имаат организирано собирање на отпадните води кое опфаќа 4.964 од вкупно 9.497 жители (52%), односно покриени се 52 од 480 км$^2$ (17%).

Во општина Могила канализација има изградено во населеното место Могила, која се состои од главна колекторска мрежа, дел од споредната колекторска мрежа и пречистителната станица.

Во општина Новаци технички проекти за фекална канализација има изработено само за населените места Новаци и Бач, а изградена е дел од фекалната канализација во Новаци.

**5.6.3. Индустриски зони**

На територијата на сите 4 општини кои влегуваат во состав на територијата на ЛАГ-от постојат развиени индустриски зони и други можности за инвестирање, пред се за користење на објекти во општинска сопственост за деловни цели.

Индустриската зона Жабени покрај Битола има површина од 344 ха. Зоната се наоѓа на 5 км оддалеченост од границата со Република Грција и 9 км од градот Битола. Зоната е лоцирана на патниот правец А3, делница Битола (крстосница Кукуречани) – граница со Република Грција (ГП Меџитлија) и веднаш до самата железничка пруга Битола - Лерин. Зоната обезбедува пристап до електрична, водоводна и канализациона мрежа. Цената на земјиштето во зоната изнесува 1 м$^2$, а инвеститорот се ослободува 100% од комуналните давачки ако вработи повеќе од 300 лица. Зоната е погодна за: лесна индустрија, логистички и дистрибутивни центри, трговски центри и супермаркети, хотели, велнес и забавни содржини и креативни индустрии (филм, 3Д продукција). Во зоната се продадени 29 парцели со површина од 23 ха на инвеститори од Германија, Италија, Грција и Македонија, наменети за хотел, фабрика за електро-машинска индустрија, дрвна индустрија, месопреработувачка, конзервна и текстилна индустрија.
Покрај зоната Жабени на територијата на општина Битола постои можност за изградба и развој на туристички центар Нижеполе. Локацијата се наоѓа во подножјето на Баба планина на оддалеченост од 4 км од градот Битола и има површина од 17 ха. Локацијата се наоѓа блиску ски-центарот Стрежево на 1.100 м.н.в. Предвидени содржини се: спортски комплекс, хотелски комплекс, ресторани и продавници, услужни содржини: пошта, банка, аптека и др.
Исто така постои можност за инвестирање во голф комплекс (ресорт) на локација со површина од 120 ха која се наоѓа на 3 км од Битола со поглед на националниот парк Пелистер и Баба планина.

Индустриската зона Демир Хисар има површина од 25,6 ха и 56 засебни парцели. Зоната е лоцирана на регионалниот пат Р1305 Битола - Кичево, на оддалеченост од 1 км од Демир Хисар. Зоната обезбедува пристап до електрична, водоводна и канализациона мрежа. Индустриската зона е погодна за: индустриски капацитети, собирни пунктови за природни суровини, агро-преработувачки капацитети, магацински простор и деловно - административни згради.
Покрај зоната, на територијата на општина Демир Хисар има можности за користење на неколку објекти во општинска сопственост за деловни цели:

1. Објект Дом на млади во с. Слепче за пренамена во деловни цели со вкупна површина од 627 $м^2$, во релативно добра состојба и досега зградата е користена како погон за текстилна индустрија од страна на странски инвеститор од Република Грција.
2. Објект училиште во с. Смилево за користење во деловни цели со површина од 576 $м^2$, во релативно добра состојба и погодно за конфекција, но и за други намени.
3. Задружен дом во с. Сопотница за користење во деловни цели со површина од 321 $м^2$.
4. Објектот на поранешната болница во Демир Хисар за користење во деловни цели со вкупна површина од 6.468 $м^2$, од кои 1.250 $м^2$ во згради. Досега зградата е користена како погон за производство на украсни свеќи од страна на странски инвеститор од Република Грција.

На територијата на општина Могила постојат можности за инвестирање во индустриската зона Петилеп која е со површина од 17 ха, која се наоѓа во близиана патот А3 Битола - Прилеп. Цената на земјиштето во зоната изнесува 1 $м^2$, а во зоната има пристап до потребната инфраструктура: пат, електрична енергија и вода.
Покрај зоната, на територијата на општина Могила има можности за користење на објект Дом на култура за деловни цели. Објектот е релативно нов (2002), се наоѓа во с. Добрушево и има површина од 200 $м^2$.

На територијата на општина Новаци постојат можности за инвестирање во индустриската зона Новаци која е со површина од 9 ха (со можност за проширување), која се наоѓа на регионалниот пат Р1311 Битола - Новаци, на оддалеченост 11 км од Битоал и 1 км од Новаци. Цената на земјиштето во зоната изнесува 1 $м^2$, а во зоната има пристап до потребната инфраструктура: пат, електрична енергија, вода и канализација. Зоната е погодна за: земјоделство, сточарство и агро-преработувачка индустрија.
Покрај зоната, на територијата на општина Новаци има можности за користење под закуп на училишни згради во рурални места во деловни цели. Објектите се наоѓаат во: 1) Старавина (површина на објектот 700 $м^2$); (2) Брод (142 $м^2$) и (3) Гнеотино (170 $м^2$).

### 5.7 Образование и структурен развој

На територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија постои следната образовна, здравствена и социјална инфраструктура која е презентирана во Табелата 67 подолу.

**Табела 67. Образовна, здравствена и социјална инфраструктура**

| | Гради-нка | Осново училиште | Средно училиш-те | Болница/ Зд. Дом/ Поликли-ника | Амбуланта по општа медицина | Стомато-лошка амбу-ланта | Апоте-ка | Дом за стари лица |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Битола** | **15** | **12** | **7** | **4** | **62** | **87** | **5** | **4** |
| урбан дел | 12 | 10 | 7 | 4 | 54 | 87 | 56 | 3 |
| рурален дел | 3 | 2 | 0 | 0 | 8 | 0 | 0 | 1 |
| Демир Хисар | 1 | 3 | 1 | 2 | 0 | 3 | 2 | 1 |
| Могила | 0 | 3 | 0 | 0 | 5 | 4 | 2 | 0 |
| Новаци | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 | 1 | 1 | 0 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Територија на ЛАГ-от ПеЛАГонија** | **5** | **9** | **1** | **2** | **15** | **8** | **5** | **2** |

Извор: Членовите на ЛАГ-от, октомври, 2014

На територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија, во Битола, Демир Хисар и Новаци постојат вкупно 5 детски градинки за згрижување, образование и воспитување на деца од предучилишна возраст. Во Табелата 68 подолу е даден бројот на деца и вработени во детските градинки на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија по години. Во 2013година, бројот на згрижени деца изнесувал 1.334, а бројот на вработени 193, од кои најголемиот дел во општина Битола.

**Табела 68. Деца и вработени во детски градинки на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија по години**

| | **Вкупно** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | | **2010** | | **2011** | | **2012** | | **2013** | |
| | **Деца** | **Вработени** | **Деца** | **Вработени** | **Деца** | **Вработени** | **Деца** | **Вработени** | **Деца** | **Вработ** |
| Битола | 1.031 | 169 | 1.066 | 186 | 1.152 | 180 | 1.110 | 175 | 1.263 | |
| урбан дел | нд | нд | нд | нд | нд | нд | нд | нд | нд | |
| рурален дел | нд | нд | нд | нд | нд | нд | нд | нд | нд | |
| Демир Хисар | 47 | 16 | 48 | 16 | 49 | 15 | 56 | 14 | 71 | |
| Могила | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | |
| Новаци | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | |
| **Вкупно на територијата на 4-те општини** | **1.078** | **185** | **1.114** | **202** | **1.201** | **195** | **1.166** | **189** | **1.334** | |

Извор:  Државен завод за статистика, макстат датабаза.

**Табела 69. Структура на населението на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија на возраст 15 години и повеќе според школската подготовка, Попис 2002**

| **Општина** | **Вкупно население на возраст 15 години и повеќе** | **Школска подготовка** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Без училиште** | **Некомплетно основно образование** | **основно училиште** | **средно училиште** | **виша школа** | **висока школа (факултет, академија)** | **магистратура** | **докторат** | **Се уште се во процесот на основно образование** |
| Битола | 79157 | 2640 | 10721 | 19654 | 34073 | 4749 | 7013 | 184 | 88 | 35 |
| урбан дел | нд | нд | нд | нд | нд | нд | нд | нд | нд | нд |
| рурален дел | нд | нд | нд | нд | нд | нд | нд | нд | нд | нд |
| Демир Хисар | 8045 | 483 | 2100 | 2253 | 2777 | 217 | 206 | 3 | 0 | 6 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Могила | 5572 | 439 | 1867 | 2184 | 1031 | 35 | 11 | 0 | 0 | 5 |
| Новаци | 3058 | 239 | 913 | 1203 | 644 | 35 | 22 | 0 | 0 | 2 |
| **Вкупно на територијата на 3-те рурални општини** | **16675** | **1161** | **4880** | **5640** | **4452** | **287** | **239** | **3** | **0** | **13** |
| **Вкупно на територијата на 4-те општини** | 95832 | 3801 | 15601 | 25294 | 38525 | 5036 | 7252 | 187 | 88 | 48 |

Извор:  Државен завод за статистика, макстат датабаза, Попис, 2002.

Од табелата 69 погоре може да се утврди дека структура на населението на возраст 15 години и повеќе според школската подготовка, според Пописот од 2002 година, на територијата на 3-те помали рурални општини (Демир Хисар, Могила и Новаци) е изразито неповолна и дека најбројно е населението со завршено основно одделение 5.640 или 33,8% од населението. Исто така може да се забележи дека ситуацијата е особено неповолна во однос на бројот на население со повисока школска подготовка од виша школа, каква имаат само 529 жители (3,17%).

**Табела 70. Редовни основни училишта, паралелки, ученици и наставници, по пол и по општини, на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија во учебната 2013/2014**

| **Општина** | **Училишта** | **Пара-лелки** | **Ученици** | | **Наставници** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **вкупно** | **ученички** | **вкупно** | | **со полно работно време** | | **со пократко полното работно вр** | |
| | | | | | **сé** | **жени** | **вкупно** | | **вкупно** | |
| | | | | | | | **сé** | **жени** | **сé** | **ж** |
| **Република Македонија** | **988** | **10.877** | **191.051** | **92.461** | **17.219** | **11.576** | **14.896** | **10.217** | **2.323** | **1** |
| **Пелагониски регион** | **174** | **1.200** | **19.655** | **9.478** | **2.012** | **1.419** | **1.637** | **1.213** | **375** | |
| Битола | 48 | 431 | 7.464 | 3.609 | 728 | 564 | 603 | 491 | 125 | |
| урбан дел | нд | нд | нд | нд | нд | нд | нд | нд | нд | |
| рурален дел | нд | нд | нд | нд | нд | нд | нд | нд | нд | |
| Демир Хисар | 15 | 50 | 555 | 287 | 87 | 59 | 58 | 43 | 29 | |
| Могила | 15 | 50 | 528 | 252 | 88 | 65 | 67 | 52 | 21 | |
| Новаци | 9 | 21 | 230 | 106 | 41 | 31 | 34 | 26 | 7 | |
| **На територијата на 4-те општини** | **87** | **552** | **8777** | **4254** | **944** | **719** | **762** | **612** | **182** | |

Извор: Државен завод за статистика, Статистички годишник, 2014.

Основното образование на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија е организирано во 87 основни училишта (ОУ) , со вкупно 8.777 ученици. Наставата ја спроведуваат вкупно 944 наставници, од кои 762 се со полно работно време. Од Табелата 71. подолу може да се забележи дека бројот на ученици по одделенија на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија изнесува приближно 1.000 ученици, од кои 85% се во општина Битола.

**Табела 71. Ученици во редовните основни училишта, по одделенија и по општини во учебната 2013/2014 година**

| Општина | Вкупно | Ученици по одделенија | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII |
| **Република Македонија** | **191.051** | **21.437** | **21.444** | **21.120** | **21.735** | **22.054** | **21.968** | **17.718** | **43.575** |
| **Пелагониски регион** | **19.655** | **2.262** | **2.341** | **2.216** | **2.189** | **2.211** | **2.314** | **1.682** | **4.440** |
| Битола | 7.464 | 883 | 899 | 830 | 842 | 844 | 868 | 608 | 1.690 |
| Демир Хисар | 555 | 50 | 62 | 61 | 67 | 73 | 66 | 43 | 133 |
| Могила | 528 | 69 | 67 | 64 | 59 | 64 | 41 | 36 | 128 |
| Новаци | 230 | 33 | 33 | 31 | 29 | 19 | 26 | 2 | 57 |
| **На територијата на 4-те општини** | **8.777** | **1.035** | **1.061** | **986** | **997** | **1.000** | **1.001** | **689** | **2.008** |

Извор: Државен завод за статистика, Статистички годишник, 2014.

**Табела 72. Ученици во основните училишта на кои им е обезбеден превоз до училиштето, по општини, во учебната 2013/2014 година**

| Општина | Ученици на кои им е обезбеден бесплатен превоз до училиштето | | |
|---|---|---|---|
| | I-V | VI-IX | Вкупно |
| **Република Македонија** | **1.112** | **2.178** | **3.290** |
| **Пелагониски регион** | **123** | **415** | **538** |
| Битола | 41 | 178 | **219** |
| Демир Хисар | 35 | 111 | **146** |
| Могила | 21 | 71 | **92** |
| Новаци | 0 | 0 | **0** |
| **На територијата на 4-те општини** | **97** | **360** | **457** |

Извор: Државен завод за статистика, Статистички годишник, 2014.

Бројот на ученици на кои им е обезбеден бесплатен превоз до училиштето на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија изнесува 457 ученици (85% од вкупниот број на ученици на кои им е обезбеден бесплатен превоз до училиштето во Пелагонискиот плански регион), од кои 97 од I до V одделение, и 360 од VI до IX одделение.

**Табела 73. Редовни средни училишта, паралелки, ученици и наставници, по општини, на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија во учебната 2013/2014**

| Општина | Учи-лишта | Пара-лелки | Ученици | | Наставници | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Сé | Ученички | Вкупно | | Со полно работно време | | Со пократко о полното работ време | |
| | | | | | сé | жени | сé | жени | сé | жен |
| **Република Македонија** | **113** | **3.455** | **86.418** | **41.186** | **7.322** | **4.314** | **6.209** | **3.628** | **1.113** | **6** |
| **Пелагониски регион** | **17** | **400** | **9.379** | **4.563** | **847** | **562** | **673** | **453** | **174** | **1** |
| Битола | 8 | 174 | 4.300 | 2.107 | 402 | 270 | 315 | 211 | 87 | |
| Демир Хисар | 1 | 13 | 227 | 98 | 30 | 17 | 14 | 9 | 16 | |
| **На територијата на 4-те општини** | **9** | **187** | **4527** | **2205** | **432** | **287** | **329** | **220** | **103** | |

Извор: Државен завод за статистика, Статистички годишник, 2014.

На територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија, високо образование е организирано во Битола и тоа на: Универзитет „Свети Климент Охридски” - Битола; Меѓународниот Славјански институт-Свети Николе „Гаврило Романович Државин“ - Свети Николе/ Битола и на Високите стручни школи (Висока медицинска школа - Битола и Бизнис-академија Смилевски - Скопје/ Одделение за дисперзирани студии Битола). Вкуниот број студенти на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија изнесува 4.180, од кои 1.988 се жени, а редовни студенти се 82%. Најголем број на студенти (2.973) се запишуваат на Универзитетот „Свети Климент Охридски” - Битола, а потоа следува Високата медицинска школа - Битола со 787 студенти.

**Табела 74. Вкупен број на студенти по пол и број на редовни студенти во учебната 2012/2013**

| | Вкупен број на студенти | Мажи | Жени | Вкупен број на редовни студенти |
|---|---|---|---|---|
| **Универзитет „Свети Климент Охридски” - Битола** | **2.973** | **1.764** | **1.209** | **2.725** |
| Технички факултет | 1.598 | 1.248 | 350 | 1.461 |
| Факултет за биотехнички науки | 305 | 152 | 153 | 254 |
| Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи | 349 | 164 | 185 | 340 |
| Педагошки факултет | 630 | 132 | 498 | 579 |
| Ветеринарен факултет | 91 | 68 | 23 | 91 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Меѓународен Славјански институт-Свети Николе „Гаврило Романович Државин“ Свети Николе/ Битола[10]** | **205** | **120** | **85** | **69** |
| Факултет за економика и организација на претприемништво | 114 | 77 | 37 | 34 |
| Факултет за информатика | 10 | 8 | 2 | 2 |
| Факултет за психологија | 55 | 14 | 41 | 29 |
| Факултет за безбедносно инженерство | 26 | 21 | 5 | 4 |
| **Висока стручна школа** | **1.002** | **308** | **694** | **634** |
| Висока медицинска школа - Битола | 787 | 157 | 630 | 535 |
| Бизнис-академија Смилевски -Скопје/ Одделение за дисперзирани студии Битола[11] | 215 | 151 | 64 | 99 |
| **Вкупно на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија** | **4.180** | **2.192** | **1.988** | **3.428** |

Извор: Државен завод за статистика, Статистички годишник, 2014.

Од табелата 75 подолу може да се забележи дека на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија, домови за возрасни лица има само во општина Битола (кој се наоѓа во урбаниот дел на Битола), и постојат само јавни установи. Вкупниот број на згрижени лица изнесувал 156 во 2012 година.

**Табела 75. Корисници во јавни и приватни установи - домови за возрасни лица на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија по години**

| Општина | Вкупно | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2009 | | 2010 | | 2011 | | 2012 | |
| | Јавна | Приватна | Јавна | Приватна | Јавна | Приватна | Јавна | Приватна |
| Битола | 142 | 0 | 146 | 0 | 142 | 0 | 156 | 0 |

Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза.

### 5.8 Други мерки за структурен развој

На територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија има значителни институционални капацитети што може да се искористат за негов развој преку подготовка и спроведување на проекти.

Покрај четирите единици на локална самоуправа и нивните ЈКП на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија функционира Подрачната единица (ПЕ) на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ), а тука се наоѓа и седиштето на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството (АПРЗ). Подрачната единица на МЗШВ ја спроведува земјоделската политика, води евиденција на земјоделците и врши инспекција, додека АПРЗ и работните единици Битола, Демир Хисар, Могила и Новаци исто така ја спроведува земјоделската политика, придонесува за унапредување на земјоделството преку давање на советодавни услуги за земјоделците и нивна едукација. Покрај овие институции на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија се наоѓаат Јавната Установа Национален Парк Пелистер со седиште во Битола која се грижи за заштита на животната

[10] Во учебната 2014/2015 година во Битола е планирано да се запишат: 200 студенти (100 редовни и 100 вонредни) на Факултетот за економика и организација на претприемништво и 50 студенти (25 редовни и 25 вонредни) на Факултетот за психологија

[11] Бројките се однесуваат на Скопје и Битола

средина и биодиверзитетот, Завод и музеј Битола чија цел е заштита и промоција на културното наследство, како и Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола со приближно 3.000 студенти во учебната 2012/2013 година.

Согласно податоците од Стратегија за соработка на Општина Битола со граѓанскиот сектор и негов постојан развој 2012 - 2015, на територијата на општина Битола, после процесот на нивна пререгистрација, имало 240 граѓански организации (состојба, 31.08.2011). Во 2010 година вкупните остварени приходи на граѓанските организации изнесувал приближно 3,7 милиони евра со вкупно 65 вработени. Најголем дел од здруженијата се: спортски (27%); социо-хуманитарни (6%); професионални (5%), додека културни се 4%. Најголемиот дел од здруженијата (55%) спаѓаат во заедничка категорија каде делуваат: младински организации, организации за заштита на човековите права, родова рамноправност и здруженија на етничките заедници. На територијата на општина Битола делува и Форум на Граѓанските организации од Битола кој брои 30-тина организации.

Граѓанскиот сектор во општина Демир Хисар го сочинуваат: општинска организација на Црвениот крст Демир Хисар, Здружение на пензионери, Центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост (ПОРАКА) - општински центар Демир Хисар, Граѓанска невладина асоцијација Пријатели на Демир Хисар, Невладина организација Поленка, Здружение на ловци – Демир Хисар, Меѓународниот центар за уметност и одржлив развој „Арт Поинт - Гумно“ Слоештица, итн.

Граѓанскиот сектор во општина Могила го сочинуваат: Здружение на тутунари „Тутунец“ - Могила, ЗГ Спорт и млади Могила, Здружение на жени „Могилка“ - Могила, КУД „Димче Могилчето“ – Могила, ЗГ Лидер плус - Могила, итн.

Граѓанскиот сектор во општина Новаци го сочинуваат: Културно Иновативен Клуб (КИК) Новаци, ЕД Кајмакчалан Новаци, КУД „Новаци“ - Новаци, Еколошко Друштво „Пелагонија“ - Новаци, итн.

За спроведување на стратегијата за локален развој на руралните средини на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија на располагање се мерки што се финансираат од централниот буџет во рамки на годишната програма за финансиска поддршка на руралниот развој и мерки во рамки на инструментт за претпристапна помош на ЕУ ИПА 2007 - 2013, Компонента V Земјоделство и рурален развој (ИПАРД).

Во Програма за финансиска поддршка на руралниот развој за 2014 година за спроведување на стратегијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија му стојат на располагање, меѓу другите и следниве мерки:
- Мерка 321 Подобрување на квалитетот на живот во рурални средини
- Мерка 322 Обнова и развој на селата
- Мерка 323 Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја
- Мерка 411 Поддршка за здобивање на знаења и вештини за подготвување и реализација на стратегии за локален развој на рурални средини
- Мерка 413 реализација на стратегии за локален развој на руралните средини.

Општа цел на ИПАРД е обезбедување на финансиска помош за одржливо земјоделство и рурален развој како подготовка на земјите-кандидати за спроведување на Заедничката земјоделска политика (ЗЗП) и управување со средствата од Унијата. Таа е единствена компонента која е насочена кон приватниот сектор поради што е исклучително значајна за националното стопанство и за секторот кој го поддржува. Таа функционира врз основа на партнерско кофинансирање при

што половина од средствата се јавни фондови (од кои 75% отпаѓаат на Европскиот фонд за земјоделство и рурален развој – ЕАФРД, а 25% на буџетот на Република Македонија), а другата половина се приватни фондови на самиот инвеститор. Со одобрување на ИПАРД, како главни долгорочни приоритети за Република Македонија од страна на ЕК се утврдени:

- подобрување на конкурентноста на земјоделските стопанства и прехранбената индустрија преку модернизирање на производствените капацитети и инфраструктура, унапредување на квалитетот на земјоделските производи и подобрување на нивниот маркетинг во насока на зголемување на извозот;
- подготовка на земјата за успешно спроведување на програмите за поддршка финансирани од ЕАФРД, по нејзиното пристапување во Унијата;
- усогласување на македонскиот земјоделско-прехранбен сектор со новата ЗЗП, преку подобрување на ветеринарните стандарди и зголемена заштита на животната средина;
- пренасочување на државната помош во земјоделството од субвенции кон инвестиции;
- обезбедување на одржлив земјоделски, социо-економски и рурален развој преку исполнување на стандардите на acquis communautaire, подобрување на стандардот на земјоделците и зголемување на вработеноста во руралните средини преку диверзификација на руралните активности и
- изградба на техничкиот капацитет на администрацијата.

За периодот 2007-2013 година од 5-тата компонента – ИПАРД за Македонија се предвидени средства во износ од 85,7 милиони евра распределени во 3 приоритетни оски:

1. Приоритетна оска 1 – Подобрување на пазарната ефикасност и спроведување на ЕУ стандардите;
2. Приоритетна оска 2 – Подготвителни активности за спроведување на мерки за заштита на земјоделската средина (Leader+) и
3. Приоритетна оска 3 – Развој на руралната економија.

Спроведувањето на ИПАРД се врши преку институциската структура на ИПА создадена како резултат на процесот на децентрализација на имплементацискиот систем на помошта од ЕУ и која како заеднички институции ги има следните: Компетентен службеник за овластување (КСО), Национален службеник за овластување (НСО), Национален фонд (НФ), Национален ИПА координатор (НИПАК), програмски службеници за овластување (ПСО) и Ревизорско тело, додека како посебни институции задолжени исклучиво за реализација на ИПАРД се: Тело за управување со ИПАРД, ИПАРД агенција и Комитет за мониторинг на ИПАРД.

ИПАРД агенцијата во Република Македонија е Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР). Таа е надлежна институција и договорен орган за спроведување на Инструментот за претпристапна помош за рурален развој на ЕУ (ИПАРД). Таа објавува повици за доставување на барања од страна на заинтересирани физички и правни лица од Република Македонија за користење на средства од ИПАРД Програмата 2007-2013 за следните досега акредитирани мерки:

1) Приоритетна Оска 1/ Мерка 101 - Инвестиции на земјоделските стопанства со цел нивно преструктуирање и надградба за достигнување на стандардите на Европската Унија;
2) Приоритетна Оска 1/ Мерка 103 - Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделските и рибните производи со нивно преструктуирање и надградба за достигнување стандардите на Европската Унија и
3) Приоритетна Оска 3/ Мерка 302 - Диверзификација и развој на руралните економски активности.

Покрај останатите надлежности, функцијата на АФПЗРР во врска со реализација на ИПАРД програмата се состои од административни проверки (прием на барања, одобрување на проекти, одобрување на исплати), извршување на исплати, проверки на терен, водење на бази на податоци и подготовка на извештаи и анализи поврзани со реализација на ИПАРД програмата.

Земајќи ги во предвид средствата алоцирани во оваа програма и дека таа функционира врз принципот на партнерско кофинансирање при што во една инвестиција инвеститорот учествува со 50% од износот, а останатите 50% се грант, тогаш може да се заклучи дека ефектот од оваа програма за земјоделството и руралниот развој потенцијално може да биде многу голем.

**Мерка 101**

Финансиската поддршка за мерка 101 е наменета за земјоделско производство во приоритетните сектори лозарство (1011), овоштарство (1012), градинарство (1013), одгледување на млечен добиток за примарно производство на сурово млеко (1014) и одгледување на добиток и живина за тов за производство на месо (1015). Инвестициите можат да се реализираат на целата територија на Република Македонија.

Шифра/ Тип на инвестиција

10111 - Обновување и модернизација на постоечките лозови насади

10121 - Обновување и модернизација на постоечките овошни насади

10131 - Изградба и обновување на пластеници (со исклучок на тунелски фолии) и стакленици

10132 - Модернизација на производството на зеленчук на отворено

10141 - Изградба/обновување на објекти за одгледување на молзни крави, овци и кози

10151 - Изградба/обновување на објектите за одгледување на маторици и свињи во тов

10152 - Воспоставување на нови живинарски капацитети на земјоделски стопанства за одгледување на бројлери и модернизација на постоечките.

**Мерка 103**

Финансиската поддршка за мерка 103 е наменета за земјоделско-прехрамбениот сектор во приоритетните сектори производство на вино (1031), преработка на овошје и зеленчук (1032), преработка на млеко и млечни производи (1033), производи од месо (1034). Инвестициите можат да се реализираат на целата територија на Република Македонија.

Групите на инвестиции по приоритетни сектори се однесуваат на следниве типови на инвестиции:

Шифра/ Тип на инвестиции

10311 - Инвестиции во подобрување на квалитетот на виното

10321 - Инвестиции во воспоставување и модернизирање на откупни центри за овошје и зеленчук

10322 - Инвестиции во модернизира ње на производствените технологии во капацитетите за преработка на овошје и зеленчук

10331 - Инвестиции за изградба и обновува ње на објекти за воспоставување и модернизирање на собирни центри за млеко

10332 - Инвестиции во модернизирање и технолошкото осовременување на специјализирани капацитети за млечни производи

10341 - Инвестиции за воспоставување на кланични капацитети за живина

10342 - Модернизирање и технолошко осовременување на постоечките кланични капацитети за говеда, свињи, овци/ јагниња и живина

10343 - Инвестиции во преструктуирање на производните капацитети за преработка на месо.

**Мерка 302**

Финансиската поддршка за мерка 302 е наменета за руралната популација за инвестиции во приоритетните сектори: поддршка и развој на микро и мали претпријатијата во руралните средини за преработка на храна, не-прехрамбени произвдствени активности, воспоставување на на алтернативни земјоделски производствени системи на земјоделски стопанства и обезбедување на земјоделски услуги, занаетчиство и рурален туризам, Инвестициите односно локацијата на инвестициите мора да се реализираат во рурални средини.

Шифра/ Тип на инвестиција

30211 - Инвестиции во развој на мали капацитети за преработка на храна

30212 - Инвестиции во развој на не-прехрамбени производствени активности

30213 - Инвестиции во воспоставување и модернизација на откупни центри за шумски производи

30214 - Инвестиции за промоција на традиционални занаети

30215 - Инвестиции за поддршка за обезбедување на руралните услуги (неземјоделски)

30221 - Инвестиции за воведување на алтернативни земјоделски производствени системи

30222 - Инвестиции во изградба/реконструкција и модернизација на капацитети за сместување на отворено

30231 - Инвестиции за воспоставување на „Машински прстени“

30232 - Инвестиции за воспоставување и модернизација на приватните ветеринарни услуги

30241 - Инвестиции за изградба/реконструкција и модернизација на објекти за рурален туризам

## 6. Анализа на локалната област

### 6.1. Анализа на заинтересираните страни на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија

Како дел од анализата на локалната област при изработката на стратегијата, најпрвин е направена идентификација на заинтересираните страни како и нивна детална анализа со користење на неколку алатки како што се: Мапа на заинтересирани страни (Прилог 14.5.1.), 4А Матрица (Прилог 14.5.2.) и Капацитет на системот за соработка (Прилог 14.5.3.).

Од мапата на заинтересирани страни (ЗС) може да се изведат следните заклучоци за моменталната состојба во системот на соработка на ЛАГ-от ПеЛАГонија:
- Постои голем број на Заинтересирани Страни (ЗС) во системот за соработка, посебно во делот на граѓанскиот и приватниот сектор;
- Клучните ЗС се единствено од јавниот сектор (ЕЛС Битола, ЕЛС Демир Хисар, ЕЛС Могила и ЕЛС Новаци, МЗШВ и ЦРППР) и тие меѓусебно имаат добри врски;
- Нема клучни ЗС во делот на приватниот и граѓанскиот сектор;
- Примарни ЗС од јавниот сектор се НП Пелистер, ЈУ Завод и музеј - Битола и АПРЗ - ПЕ Битола, Демир Хисар, Могила и Новаци;
- Примарни ЗС од приватниот сектор со големо влијание се ЗИК Пелагонија и ИМБ Битола, но тие не се вклучија во процесот;
- Нема формализирани врски (на пр. преку договори) помеѓу ЗС;
- Во системот за соработка постојат многу малку цврсти врски, односно генерално доминираат лабави врски помеѓу ЗС;
- Врските на ЕЛС спрема ЈКП се надредени;
- Цврсти врски постојат помеѓу ЕЛС Битола и НП Пелистер и помеѓу ЕЛС Битола и некои граѓански организации и
- Освен ФФРМ, видливо е отсутво на организации што го претставуваат приватниот сектор (на пр. комори, професионални здруженија, и сл.), како и и организации за поддршка на приватниот сектор (на пр. центри за поддршка на бизнисите, и сл.).

Во наредниот период потребно е ЛАГ-от ПеЛАГонија да се работи на идентификување и воспоставување на врски со клучни ЗС од приватниот и граѓанскиот сектор, како и на зајакнување на врските во делот на примарни ЗС од граѓанскиот сектор и приватниот сектор. Исто така треба во системот на соработка да се вклучат организации што го претставуваат приватниот сектор и организации за поддршка на приватниот сектор. Како најјак центар на знаење на територијата на ЛАГ-от, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ би требало да се привлече барем на позиција на примарна ЗС и да оствари подобри врски со ЗС. Од големиот број на ЗС од граѓанскиот и приватниот сектор, ЛАГ-от треба да ги издиференцира оние што имаат про-активност и капацитет за подготовка и спроведување на проекти.

Со алатката „4А Матрица“ анализирани се интересот, областа на делување и поврзаноста помеѓу ЗС. Капацитетите за подготовка и спроведување на проекти имаат: ЕЛС, НП Пелистер, ЈУ Завод и музеј - Битола, граѓанските организации, како и ЦРППР. Едукација вршат: Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола, Организација на жени, ЗГ Лидер плус, ЗГ Рурал Визија, Здружение на пчелари - Нектар, КС Одикон, ЗГ Имка Битола, ЗГ Спорт и млади Могила, Здружение на жени Могила и ЦРППР. Во областа заштита на животната средина активни се: НП Пелистер, ЗГ Движење

за околината Молика, ЗГ Глобал, ЕД Кајмакчалан Новаци, Здружение на ловци – Демир Хисар, и др.

Во областа на заштита и промоција на културното наследство и културата активни се: ЈУ Завод и музеј - Битола, ЗГ Рурал Визија, ЗГ КИК Новаци и ЦРППР.

Во областа „Поддршка на ранливи групи“, воглавно на млади лица и жени, активни се неколку граѓански организации: Организација на жени Битола, ЗГ Имка Битола, ЗГ Спорт и млади Могила, Здружение на жени Могила.
Деловните субјекти кој учествуваат во ЛАГ-от се активни во прехранбениот и преработувачкиот сектор.

Со алатката „Капацитет на системот за соработка“ анализиран е системот на соработка на ЛАГ-от во однос на неколку критериуми: посветеност, вмрежување, технички вештини и знаење, моќ за донесување на одлуки и финансиски ресурси. Може да се забележи дека системот има општа слабост во однос на финансиски ресурси. Тие воглавно се наоѓаат кај ЕЛС Битола и до некаде ЕЛС Новаци, како и во приватниот сектор. Моќта за донесување на одлуки се наоѓа кај: ЕЛС Ресен, НП Пелистер, АПРЗ, ЈУ Завод и музеј - Битола и ЦРППР. Истите истовремено поседуваат и технички вештини и знаења, како и дел од граѓанските организации. Посветеноста, капацитетот за вмрежувањето и техничките вештини и знаење се наоѓаат кај: НП Пелистер, АПРЗ, ЈУ Завод и музеј - Битола и ЦРППР, и здруженијата на граѓани: ЗГ Движење за околината Молика, ЗГ Глобал, Организација на жени и ЗГ Рурал визија. Посветеноста на ЕЛС е генерално оценета како просечна, додека на приватниот сектор како слаба.

Од горе споменатото, може да се заклучи дека капацитетот на системот за соработка на ЛАГ-от ПеЛАГонија треба да се фокусира на изнаоѓање на финански ресурси преку привлекување на нови членови, со посебен фокус на приватниот сектор. Исто така ЛАГ-от треба да работи да ја подобри посветеноста на четирите ЕЛС. Системот има добар капацитет за вмрежување и релативно добри технички вештини и знаење.

Дополнително е направена Анализа на надворешното опкружување на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија (ПЕСТ) преку анализа на надворешните фактори како што се: моќ на влијание, степен на влијание и значење на влијание. Вкупната ПЕСТ анализа е позитивна. Најниска вкупна оценка имаат факторите: „Невработеност“, „Функционирање на правниот систем“, „Состојба со инфраструктурата“ и „Стареење на населението“. Бидејќи се работи за надворешни фактори, ЛАГ-от ПеЛАГонија треба да воспостави систем за нивно следење и да предвиди мерки за справување со истите.

### 6.2. СВОТ анализа на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија

При дијагностицирањето на моменталната ситуација на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија, учесниците на работилниците за изработка на стратегијата ја користеа алатката за Анализа на силните и слабите страни, можностите и заканите СВОТ (анг. SWOT).
СВОТ (SWOT) е кратенка од англиските зборови:
S = Strengths (силни страни)
W = Weaknesses (слаби страни)
O = Opportunities (можности)

T = Threats (закани).
СВОТ анализата е важна планирачка алатка која на систематски и организиран начин помага во идентификување на надворешните (можности и закани) и внатрешните фактори (силни и слаби страни) при дефинирање на една стратегија.
Главен елемент на СВОТ анализата е анализа на информациите што се содржат во неа. Ова е предуслов за ефективна проценка на потребите и за поставување на релевантни цели кои ги земаат во предвид потребите и можностите на територијата на ЛАГ-от.

Силните страни се фактори што ги потенцираат конкурентските предности на територијата на ЛАГ-от. Слабите страни се фактори кои се пречки во развојот на територијата на ЛАГ-от. Можностите се состојби кои со нивно извршување или искористување на придобивките се олеснува и зголемува развојот на територијата. Заканите се непожелни надворешни влијанија или трендови што водат кон назадување на процесот или можат да бидат пречки и ризици во развојот на територијата. Силните и слабите страни се внатрешни фактори на територијата на ЛАГ-от и на нив може да се влијае, додека можностите и заканите се надворешни фактори кои го условуваат локалниот развој на руралните средини, а врз кои членовите на ЛАГ-от и целокупното население на територијата на ЛАГ-от немаат влијание. Силните страни и можностите се позитивни фактори, додека слабите страни и заканите се негативни фактори.
Учесниците на работилниците преку групна работа изработија СВОТ анализа за територијата на ЛАГ-от. При работата во групи, учесниците користеа меки табли и картички (Метаплан метода) за да ги запишат и презентираат своите идеи. Во групната работа учесниците направија:
- Идентификување на Силните и Слабите страни (внатрешни фактори)
- Идентификување на Можностите и Заканите (надворешни фактори).
Во СВОТ анализата се вметнати и елементи од направената Проценка на локалните потреби и капацитети во руралните области на територијата на општините Битола, Демир Хисар, Могила и Новаци (Прилог 14.3.).

Резултатите од така интегрираната СВОТ анализа за територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија се дадени во Табелата 76 подолу.

**Табела 76. СВОТ анализа на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија**

| **1. Силни страни** | **2. Слаби страни** |
|---|---|
| ***1.1. Културно-историско наследство***<br>- Археолошки локалитет Хераклеа<br>- Стара архитектура<br>- Голем број на верски објекти (цркви и манастири: црквата Св. Петка и манастирот Св. Ана, с. Маловишта; џамии, итн.)<br>***1.2. Земјоделство и прехранбен сектор***<br>- Развиено земјоделство<br>- Традиција за земјоделско производство<br>- Големи површини на обработливо земјоделско земјиште<br>- Плодна почва<br>- Производство на градинарски, житни, индустриски култури<br>- Квалитетни земјоделски производи | ***2.1. Работна сила***<br>- Голема стапка на невработеност (особено кај младите едуцирани лица)<br>- Голем дел од населението е со ниско образование<br>- Мал број на занаетчии<br>- Мал број на стручен кадар според барањата на претпријатијата<br>- Мал број на млади претприемачи<br>- Релативно мал број на МСП<br><br>**2.2 Демографија**<br>- Стареење на населението<br>- Мал број на млади жители |

| | |
|---|---|
| **-** Развиено сточарство<br>**-** Најголемо производство на млеко во Република Македонија<br>- Земјоделски Комбинат Пелагонија (најголем производител на житни култури)<br>- Регион со најразвиено пчеларство и најголем број на пчелари<br>- Поволни услови за органско производство<br>- Постојни преработувачки капацитети пред се за млечни производи (2 млекарници, конзервна индустрија, пивара, итн.)<br><br>***1.3. Местоположба***<br>**-** Близина на државната граница со Грција (погранична област)<br>**-** Централна позиција во Пелагонискиот регион<br>**-** Близина на два поголеми градови (Битола, Прилеп)<br><br>***1.4. Животна средина***<br>**-** Чиста и здрава животна средина<br>**-** Националниот Парк Пелистер<br><br>***1.5. Природни богатства***<br>- Прекрасна природа и пејсажи<br>- Ароматични билки и шумски плодови<br>- Природни ресурси (води, планини, извори на минерална вода)<br>- Ендемски видови (Молика, Пелистерска пастрмка, ракчиња)<br><br>***1.6. Туризам***<br>**-** Постојни обележани планинарски патеки на Баба планина (Маловишта-Два гроба-Мало Езеро-Големо Езеро-Орлови води-Нижополе или Брајчино)<br>**-** Хиподром во с. Крклино<br>**-** Пелистер е бренд<br>- Сместувачки капацитети во манастирите<br><br>***1.7. Работна сила***<br>- Млади едуцирани кадри.<br><br>***1.7. Институции***<br>- Постојат институции со капацитет<br>- Високо образовни институции<br>- Голем број на НВО<br>- Голема дијаспора | ***2.3. Животна средина***<br>- Несовесно однесување на граѓаните кон животната средина пред се во однос на одлагањето на цврстиот отпад<br>- Нема интегрирано управување со цврст отпад<br><br>***2.4. Инфраструктура и квалитет на живот***<br>- Недоволна урбано-планска документација за селата<br>- Нерешено водоснабдување<br>- Недоволна инфраструктурна и транспортна поврзаност на руралните средини со поголемите градови<br>- Слабо организиран превоз во руралните средини<br>- Несоодветна патна инфаструктура<br>- Немање на канализации<br>- Железничка пруга со Грција не е во функција<br>- Лоша состојба на системите за наводнување<br>- Инфраструктурата лошо се одржува<br>- Одводните канали не се одржуваат<br>- Мал број на културни настани во руралните средини<br>- Недостаток на здраствени услуги во руралните средини<br>- Недостаток на социјална инфраструктура<br><br>***2.5. Земјоделство***<br>- Голема необработена земјоделска површина<br>- Површини на земјоделско земјиште со ниска класа<br>- Расцепканост на земјоделското земјиште<br>- Неорганизиран откуп на земјоделските производи<br>- Недоволно откупни центри за земјоделски производи<br>- Прекумерна употреба на пестициди, инсектициди и вештачки ѓубрива<br><br>***2.5. Туризам***<br>- Мал капацитет за сместување во руралните средини<br>- Човечките ресурси во секторот туризам имаат мал капацитет<br>- Недоволен број на човечки ресурси за работа во туризмот |

| | |
|---|---|
| | ***2.7. Институции***<br>- Неактивен граѓански сектор<br>- Нема детски градинки, амбуланти, училишта, немање на центри за социјална заштита, спортски терени во руралните области<br>- Недостаток на финансиски средства за економски развој<br>- Мал финансиски капацитет на ЕЛС |
| **3. Можности** | **4. Закани** |
| ***3.1. Туризам***<br>- Зголемен интерес кај туристите во светски рамки за алтернативен туризам (активен - планински велосипедизам и параглејдерство, планинарење, итн.; верски, рурален, итн.)<br>- Интерес кај туристите за посета на уредени археолошки локалитети<br>- Интегрирање на културните и  традиционалните настани во туристичката понуда<br>- Промовирање на традиционална храна<br>- Постои урбанистичко планска документација за изградба на хотели и други туристички објекти<br>- Соработка со ЛАГ-от Преспа<br><br>***3.2. Земјоделство***<br>- Искористување на топла вода од РЕК Битола за оранжериско производство<br>- Побарувачка на пазарот за свежи земјоделски и преработени прехранбени производи<br>- Организиран откуп на земјоделски производи (пиперка, домат, пченка, пченица, јачмен)<br>- Дополнителни приходи од собирање на лековити и ароматични билки<br>- Организирано производство на лековити и ароматични билки<br>- Комасација и арондација на земјоделското земјиште<br>- Здружување на земјоделците во земјоделски задруги<br>- Осигурување на земјоделското земјиште и поставување на градобијни мрежи<br>- Брендирање на земјоделски и прехранбени производи (буковска пиперка, итн.)<br>- Тренд на зголемена побарувачка на органски производи на пазарот кои имаат повисока цена<br><br>***3.3. Инфраструктура и квалитет на живот***<br>- Повторно активирање на железничката пруга | ***4.1. Демографија и миграција***<br>- Голема миграција село - град<br>- Неповолна старосна структура на населението<br>- Иселување на младите<br>- Намалување на наталитетот<br>- Голем број на ергени<br>- Одлив на мозоци “brain-drain”<br><br>***4.2. Земјоделство***<br>- Природни непогоди (на пр. поплави, град, мраз, високи температурни разлики, суша, итн.)  како последица на климатските промени<br>- Пренамена на земјоделско земјиште во градежно<br>- Недоволна заинтересираност на младите за работа во земјоделскиот сектор<br>- Намалување на производството на квалитетна храна поради загадувањето од РЕК Битола<br><br>***4.3. Животна средина***<br>- Загаденост на Црна Река (се користи за наводнување на земјоделските површини)<br>- Влошување на здравствената состојба на населението поради загадувањето од РЕК Битола<br><br>***4.4. Природни богатства***<br>- Исцрпување на капацитетот на рудни богатства<br><br>***4.5. Институции***<br>- Долготрајни административни процедури<br>- Споро административно решавање на проблемите<br><br>***4.6. Туризам*** |

| | |
|---|---|
| Битола - Лерин, Грција<br>- Организирање на спортски манифестации и активности<br><br>***3.4 Финансиски средства***<br>- Искористување на претпристапните фондови на ЕУ и други фондови<br>- Прекугранична соработка со Грција и Албанија<br>- Привлекување на домашни и странски инвеститори<br>- Искористување на државните програми за поддршка<br>- Проекти финансирани со ЈПП<br><br>***3.5. Создавање на нови работни места и самовработување***<br>- Искористување на постоечките индустриски зони (на пр. развој на индустриската зона Жабени) и отворање на нови индустриски зони<br>- Постојат атрактивни локации за снимање на филмови<br>- Зачувување и обновување на стари занаети<br><br>***3.6. Животна средина и енергија***<br>- Селектирање, рециклирање и повторно употребување на отпадот<br>- Искористување на обновливи извори на енергија (биогас, сончева енергија, мали хидро централи)<br>- Заштита на биодиверзитетот (мариовска матица, биволи и др.) | - Нецелосно дефинирана законска регулатива за рурален туризам<br>- Изумирање на старите занаети<br><br>***4.7. Останато***<br>- Политичка нестабилност во поширокиот регион<br>- Намалување на средствата од билатералните донатори. |

Врз основа на погоре презентиранаta СВОТ анализа, може да се сумираат следниве заклучоци:

1. Територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија има важни предности, а истовремено тоа претставува можност за економски развој. Територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија се наоѓа во близина на државната граница со Република Грција (членка на ЕУ). Територијата на ЛАГ-от има централна позиција во Пелагонискиот регион. Битола како втор град по значење во земјата се наоѓа на територијата на ЛАГ-от, а исто така Прилеп како еден од поголемите градови и како земјоделски и индустриски град е во близина. Ова е можност како од аспект на поголемата куповната моќ во двата града така и приливот на дневни и викенд туристи од Република Грција (воглавно во градот Битола). За развој на локалната економија голема можност претставува повторното активирање на железничката пруга Битола - Лерин, Грција.

Сепак потребни се одредени инфраструктурини подобрувања во делот на водоснабдување, одржување на патиштата, системите за наводнување и одводнување и јавниот транспорт.

2. Територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија во најголемиот нејзин дел е чиста и здрава животна средина, која изобилува со природни богатства (Националниот Парк Пелистер каде се наоѓаат двете глацијални езера - Големото и Малото Езеро; прекрасна природа и пејсажи, ароматични билки и шумски плодови; води, планини (Ниџе, Илинска), извори на минерална вода, итн.) , а исто така со извонредно богато културно - историско наследство (голем број на верски објекти - цркви, манастири и џамии, археолошкиот локалитет Хераклеа, и др. културни објекти). На територијата на ЛАГ-от може да се најде богат ендемски биодиверзитет (петолисниот бор Молика, ендемската пелистерска пастрмка, ракчиња во двете пелистерски езера, мариовска пчела, балкански рис, кафеава мечка, итн.), а постои и богата понуда на културни и др. настани и манифестации.
На територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија, особено во подпелистерскиот дел, постојат неколку села како што се Маловишта, Буково и др. кои се карактеристични по својата стара архитектура со импозантни куќи на два или три ката направени од камен и покриени со камени плочи.
На територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија постојат веќе мапирани и обележани планинарски патеки на Баба планина, дел од нив се во НП Пелистер, а преку патеката до с. Брајчино се поврзува со Преспанскиот регион. Пелистер е највисокиот врв на Баба Планина и на некој начин препознатлив бренд. На територијата на ЛАГ-от има и др. атракции како хиподромот во с. Крклино, каде постојат и Авто и Етно музеи, а посебно е интересна колекцијата на народни носии од Битолскиот регион.
Во некои од селата, како на пр. Дихово веќе постои одредено искуство со понуда за сместување, но сепак капацитетите за сместување во руралните средини се многу ограничени. Сместувачки капацитети постојат исто така во дел од манастирите и планинарските домови.
Постојат добри предуслови за развој на руралниот туризам и алтернативните форми на туризам, пред се активен туризам како што се планински велосипедизам, параглејдерство, пешачење и планинарење, итн. Во прилог одат трендовите на зголемен интерес кај туристите за алтернативни форми на туризам во светски рамки и посебно туризмот поврзан со проучување на уникатната флора и фауна. Во овој дел постои можност за поврзување со ЛАГ-от Преспа и создавање на синергии преку интегрирање на двете туристички понуди, а исто така и заедничко промовирање на традиционалните гастрономски специјалитети карактиристични за двете територии.
Имајќи ја во предвид традицијата и големиот број на настани и манифестации што се организираат, како и изработената Стратегијата за културен развој на Пелагонискиот плански регион 2013 - 2016, потребно е да се искористат можностите како што се интересот кај туристите за посета на уредени археолошки локалитети и интегрирање на културните и традиционалните настани во туристичката понуда.
За целосно да се искористат потенцијалите потребно е да се работи на организирање на туризмот, подобра соработка помеѓу заинтересираните страни, дополнување и интегрирање на понудата, зголемување и подобрување на квалитетот на сместувачките капацитети во руралните средини и подобра целно насочена туристичка промоција.
Битен предуслов за развој на туризмот е добрата туристичка инфраструктура, која вклучува подобрување на поврзаноста до културно-историските и природните знаменитости, уредување на просторот околу нив, туристичка сигнализација, изградба, опремување и означување на пешачки и велосипедски патеки, создавање на нови туристички атракции, изградба на спа и велнес центри, голф ресорти, итн. Тука треба да се искористат можностите што ги нудат постојната урбанистичко планска документација за изградба на хотели и други туристички објекти, како и развиените општински индустриски зони и другите можности за инвестирање во општините на територија на ЛАГ-от.
Треба да се има во предвид дека ограничувачки фактор се човечките ресурси кои во секторот туризам имаат мал капацитет, како и недоволниот број на човечки ресурси за работа во туризмот.

3. Целата територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија е рурална средина со вкупен број на население од околу 40.000 жители, со исклучок на урбаниот дел на Битола (кој опфаќа многу мала територија од само 24 км$^2$, но густо населена со приближно 75.000 жители). Територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија опфаќа многу голема територија (речиси 48% од вкупната површина на Пелагонискиот регион) со многу населени места (170), но истовремено многу мала густина населеност (18 жители на км2). На територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија демографскиот тренд е негативен што може да се согледа и од природниот прираст кој негативен, при што ситуацијата е најнеповолна во Општините Демир Хисар (-1,02%) и Новаци (-1,11%). Бројот на живородени е под националниот просек, а над националниот просек е бројот на умрени. Тоа се потврдува и со виталниот индекс (живородени на 100 умрени), кој за сите 4 општини е далеку под македонскиот просек. Вкупното миграциското салдо за општина Битола (вклучително и урбаниот дел) за периодот 2007 - 2013 е позитивно, додека за другите 3 рурални општини е изразено негативно и изнесува: за Демир Хисар изнесува -141, за Могила изнесува -104 и за Новаци изнесува -42.
Истовремено, структурата на населението на возраст 15 години и повеќе според школската подготовка на територијата на 3-те помали рурални општини (Демир Хисар, Могила и Новаци) е изразито неповолна и дека најбројно е населението (33,8%) со завршено основно одделение 5.640. Исто така може да се забележи дека ситуацијата е особено неповолна во однос на бројот на население со повисока школска подготовка од виша школа, каква имаат само 529 жители или 3,17% од вкупното население во тие 3 општини. Во услови на глобализација и економија базирана на знаење ова претставува исклучителна слабост и потребно е зајакнување и на формалното и на неформалното образование.
Територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија има исто така неповолна старосна структура на населението. Најбројна поединачна возрасна група е 30 - 44 години со учество од 21,13%, додека бројот на население со возраст поголем од 60 години изнесува 1.235 жители (25,2%).
Од сето ова може да се заклучи дека на територијата на ЛАГ-от има недостаток на младо население во руралните средини кое мигрира во градовите и надвор од земјата пред се поради невработеноста и малите можности за наоѓање работа освен во земјоделскиот сектор. Исто така е забележано иселување на млади образовани кадри надвор од земјата или има ткн. одлив на мозоци (“brain-drain”). Во одредени населени места во руралните средини се забележува и голем број на ергени со сите последователни социјални ефекти.
Во таа насока би можеле да се промовираат и искористат програмите на Владата на РМ за самовработување и за активни мерки за вработување, како и да се поткне претприемништвото, а особено кај женската популација. Исто така би требало да се искористат можностите што ги нудат претпристапните фондови на ЕУ и други фондови (на пр. ИПАРД), прекугранична соработка со Грција и Албанија, и др., а притоа да се превенираат заканите поради намалување на средствата на билатералните донатори во земјата. Имајќи во предвид дека привлекувањето на странски инвеститори е приоритет на Владата на РМ, треба да се искористат можностите за инвестирање што ги нудат развиените и планираните општински индустриски зони. Покрај тоа треба да се испита заинтересираноста на приватниот сектор за финансирање на проекти преку ЈПП. Исто така треба да се искористат можностите што ги нудат постојните локации на територијата на ЛАГ-от што се атрактивни за снимање на филмови, и каде веќе има одредени искуства, бидејќи филмската индустрија нуди можност за вклучување на други комплементарни индустрии (изнајмување на опрема, логистика, храна и сместување, ангажирање на помошен и придружен персонал, итн.).

4. На територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија генерално постои низок квалитет на живот во руралните средини: има мал број на културни настани, недостасува социјална инфраструктура (домови за возрасни лица, детски градинки, центри за социјална заштита , итн.), нема доволно здравствени

установи и услуги (амбуланти, аптеки) во селата, нема спортски терени и настани, итн. Затоа потребни се активности за подобрување на состојбата што секако ќе влијае и на намалување на миграциските процеси.

5. На територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија земјоделството е развиено, има големи површини на обработливо земјоделско земјиште (речиси 54% од вкупната обработлива површина во Пелагонискиот плански регион) и традиција за земјоделско производство. Територијата на ЛАГ-от е препознатлива по квалитетни земјоделски производи, пред се производство на житни (пченица, пченка), градинарски (компир, кромид, зелка, домати, пиперки, бостан), индустриски култури (сончоглед, тутун), фуражни растенија (крмна пченка, луцерка) овошје (вишни, сливи). Земјоделскиот Комбинат Пелагонија е најголем производител на житни култури во земјата. На територијата на ЛАГ-от сточарството е исто така развиено и таа е позната како најголем производител на млеко во Република Македонија и по постојните преработувачки капацитети за млечни производи. Тоа е територија со најразвиено пчеларство и најголем број на пчелари во земјата. Исто така постојат поволни услови за органско производство, и притоа треба да се искористи трендот на зголемена побарувачка на органски производи на пазарот кои имаат повисока цена.
Слаби страни во областа земјоделство се однесуваат на големите необработени земјоделски површини, расцепканост на земјоделското земјиште**,** неорганизиран откуп на земјоделските производи, недоволниот број на откупни центри за земјоделски производи, прекумерната употреба на пестициди, инсектициди и вештачки ѓубрива, итн.
Комасацијата и арондацијата на земјоделското земјиште, како и здружување на земјоделците во земјоделски задруги би придонело да се надмине проблемот со расцепканост на земјоделското земјиште.
Можностите треба да се бараат во зголемената побарувачка на пазарот за свежи земјоделски производи и преработени прехранбени производи. Топлата отпадна вода од РЕК Битола може да се искористи за оранжериско производство кое се појавува на пазарот порано и има повисоки цени. Руралното население може да обезбеди дополнителни приходи од собирање на лековити и ароматични билки кои ги има во изобилство, но при тоа треба да се води сметка за заштита на животната средина преку обезбедување на добри практики за нивно берење и процесирање. Исто така треба да се направи анализа на можностите за организирано производство на лековити и ароматични билки, со цел обезбедување на поголеми количини со континуиран квалитет.
Осигурувањето на земјоделското земјиште и поставување на градобијни мрежи, користење на современи системи за наводнување како и брендирање на земјоделски и прехранбени производи (на пр. буковска пиперка, итн.) би требало да придонесат за подобар квалитет на земјоделските производи и следствено повисоки цени.
Имајќи ја во предвид важноста на земјоделско прехранбениот сектор за територијата, ЛАГ-от треба да ги следи надворешните закани и предвиди соодветни мерки за ублажување или елиминирање на нивните ефекти. Тоа пред се се однесува на: природни непогоди (на пр. поплави, град, мраз, високи температурни разлики, суша, итн.) како последица на климатските промени; пренамената на земјоделското земјиште во градежно; недоволната заинтересираност на младите за работа во земјоделскиот сектор и евентуалното намалување на производството на квалитетна храна поради можното загадување од РЕК Битола и поради загаденост на Црна Река која поминува низ сие 4 општини и која се користи за наводнување на земјоделските површини.

6. На територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија постои веќе одреден изграден институционален капацитет кој се состои од млади едуцирани кадри, постојни високо образовни институции со традиција, голем број на граѓански организации и јавни институции (ЕЛС, НП Пелистер, ЈУ Завод и

музеј - Битола, АПРЗ, МЗШВ и ЦРППР). Сепак постои согледување дека граѓански сектор во руралните средини е недоволно активен. Покрај ова постои недостаток на финансиски средства за економски развој, а ЕЛС имаат мал финансиски капацитет да ги финансираат големите потреби. Потребно е да се испитаат можностите за соработка со големата дијаспора низ целиот свет, а исто така треба постојано да се промовира креативноста и иновативноста кај младите лица. Имајќи во предвид дека се поголем број на проекти се спроведуваат во земјата, усвојување на методологијата за управување со проектен циклус и подобрување на квалитетот на проектниот менаџмент кај поголем број на организации на територијата на ЛАГ-от е од извонредна важност.

7. Постои релативно висока стапка на невработеност, и особено кај младите едуцирани лица. На пазарот на трудот има мал број на стручен кадар според барањата на претпријатијата, а исто така бројот на (млади) претприемачи е посебно низок. Ова зборува за релативно слаба претприемничка култура на територијата на ЛАГ-от. Покрај ова традиционалните занаети во руралните средини се во изумирање. Следствено, бројот на МСП е релативно мал, и особено нивниот број во руралните средини и тоа на оние што можат да обезбедат поголем број на работни места.
За да може територијата на ЛАГ-от успешно економски да се развива на среден и долг рок, мора да се обезбеди поддршка на постојните фирми и постојано да се поттикнува претприемништвото, и тоа иновативното, посебно кај младите и жените. Во ова посебна улога имаат институциите за поддршка на бизнисите за кои вече беше констатирано дека отсуствуваат од мапата на ЗС. Можности за отворање на нови фирми постојат во земјоделството и преработувачката индустрија, во алтернативниот туризам и услугите, но исто така и во креативните индустрии и ИКТ.

8. Чистата животна средина и природните богатства се конкурентна предност на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија. Тука треба да се има во предвид дека територијата на ЛАГ-от е релативно голема и ретко населена и поради тоа сеуште не постои голем притисок од човечките активности врз истата. За да може природното наследство да се стави во функција на одржливиот развој потребно е да се поведе поголема грижа за животната средина, и пред се во поглед на несовесното однесување на дел од граѓаните во однос на одлагањето на цврстиот отпад, прекумерната употреба на заштитни хемиски препарати во земјоделството, и постојаното исцрпување на капацитетот на рудни богатства. Најголемиот термоенергетски капацитет во земјата РЕК Битола се наоѓа на територијата на ЛАГ-от, и притоа треба да се има во предвид од една страна неговата важност како најголем вработувач, а од друга страна неговиот потенцијал за загадување на животната средина. Притоа ЛАГ-от треба да оствари добра соработка со раководството на овој капацитет и негово вклучување во активностите на ЛАГ-от.
Можностите треба да се бараат во заштита на водите, искористување на ОИЕ (биогас, сончева енергија и мали хидро централи) и ЕЕ); селектирање, рециклирање и повторно употребување на цврстиот отпад; како и заштита на биодиверзитетот (на пр. мариовска матица, балканскиот рис, биволи, кафеава мечка и др.) бидејќи некои видови се во опасност од изумирање .

**7. Усогласеност со другите стратегии и програми**

7.1 Краток опис на односот на стратегијата со другите развојни документи

Стратегијата за локален развој на руралните средини на територија на ЛАГ-от ПеЛАГонија (Стратегија) е усогласена со развојните документи на национално, регионално и локално ниво, како и со релеватните стратешки документи на ЕУ.

Стратегијата на ЛАГ-от е поврзана со Програмата за развој на Владата на РМ 2011 - 2015 и посебно со: СЦ 1. Зголемување на економскиот раст и вработеноста, како предуслов эа пораст на животниот стандард на граѓаните и подобар и поквалитетен живот и СЦ 5. Инвестирање во образование, наука и информатичка технологија како елементи на општество базирано на знаење.

Стратешките цели на Стратегијата (СЦ 1. Да се поттикне економскиот развој и СЦ 3. Да се промовира социјалниот развој) се поврзани со некои од клучните цели на економската програма на Владата се: развој на земјоделството и подобар стандард на земјоделците; зголемување на производството, извозот и инвестициите; намалување на невработеноста и подобрување на животниот стандард на граѓаните; заштита на животниот стандард на ранливите категории на граѓани; и развој на економската инфраструктура.

Стратегијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија е поврзана со националната Стратегија за земјоделство и рурален развој за периодот 2014 - 2020. Стратешките цели од Стратегијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија се кохерентни со примарниот стратешки приоритет во националната стратегија: „Зголемување на конкурентноста на македонското земјоделско производство и прехранбената индустрија, развој на руралните средини и одржливо управување со природните ресурси".

Стратешките цели од Стратегијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија се во согласност со Специфичните цели на земјоделската политика за периодот 2014-2020 година во следниве области на интервенција:

СЦ1. Реструктурирање и модернизација на земјоделско-прехранбениот сектор;

СЦ2. Уредување на пазарите, организација на прехранбениот синџир и подобрување на квалитетот на земјоделските производи;

СЦ3. Подобрување на условите за живот и за одвивање на економските активности во руралните средини;

СЦ4. Континуиран пристап до знаењето и инвестирање во човечкиот капитал во земјоделството;

СЦ5. Комплетирање на функционалноста на системот за безбедност на храната и

СЦ6. Одржливо управување со природни ресурси и ублажување на влијанието на климатските промени на земјоделството.

Стратегијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија е исто така поврзана со националната програма за развој на земјоделството и руралниот развој 2013 - 2017, и посебно приоритетот П.1.2. Конкурентно земјоделско производство и преработувачки сектор е тесно поврзан со целта која се однесува на Зголемување на конкурентноста на македонското земјоделско производство и прехранбената индустрија и обезбедување на одржлив развој на руралните средини, како и со следниве приоритетни области: ПО1: Подобрување на технолошката, пазарната и руралната инфраструктура; ПО2: Зајакнување на хоризонталната и вертикалната (откупувачи - примарни производители) интеграција; ПО3: Обезбедување на пристап до производните фактори и ПО4: Подобрување на маркетингот на земјоделските производи и промоција на надворешните пазари.

Стратегијата на ЛАГ-от обезбедува поврзаност со ИПАРД Програма 2007 - 2013, односно Приоритетна оска 1. Подобрување на пазарната ефикасност и воведување на стандардите на заедницата и соодветните мерки: Мерка 101. Инвестиции во земјоделски стопанства за нивно реконструирање и достигнување на стандардите на заедницата; Мерка 103. Инвестиции во подобрување на преработката и маркетинг на земјоделски производи; како и Приоритетна оска 3. Развој на рурална економија и Мерка 302. Диверзификација и развој на рурални економски активности.

Одржливиот развој обезбедува хармонизираност на сите три аспекти на развојот истовремено: економски, социјален и заштита на животната средина, што одлично кореспондира на три стратешки цели во Стратегијата на ЛАГ-от (СЦ1, СЦ 2 и СЦ 3). Една од клучните области на одржливиот развој е руралниот развој кој вклучува развој на земјоделството, шумарството и туризмот во руралните области. Поради ова, стратегијата на ЛАГ-от е во корелација со Националната Стратегија за одржлив развој 2010 - 2030 и особено кон следниве стратешки определби: Стратешка определба (СО) бр. 2: Зголемување на свеста и посветеноста за одржлив развој; СО бр. 4: Насочување на јавниот сектор кон одржлив развој; СО бр. 6: Насочување на приватниот сектор кон одржлив развој; и СО бр. 7: Имплементирање на пилот и демонстрациски проекти за одржлив развој.

Стратегијата на ЛАГ-от во делот на развојот на руралниот туризам е поврзана со Национална стратегија за развој на туризмот 2009 - 2013 и посебно во делот на целите за туристичкиот производ во руралниот туризам кои се дефинирани како: Развој на автентични сместувачки капацитети; Развој на активности во природа; Развој на активности поврзани со традиционалните обичаи, занаети и гастрономија и Подобрување на управувањето со природните ресурси.

Стратегијата на ЛАГ-от (и особено П.1.1. Поттикнување на развојот на руралниот туризам и П.1.3. Поттикнување на претприемништвото и занаетчиството и развој на МСП) исто така обезбедува кохерентност со Национална стратегија за рурален туризам 2012 - 2017, и посебно нејзините цели: Цел 1: Зголемување на капацитетите во руралниот туризам; Цел 2: Зголемување на вработувањата во руралниот туризам и Цел 3: Зголемување на туристичката понуда за рурален туризам. Во Национална стратегија за рурален туризам 2012 - 2017, стр. 75, дадена е предлог туристичка дестинација бр. 13 „Пелагонија“. Дестинацијата вклучува: селски-туризам, Национален Парк Пелистер, манастири, планинарење, локални манифестации и гастрономија. Локацијата е одредена како Етно - еко регион Пелистер, а во надлежност на Центарот за развој на Пелагониски плански регион, односно Општина Битола.

Како можни целни групи се идентификувани:

| | **Домашни** | **Регионални** | **Туристи од ЕУ** |
|---|---|---|---|
| **Млади** | планинарење | планинарење | планинарење |
| **Семејства** | туризам на село (фармерски), манастирски туризам, планинарење, манифестации, гастрономија | туризам на село (фармерски), манастирски туризам, планинарење, манифестации, гастрономија | туризам на село (фармерски), манастирски туризам, планинарење, манифестации, гастрономија |
| **Возрасни** | туризам на село (фармерски), манастирски туризам, | туризам на село (фармерски), манастирски туризам, | туризам на село (фармерски), манастирски туризам, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | планинарење, манифестации, гастрономија | планинарење, манифестации, гастрономија | планинарење, манифестации, гастрономија |

Како можни специфични целни групи се идентификувани заинтересирани за селски и еко туризам.

Ценовна структура појдува од фактот дека не постојат доволно сместувачки капацитети за селски туризам. Етно-еко регионот Пелагонија треба да се споредува со цените во поширокиот регион, исто така земајќи го во предвид и прекуграничниот регион (Грција и Албанија). Проценка е дека прифатливо ниво на цени за целните групи би било 15 евра по лице.

Се препорачува промоцијата на дестинацијата да биде насочена кон домашните и регионалните потенцијални туристи. Препорачливо е користење на интернет промотивни алатки и промотивни печатени материјали.
Развој на дестинацијата треба да оди во насока на развивање на автентични сместувачки капацитети, бидејќи такви во моментот не постојат.

Имајќи во предвид дека целиот процес е потикнуван и фацилитиран од страна на ЦРППР, Стратегијата на ЛАГ-от обезбедува добра поврзаност со тековната Програма за развој на Пелагониски плански регион 2010 - 2014[12]. Стратегијата на ЛАГ-от е кохерентна со следните цели од Програмата: СЦ1. Подобра меѓусебна и меѓународна поврзаност на општините во регионот преку планирање и изградба на современа инфраструктура/ П1.1. Подобрување на квалитетот на живеење преку подобрување на комуналната инфраструктура и П1.2. Подобрување на комуникацијата, квалитетот на животот и зголемување на економската размена преку надградба на постоечката и изградба на нова транспортна, железничка и аеродромска инфраструктура; СЦ2. Подобра животната средина преку намалување на загадувањето, отстранување на последиците од него, како и зголемување на енергетската ефикасност; СЦ3. Зголемен квалитет на живот и социјална кохезија во регионот, преку континуирано вложување во развојот на човечките ресурси/ П 3.2. Подигнување на нивото на социјална заштита на целото население, со посебен акцент на родовите прашања и ранливите групи во руралните средини и Приоритет 3.5. Подобрување на квалитетот на човековите ресурси во регионот, како и СЦ4. Локален економски развој на Пелагонискиот регион/ П 4.1. Јаболко; П 4.3. Преработка на храна; П 4.4. Информатичка технологија; П 4.6. Туризам и П 4.7. Развој на малите и средни претпријатија и претприемништвото.

Стратегијата на ЛАГ-от како појдовна основа ги зеде основните стратешките документи на 4-те општини на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија: Битола, Демир Хисар, Могила и Новаци.
Меѓу другите документи беа консултирани следниве општински документи и стратегии:
**1. Општина Битола**
- Профил на Општина Битола;
- Под-стратегијата за рурален развој на Општина Битола 2008 - 2013, декември 2007;
- Стратешки план на локален економско социјален совет на Општина Битола 2013 - 2017, ноември 2013 и
- Стратегија за локален развој на Општина Битола 2014-2018, јануари 2014.

[12] Во текот на 2014 е планирана изработка на новата Програма за развој на Пелагонискиот плански регион 2015 - 2019 во која е предвидено да учествуваат и членовите на ЛАГ-от ПеЛАГонија.

**2. Општина Демир Хисар**
- Профил на Општина Демир Хисар 2008, септември 2008;
- Стратегиски план за локален економски разво] на општина Демир Хисар 2009 - 2013, ноември 2008 и
- Локален акционен план за животна средина (ЛЕАП) на општина Демир Хисар, ноември 2006.

**3. Општина Могила**
- Профил на општина Могила, 2008;
- Под - стратегија за Рурален развој на Општина Могила 2009 - 2014, септември 2009 и
- Стратешки план за локален економски развој на Општина Могила, 2008 - 2013.

**4. Општина Новаци**
- Под - стратегија за рурален развој на Општина Новаци 2010 - 2014, ноември 2009;
- Стратешки план за локален економски развој на општина Новаци 2008-2013 и
- Локалниот акционен план за животна средина (ЛЕАП) на Општина Новаци, ноември 2008

Во Стратегија за локален економски развој (ЛЕР) на Општина Битола 2014 - 2018 дефинирани се следните 4 приоритетни области: Економски развој; Туризам; Социјална заштита и Заштита на животната средина. Во стратегијата се дефинирани 7 стратешки цели:
СЦ 1. Подобрување на социо-економската положба на населението
СЦ 2. Подобрени јавни и приватни инфраструктурни системи кои придонесуваат за развој на општината
СЦ 3. Развивање на меѓусебна соработка на општините, регионите и прекугранична соработка
СЦ 4. Формирање на систем за управување со туризмот во Општина Битола
СЦ 5. Битола, препознатлива туристичка дестинација
СЦ 6. Еднакви можности, социјална инклузија и нулта дискриминација
СЦ 7. Подобрување на квалитетот на животната средина на сите медиуми,
кои беа земени во предвид од страна на членовите на ЛАГ-от при дефинирање на оваа Стратегија.

Во Стратегискиот план за локален економски развој на општина Демир Хисар 2009 - 2013 дефинирани се следниве Стратегиски Области (СО):
СО 1. Развој на општината како посакувана туристичка дестинација за рурален и културен туризам
СО 2. Поддршка на развојот на МСП и семејните бизниси во општината
СО 3. Создавање на услови за брз економски развој преку подобрување на инфраструктурата и услугите на локалната администрација
СО 4. Рурален развој (унапредување и зголемување на земјоделското производство)
Тие беа земени во предвид од страна на членовите на ЛАГ-от при дефинирање на целите и приоритетите во оваа Стратегија.

Во Стратешкиот план за локален економски развој на Општина Могила, 2008 - 2013, дефинирани се 12 стратешки цели:
1. Развиени производствени капацитети до 2013 година
2. Урбанистичкото планирање во Општина Могила според најнови стандарди и потреби на жителите
3. Обука и вработување за сите
4. Развиен и функционален локален сообраќај
5. Развиена програма за целосно функционирање на безбедноста во Општина Могила
6. Развој на туризмот и подобрување на туристичката понуда во Општина Могила

7. Квалитет на живеење: развој на култура и спорт
8. Комуналната инфраструктура во Општина Могила е подобрена за 50% во 2013 година во однос на 2008 година
9. Трговски капацитети
10. Градење на капацитети на администрацијата во Општина Могила
11. Образование и заштита на децата како витален ресурс на општината
12. Здравство и социјална заштита подеднаква за сите.

Истите беа консултирани при дефинирање на целите и приоритетите во оваа Стратегија.

Во Стратешкиот план за локален економски развој на општина Новаци 2008-2013 се наведени следните 6 приоритети :

1. Користење и промоција на културното и природното наследство на подрачјето на општината
2. Унапредување и развој на земјоделието;
3. Намалување на невработеноста и поддршка на локалните бизниси;
4. Урбанизам и заштита на животната средина;
5. Образование, спорт и туризам и
6. Меѓуопштинска и меѓугранична соработка.

Овие приоритети беа земени во предвид при дефинирање на целите и приоритетите во оваа Стратегија.

Од друга страна, следните изработенте документи: (1) Под-стратегија за рурален развој на Општина Битола 2008 - 2013, која беше подготвена во текот на 2007 година од страна на групата за рурален развој на општина Битола, потоа (2) Под - стратегија за рурален развој на Општина Могила 2009 - 2014, која беше подготвена од страна на групата за рурален развој на општина Могила во септември 2009 и (3) Под - стратегија за рурален развој на Општина Новаци 2010 - 2014, која беше подготвена во ноември 2009 од страна на групата за рурален развој на општина Новаци, сите со поддршка на МААСП Програмата и финансирана од СИДА, дадоа одлична појдовна основа за мобилизирање, формирање и формализирање на ЗРР ЛАГ ПеЛАГонија.

Со проведување на проектот „Воведување и спроведување на ЕУ ЛЕАДЕР пристапот во Пелагонискиот регион (ПеЛАГонија ЛЕАДЕР)" и формирање на ЗРР ЛАГ ПеЛАГонија се исполни една од поставените цели во горе наведените под-стратегии за рурален развој: „Комплетно заокружување на ЛЕАДЕР пристапот како официјален пристап за рурален развој во општините со зајакнување на капацитетите на групата за рурален развој за генерирање и спроведување на активности за одржлив регионален рурален развој“.

**8. Стратешко планирање (визија, стратешки цели, приоритети и мерки)**

Стратегијата за локален развој на руралните средини на територија на ЛАГ-от ПеЛАГонија треба да го избалансира економскиот развој со потребата за заштита на животната средина и социјалните потреби. Процесот на стратешко планирање е подеднакво важен за територијата на ЛАГ-от, самиот ЛАГ колку и резултатите од истиот. Треба да се има во предвид дека целта на стратегијата не е напишаниот документ туку нејзиното спроведување што треба да придонесе пред се за развој на локалната економија и подобар стандард на жителите на територијата на ЛАГ-от.

Процесот на стратешко планирање е прикажан на графикот подолу.

**График 2. Процес на стратешко планирање**




Стратегијата за локален развој на руралните средини на територија на ЛАГ-от ПеЛАГонија има одреден број на компоненти кои се наброени подолу.

**Табела 77. Компоненти на стратегијата за локален развој на руралните средини на територија на ЛАГ-от ПеЛАГонија**

| Елементи на стратегијата за локален развој на руралните средини на територија на ЛАГ-от ПеЛАГонија | |
|---|---|
| **Елемент :** | **Опис :** |
| **Визија** | Го опишува консензусот на заинтересираните страни за посакуваната иднина на територијата на ЛАГ-от |
| **Стратешки цели** | Даваат јасна развојна насока/правец. Произлегуваат директно од Визијата.<br>Претставуваат специфични области на кои стратегијата за локален развој на руралните средини на територија на ЛАГ-от ќе се фокусира за да се оствари Визијата.<br>Тие се многу поописни и поконкретни од изјавата за Визијата.<br>Треба да ги покријат критичните прашања идентификувани во СВОТ анализата и ги одредуваат областите каде има најголема потреба за интервенција.<br>Оптимален број на стратешки цели е од 3 -5, во спротивно стартегијата ќе загуби фокус. |
| **Приоритети** | Приоритетите се поспецифични, квантифицирани и временски ограничени изјави за постигнување на резултати.<br>Тие се однесуваат на конкретни резултати што сакаме да ги постигнеме.<br>На ова ниво се поставува врска со мерењето на перформансите кои се мерат преку јасно дефинирани индикатори. |
| **Мерки** | Мерка е збир на проекти/активности кои имаат многу слична или иста задача односно крајна цел или се последователни и зависни во реализацијата.<br>Мерките се временски ограничени и мерливи изјави за главен пристап или метод за остварување на приоритетите и целите на развојот. |
| **Проекти/ активности** | Проектите претставуваат активности за спроведување на одделни конкретни компоненти на мерките.<br>Проектите се уникатни потфати, временски ограничени кои се превземаат од страна на поединци или организации за да се исполнат одредени цели во рамки на дефинираниот временски распоред, трошоци и параметри за перформансите.<br>За проектите треба да се доделат одговорности односно определат одговорни субјекти, да се претпостават трошоците односно одреди буџет и да се одреди јасна временска рамка за нивно спроведување. |

Чекорите во процесот на стратешко планирање се прикажани на графикот 3.

**График 3. Чекори во процесот на стратешко планирање**




## 8.1. Визија на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија

Визијата која што претставува долгорочна определба и насока кон која ќе се движи територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија и крајна посакувана дестинација на економскиот развој за следните 6 години, односно во периодот од 2015 до 2020 година, е следната:

„Територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија е привлечна рурална средина со подобрени услови на живот преку одржлив рурален развој кој се базира на зачувување на традициите и културата со конкурентни земјоделски производи со повисока додадена вредност, подобрени услови за алтернативен туризам и заштита на животната средина.“

## 8.2. Стратешки цели и приоритети

При определувањето на стратешките цели, земен е во предвид пристапот што е определен со СВОТ анализата, односно максимизирање на користењето на следните односи:

- Силните страни и Можностите – Конкурентски предности;
- Слабите страни и Можностите – Привлекување инвестиции, соработка и создавање партнерства;
- Јаки страни и Закани: Мобилизација и
- Слаби страни и Закани: Неутрализација или намалување на штетите.

Можните односи што ги создаваат идентификуваните елементи во СВОТ анализата се дадени во следната табела:

**Табела 78. Можни односи што ги создаваат идентификуваните елементи во СВОТ анализата**

| | **Можности (О)** | **Закани (T)** |
|---|---|---|
| **Силни страни (S)** | Конкурентски предности | Мобилизација |
| **Слаби страни (W)** | Привлекување инвестиции/ Соработка/ Партнерство | Неутрализација или намалување на штетите |




График 4. Споредба на сценарија од СВОТ анализата

За понатаму да се дефинираат стратешките цели, направена е анализа на различни сценарија врз основа на СВОТ анализата со споредување на силните страни, слабите страни, можностит и заканите. Принципиелната шема на сценарија е прикажана на Графикот 4. погоре.

Во стратегијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија се дефинирани 6 стратешки цели и 20 приоритети.

**СЦ 1. Да се зголеми конкурентноста во земјоделското производство и преработувачката индустрија**

За постигнување на оваа стратешка цел, членовите на ЛАГ-от идентификуваа три (3) приоритети.

***П.1.1. Модернизација на земјоделското производство***

Овој приоритет има за задача да го модернизира земјоделското производство преку унапредување и развој на комерцијални земјоделски производители и достигнување на стандардите на ЕУ, со поефикасно искористување на расположивите земјоделски површини во државна сопственост врз база на проценките на погодноста на земјоделското земјиштето за пооделни култури и потребите на пазарите. Секторот земјоделство е препознаен како сектор кој има значителен потенцијал за развој, и во наредниот период треба да се создаваат предуслови овој сектор да произведува високо квалитетни производи, автохтони и препознатливи производи.

Специјализација и интензификација на земјоделските стопанства подразбира високо ниво на вложување во современи технологии и производство на производи во големи количини по цени кои се конкурентни на меѓународните пазари. За ова да се случи потребна е набавка на нова механизација и воведување на нови технологии и практики во земјоделството.
Овој приоритет треба да се постигне преку 2 мерки, кои треба да ги искористат силните страни како што се: развиено земјоделство, долга традиција на производство на квалитетни житни, индустриски и градинарски култури и големи површини на обработливо земјоделско земјиште; да се зајакнат слабите страни како што се: голема необработена земјоделска површина и постоење на површини на земјоделско земјиште со ниска класа и искористат постојните можности како што е побарувачка на пазарот за свежи земјоделски и преработени прехранбени производи**.** Ова ќе се постигне преку организирање на средби со земјоделците на територијата на ЛАГ-от и нивно информирање за искористување на фондови за набавка на механизација, како и едукација на земјоделците за воведување на нови технологии.

М.1.1.1. Набавка на механизација
М.1.1.2. Воведување на нови технологии и практики

***П.1.2. Зголемување на конкурентноста на преработувачката индустрија***

Зголемување на конкуретноста е цел или приоритет на секоја регионална и национална економија и фактор на развојот во секоја област на претприемништвото. СВОТ анализата идентификува одреден број на постојни преработувачки капацитети (2 млекарници, конзервна индустрија, пивара, итн.). Од една страна нема доволен број на преработувачки капацитети во однос на количините на произведени земјоделски производи, а од друга страна постојат потешкотии во реструктуирање на преработувачката индустрија во насока на воведување на нови технологии и нови производи со повисока додадена вредност. Унпаредување на работењето и зголемување на заедничката конкурентност ќе се постигне преку потикнување на поврзување на земјоделците во земјоделски задруги, поврзување на преработувачките капацитети во деловни здруженија, кластери, конзорцијуми, потоа формирање и зајакнување на вредносните ланци (value chain) и др. видови на поврзување. За постигнување на овој приоритет идентификувани се 4 мерки кои меѓу другото вклучуваат искористување на можностите како што е брендирање на земјоделски и прехранбени производи (на пр. буковска пиперка, итн.) и нивна промоција. Покрај ова, предвидено е: организирање на состаноци помеѓу земјоделците и преработувачките капацитети за договорно производство и обезбедување на доволни количини за преработки, обезбедување на информации за достапни фондови и начини за аплицирање за отворање на преработувачки капацитети, потоа обезбедување на информации за нови технологии за преработувачки капацитети и посета на саеми, обезбедување на консултантски услуги за воведување на нови производи

М.1.2.1. Брендирање на земјоделски и прехранбени прозводи
М.1.2.2. Здружување на земјоделци и преработувачки капацитети
М.1.2.3. Отворање на нови преработувачки капацитети
М.1.2.4. Воведување на нови производи

***П.1.3. Диверзификација на не-земјоделските активности***

Одржливиот развој на руралните средини подрзабира поттикнување на разни облици на претприемнички активности на начин и со обем кој не го загрозува или намалува нивото на атеријални и нематеријални вредности на руралните подрачја. Затоа за оддржлив развој на руралните заедници од подеднаква важност е вршење на не-земјоделските активности и обезбедување на не-земјоделски услуги. Сите овие активности претставуваат значителна можност за диверзификација на економските активности со кои може да се задржат младите и образовани

луѓе во руралните средини. овој приоритет предвидува 3 мерки кои опфаќаат спроведување на пилот проекти за воведување на нови услуги и атракции како на пр. музеј, тури со коњи/магариња, паинтбол, авантуристички парк, и сл., потоа организирање на промотивни настани и саеми кои би привлекле посетители во руралните средини, и сл. За да можат да се искористат претпристапните фондови на ЕУ и други фондови, а пред се во рамки на прекуграничната соработка со Грција и Албанија, потребно е да се зголемат капацитетите за управување со проектен циклус преку организирање на обуки, организирање на обуки за пријавување на ИПАРД, обезбедување на помош за идентификација на проекти и подготовка на апликации за ИПАРД, итн.

М.1.3.1. Понуда на нови услуги и атракции

М.1.3.2. Организирање на настани/ саеми

М.1.3.3. Едукација на населението за искористување на ЕУ и други фондови

**СЦ 2. Да се развие алтернативен туризам**

Стратешката цел 2, ќе се спроведе преку четирите идентификувани приоритети.

***П.2.1. Зголемување на бројот на сместувачки капацитети во руралните средини***

Во овој приоритет идентификуван е микс од 2 мерки кои се насочени кон надминување на слабата страна која се однесува на мал капацитет за сместување во руралните средини и искористување на можноста зголемен интерес кај туристите во светски рамки за алтернативен туризам. Тоа треба да опфати меѓу другото: реконструкција и опремување на соби за приватно сместување во руралните средини и тоа на следните можни локации: Пелистер, Мариово и Демир Хисар; привлекување на домашни и странски инвеститори за изградба на сместувачки капацитети во руралните средини во соработка со ИнвестМакедонија, ТИРЗ, Министерството за Економија, Агенција за промоција и поддршка на туризмот, итн.; Категоризација на капацитетите за приватно сместување согласно постојната законската регулатива, итн. Тоа треба да придонесе за поголемо задоволство на гостите, поголем број на туристи и ноќевња, остварување на поголем приход од туризмот и побрз развој на руралните средини.

М.2.1.1. Инвестиција во нови и постојни сместувачки капацитети

М.2.1.2. Категоризација на сместувачките капацитети

***П.2.2. Подобрување на туристичката инфраструктура***

Помодерна и поквалитетна инфраструктура поврзана со туризмот треба да овозможи продолжување на туристичката сезона и привлекување на туристи во текот на целата година, а исто така развој на посебни облици на туризам во руралните средини што се базираат на активен одмор (велосипедизам, пешачење, планинарење и сл.). За постигнување на овој приоритет идентификувани се 3 мерки кои треба да ги искористат силните страни како што се постојни обележани планинарски патеки на Баба планина, од кои една го поврзува Пелистер со Преспанското Езеро, постојни атракции како хиподром во с. Крклино и секако искористување на брендот на Пелистер.

М.2.2.1. Уредување и обележување на туристички локации

М.2.2.2. Уредување и обележување на велосипедски и пешачки патеки

М.2.2.3. Отворање на туристички инфо центри.

***П.2.3. Подобрување на човечките капацитети во туризмот***

Според СВОТ анализата слаби страни во секторот туризам се: човечките ресурси имаат мал капацитет; недоволен број на човечки ресурси за работа во туризмот; мал број на стручен кадар

според барањата на претпријатијата; голема стапка на невработеност (особено кај младите едуцирани лица); итн. Овој приоритет се однесува на надминување на слабите страни за да се искористи можноста која според WTTC се однесува на очекуваното зголемување на бројот на странски туристи кои ја посетуваат Република Македонија од 367.000 во 2014 година да изнесува 367.000, до 547.000 странски туристи во 2024 година. Овој приоритет предвидува 3 мерки кои опфаќаат: зголемување на свесноста кај учениците во основните и средните училишта за можностите за трајно вработување во туристичко - угостителскиот сектор; кариерно советување на млади невработени лица за работа во туристичко - угостителскиот сектор; обуки за сопствениците и менаџерскиот кадар; обуки за преквалификација и доквалификација за работа во туристичко - угостителскиот сектор; обезбедување на дефицитарни кадри како туристички водичи, бармени и главни кувари/ кувари преку спроведување на обуки; учество на приватниот сектор во подготовка на образовни програми и во наставата; практична работа и волонтирње на ученици/студенти во приватни хотели/ ресторани; итн.

M.2.3.1. Зголемување на свесност и неформално образование

M.2.3.2. Практична работа во туризмот

***П.2.4. Подобрување на препознатливоста на територијата на ЛАГ-от како туристичка дестинација***

Овој приоритет се однесува на воспоставување и промоција на идентификуваната туристичка дестинација „Пелагонија“ во националната стратегија за рурален туризам 2012 - 2017, која вклучува: вклучува селски-туризам, Национален Парк Пелистер, манастири, планинарење, локални манифестации и гастрономија. Локацијата е одредена како етно - еко регион Пелистер,

Овој приоритет треба да се постигне преку 2 мерки, а ќе се постигне преку формирање на тело за менаџирање на територијата на ЛАГ-от како туристичка дестинација; Подготовка на промотивни материјали (веб страна, флаери, туристички пакети); спроведување на промотивна кампања во РМ; презентирање на туристичката дестинација на настани и саеми надвор од територијата на РМ; итн.

M.2.4.1. Спроведување на промотивни активности во Република Македонија

M.2.4.2. Спроведување на промотивни активности надвор од територијата на Република Македонија

**СЦ 3. Да се придонесе во заштитата на животната средина и искористат обновливите извори на енергија**

За постигнување на Стратешката цел бр. 3, членовите на ЛАГ-от идентификуваа четири (4) приоритети.

***П.3.1. Поттикнување на енергетската ефикасност во руралните средини***

Приоритетот се однесува на намалување на потрошувачката на електрична енергија на фармите, јавните објекти и домаќинствата преку заштеди имајќи ја во предвид високата цена на електричната енергија и зависноста од увоз. Една од можностите е искористување на топлата вода од РЕК Битола за оранжериско производство**.** Овој приоритет ќе се постигне преку 4 мерки кои опфаќаат: организирање на обуки за придобивките на енергетската ефикасност, извршување на термичко снимање на 10 пилот фарми во регионот; инвестиции за топлинска изолација на објектите; одобрување на ефикасноста на постројките за греење; изработка на информативни брошури и организирање на трибини за едукација на населението за можни заштеди на енергија во домаќинствата; итн.

Спроведувањето на овој приоритет ќе резултира со поголема енергетската ефикасност и смалување на вкупната потрошувачка на енергија.

M.3.1.1. Зголемување на свесноста за ЕЕ
M.3.1.2. Подобрување на ЕЕ на јавни објекти
M.3.1.3. Подобрување на ЕЕ во домаќинството

***П.3.2. Искористување на обновливи извори на енергија***

Овој приоритет се однесува на слабите финансиски капацитети на ЕЛС и можностите за искористување на обновливи извори на енергија (биогас, сончева енергија, мали хидро централи), законската регулатива и поволни цени за искористување на обновливи извори на енергија (ОИЕ), привлекување на домашни и странски инвеститори и финансирање на проекти со ЈПП.

Со потикнување на искористувањето на ОИЕ се смалува емисијата на стакленички гасови во атмосферата. Територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија има добри предуслови за искористување на енергијата на сонцето и водата, како и на биомасата. Спроведувањето на овој приоритет ќе резултира со зголемување на уделот на ОИЕ во вкупното производство на енергија. Овој приоритет ќе се спроведе преку 3 мерки кои опфаќаат: зглемување на информираноста на населението за бенефитите од користење на ОИЕ; ко-финансирање на инвестиции во соларни колектори на фарми; изработка на брошура за спроведени проекти каде се искористуваат ОИЕ; Инвестиции во фотоволтаични постројки; Соработка со ЕЛС, Министерство за Економија, Агенција за енергетика на РМ, донаторски организации за привлекување на инвеститори во ОИЕ; итн.

M.3.2.1. Поттикнување на населението за искористувањето на ОИЕ
M.3.2.2. Промоција за искористувањето на ОИЕ

***П.3.3. Заштита на биодиверзитетот***

На територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија има богатство од ендемски биодиверзитет ( петлистен бор Молика, пелистерска пастрмка, ракчиња), природни ресурси (води, планини, извори на минерална вода). Сепак, идентификувани се одредени можности како што е зголемениот интерес за туризам поврзан со проучување на уникатната флора и фауна и заштита на загрозени видови (мариовска матица, биволи и др.). Овој приоритет вклучува 2 мерки и ќе се оствари преку: организирање на акции за пошумување, проучување и заштита на ендемски видови (рис, кафеава мечка, мариовска пчела), заштита на биодиверзитетот на подрачјето на Илинска Планина, користење на нови технологии за заштита на биодиверзитетот (дигитализација, ИКТ за пратење, итн.), итн.

M.3.3.1. Пошумување на површини
M.3.3.2. Заштита на загрозени видови

***П.3.4. Развој на инфраструктура и спроведување на проекти за заштита на животната средина***

Со СВОТ анализата беа идентификувани следните силни страни: **ч**иста и здрава животна средина**,** Националниот Парк Пелистер, прекрасната природа и пејсажи, итн. Слабите страни се поврзани со несовесното однесување на граѓаните кон животната средина пред се во однос на одлагањето на цврстиот отпад и отсуството на интегрирано управување со цврст отпад. Можностите се однесуваат на селектирање, рециклирање и повторно употребување на отпадот. Идентификваните закани се поврзани со загаденоста на Црна Река која поминува низ сите 4 општини на територијата на ЛАГ-от и се користи за наводнување на земјоделските површини, како и влошување на здравствената состојба на населението поради загадувањето од РЕК Битола.

Стратегијата се однесува на зајакнување на слабите страни, искористување на можностите и намалување на штетите од заканите. Овој приоритет ќе се исполни преку 3 мерки. Мерките вклучуваат: соработка со ЕЛС за изработка на техничка документација за помали станица за пречистување на отпадни води, соработка со ЕЛС, МЖСПП, и донаторски организации за привлекување на потенцијални инвеститори, чистење на диви депонии, одлагање на електронскиот отпад, итн.

М.3.4.1. Проектна документација

М.3.4.2. Спроведување на проекти за заштита на животната средина

**СЦ 4. Да се поттикне социо-економскиот развој**

Членовите на ЛАГ-от идентификуваа три (3) приоритети за постигнување на Стратешката цел бр. 4.

***П.4.1. Поттикнување на претприемништвото и занаетчиството***

Според СВОТ анализата силни страни се: млади едуцирани кадри и постојат институции со капацитет. Како слаби страни се идентификувани: високата стапка на невработеност, особено кај младите едуцирани лица; значителен дел од населението е со низок степен на образование; мал број на занаетчии; мал број на млади претприемачи; релативно мал број на МСП; итн. Можностите се однесуваат на зачувување и обновување на стари занаети; искористување на државните програми за поддршка, додека идентификуваните закани се: неповолна старосна структура на населението; иселување на младите и одлив на мозоци “brain-drain”.

Овој приоритет ќе се исполни преку 2 мерки кои вклучуваат: воспоставување на соработка со Комората на занаетчии и Министерство за економија; обука за млади лица за занаетчиство на територијата на ЛАГ-от; организирање на промотивни настани, саеми и продажни изложби на занаетчиски производи; организирање на обуки за започнување на сопствен бизнис; организирање на натпревар за најдобар бизнис план помеѓу студентите на завршни години на факултетите; прогласување на најдобар претприемач на територијата на ЛАГ-от во секој квартал, итн.

М.4.1.1. Поттикнување на занаетчиството

М.4.1.2. Поттикнување на претприемништвото и самовработувањето

***П.4.2. Поддршка на постојните МСП***

СВОТ анализата ги идентификува следните силни страни: постојат високо образовни институции, голема дијаспора, погранична област и близина на државната граница со Грција, итн. Од друга страна слаби страни се: релативно мал број на МСП; недоволна урбано-планска документација за селата; нерешено водоснабдување; недоволна инфраструктурна и транспортна поврзаност на руралните средини со поголемите градови; слабо организиран превоз во руралните средини; несоодветна патна инфаструктура; немање на канализации; лоша состојба на системите за наводнување; инфраструктурата лошо се одржува; одводните канали не се одржуваат; итн. Покрај ова слаба страна претставува недостатокот на финансиски средства за економски развој.

Можности што стојат на располагање се: искористување на постоечките индустриски зони (на пр. развој на индустриската зона Жабени) и отворање на нови индустриски зони.

Со поврзување на приватниот и научно-истражувачкиот сектор ќе се овозможи создавање на услови подобрување на иновативноста, трансфер на технологии и комерцијализација на иновациите. На овој начин на МСП ќе им се обезбеди стручна поддршка преку обезбедување на најнови информации и овозможи преку користење на тие знаења да ја зголемат конкурентноста на нивните производи и услуги преку иновации, нови производи/ услуги, нови производи со

повисоко ниво на технолошка финализација, од друга страна на научно - истражувачките институции ќе им се обезбеди дополнителен приход по основ на апликативно истражување.
Поттикнување на развојот и подобрување на основната инфраструктура е еден од предусловите за рамномерен развој во руралните средини и подобрување на социо-економските предуслови за живот на населението во руралните средини. Квалитетната инфраструктура е исто така основа за развој на МСП.
Овој приоритет опфаќа 4 мерки кои ги предвидуваат следните активности: поттикнување на истражување и развој на нови производи и производи со поголема додадена вредност преку олеснување на соработката со научните и истражувачките институции; поттикнување на иновативноста кај МСП преку олеснување на соработката со универзитетите и др. центри на знаење; информирање на менаџерите на МСП за нови технологии и олеснување на трансфер на технологии; обезбедување на консултантски услуги за воведување на нови технологии; организирање на настани за промовирање на најиновативни производи/ услуги од МСП; поддршка за заштита, сертифицирање и брендирање на производи; обука за менаџери/ки во МСП за современи начини на организација и маркетинг алатки и за искористување на ИКТ; поддршка за иницијативи за формирање на кластери, задруги и др. форми на здружување; подготовка на техничка документација за санација, изградба и реконструкција на локална патна мрежа; развој и континуирано одржување на системите за водоснабдување и канализација во селата; привлекување на инвеститори за отворање на регионален откупен центар и регионален сточен пазар; итн.

М.4.2.1. Поттикнување на иновативноста кај МСП
М.4.2.2. Подобрување на менаџерските вештини во МСП
М.4.2.3. Поттикнување на инвестиции во руралните средини

***П.4.3. Подобрување на социјалната инфраструктура***

Идентификувани слаби страни се: мал број на културни настани; недоволни здраствени услуги во руралните средини; недостаток на социјална инфраструктура; нема детски градинки, амбуланти, училишта, центри за социјална заштита, спортски терени во руралните области; итн. Закани се: голема миграција село - град и иселување на младите.
Преку изградбата на објекти и понуда на услуги се покажува грижа за децата и младите, стари и немоќни лица, лица со посебни потреби, инвалиди и разни други ранливи групи. Развојот и унапредувањето на основната социјална инфраструктура во руралните средини е неопходна за поттикнување на економските и социјалните активности за рамномерен раст, унапредување на условите за живот и работа во руралните средини, намалување на депопулацијата и поттикнување на активното население да остане или да се врати во руралните средини.
Трите мерки кои се опфатени со овој приоритет вклучуваат: мобилни креативни центри за деца од претшколска возраст; изградба и реконструкција на 3 детски игралишта; обезбедување на социјални и здравствени услуги за ранливи групи граѓани; формирање на мобилна служба за домашна посета на стари лица и болни лица; итн.

М.4.3.1. Згрижување на деца од претшколска возраст
М.4.3.2. Услуги за ранливи групи граѓани
М.4.3.3. Грижа за стари лица.

**СЦ 5. Да се заштити културното наследство и да се зачуваат традициите и вредностите**

За постигнување на Стратешката цел бр. 5 предвидени се 3 (три) приоритети.

***П.5.1. Зачувување на старата селска архитектура***

Согласно СВОТ анализата силна страна е старата архитектура додека можностите се однесуваат на интегрирање на културните и традиционалните настани во туристичката понуда.
Со зачувување и одржливо користење на културното наследство се создава и негува идентитетот на одредена територија така што е потребно тоа да се вклучи во образовните и економските активности. Од аспект на економска валоризација, содржината на културното наследство треба да бидат основа на развојот на културниот туризам како дел од вкупната туристичка понуда на подрачјето на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија. Културното наследство треба да се интерпретира на современ начин, да се прилагоди на потребите на целните групи, негувајќи и истакнувајќи го идентитетот на територијата, и притоа непрекинато грижејќи се за неговата заштита и зачувување. Овој приоритет има 4 мерки кои ги предвидуваат следните активности: реставрација на стари куќи во с. Буково; реновирање на неколку куќи во традиционален стил; изградба и реконструкција на камени патчиња на територијата на ЛАГ-от; реконструкција на селски чешми во под-Пелистерскиот регион; изградба и реновирање на неколку селски плоштади на територијата на ЛАГ-от; итн.

М.5.1.1. Реновирање и реставрација на куќи во традиционален стил

М.5.1.2. Подобрување на инфраструктурното уредување на специфични амбиентални патчиња.

М.5.1.3. Реконструција на постоечки чешми

М.5.1.4. Амбиентално уредување на плоштади

***П.5.2. Зачувување на ракотворбите и традиционалните обележја на регионот***

Овој приоритет се однесува на идентификуваните можности за промовирање на традиционална храна, како и интегрирање на културните и традиционалните настани во туристичката понуда.
Идејата е да се овозможи поголема разновидност на туристичката понуда што ќе придонесе бројот на гости кои имаат такви интереси да се зголеми. Овој приоритет ќе овозможи дополнителен приход пред се за руралните жени кои традиционално изработуваат домашни ракотворби.
Овој приоритет предвидува 2 мерки во чии рамки ќе се спроведат следниве активности: организирање на колонии за подготовка на домашни ракотворби; организација на манифестации за традиционална храна и ракотворби; организирање на едукативни работилници за зачувување на народното творештво на територијата на ЛАГ-от (интернет, андроид апликации, аудио-визуелни медиуми); користење на нови технологии за зачувување на народното творештво на територијата на ЛАГ-от (интернет, андроид апликации, аудио-визуелни медиуми); итн.

М.5.2.1. Промовирање на ракотворби и традиционални обележја

М.5.2.2. Зачувување на народното творештво

***П.5.3. Подобрување на културниот живот во руралните средини***

Слаба страна која е идентификувана е малиот број на културни настани во руралните средини, а можности претставуваат интегрирање на културните и традиционалните настани во туристичката понуда и организирање на спортски манифестации и други активности. Стратегијата се стреми да ги надмине слабите страни и искористи можностите. Приоритетот опфаќа 2 мерки кои ги предвидуваат следните активности: организирање на спортски и културно забавни настани на територијата на ЛАГ-от; поддршка на активностите на КУД во руралните средини; итн.

М.5.3.1. Организација на спортски и културно забавни настани

М.5.3.2. Зачувување и поддршка на формираното културно творештво

**СЦ6. Да се зајакнат институционалните капацитети на ЛАГ-от ПеЛАГонија**

Членовите на ЛАГ-от идентификуваа три (3) приоритети за постигнување на Стратешката цел бр. 6.

***П.6.1. Зајакнување на ЛАГ-от ПеЛАГонија***

Овој приоритет ќе се спроведе преку 3 мерки. ЛАГ-от е нова институција и потребно е прво да се воспостават, а потоа со тек на времето и зајакнат внатрешните процеси. Тоа се однесува на изработка на внатрешни документи како што се на пр.: деловници, правила за функционирање на работните групи, финансиски правила/процедури за патување на членови на ЛАГ и др.); формирање на работни групи/комисии; изработка на стратешки план за ЛАГ-от како организација, негово финансиско раководење, подготвока на извештаи од работата на ЛАГ пред Собранието; организирање на состаноци на Управниот Орган, Надзорниот орган и Собранието на ЛАГ-от (подготовка на Дневен ред, следење на одлуките и сл.); Прибирање на средства за работа на ЛАГ-от. Исто така за нормално функционирање на ЛАГ-от е потребно да се воспостави канцеларија, набави опрема и вработи персонал.

За да добие препознатливост во јавноста ЛАГ-от треба да се промовира и тоа ги опфаќа следните активности: Изработка на план за комуникација на ЛАГ; изработка на лого на ЛАГ; изработка на брошура за ЛАГ; изработка на интернет страница на ЛАГ; промоција на ЛАГ на социјалните медиуми; Организација и спроведување на промотивни настани; Учество на настани за промовирање на ЛАГ, итн.

М.6.1.1. Подобрување на внатрешните процеси.

М.6.1.2. Формирање на канцеларија и стручна служба на ЛАГ-от.

М.6.1.3. Промотивни активности на ЛАГ-от.

***П.6.2. Вмрежување на ЛАГ-от***

Овој приоритет се однесува на развивање на мрежа на партнери на ЛАГ-от како на територијата на самиот ЛАГ, така и на регионално, национално и меѓународно ниво. ЛАГ-от треба постојано да привлекува нови членови според воспоставените процедури, но истовремено и да се вмрежува со сродни институции заради размена на искуства и добри практики. Приоритетот се спроведува преку 2 мерки. Тие ги опфаќаат следниве активности: водење и ажурирање на регистар на членови на ЛАГ; активности за привлекување на нови членови во ЛАГ; организирање на состаноци со членовите; организација на настани за вмрежување во рамки на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија. Покрај ова за вмрежување се предвидени следните активности: соработка со други здруженија, ЛАГ-ови, како и други домашни и меѓународни организации со слична програмска ориентација; зачленување на ЛАГ во соодветни домашни и меѓународни организации.

М.6.2.1. Вмрежување на територијата на која делува ЛАГ-от.

М.6.2.2. Соработка со други ЛАГ-ови и меѓународна соработка.

***П.6.3. Спроведување на проекти***

Овој приоритет се однесува на подготовка и спорведување на проекти преку кои всушност ќе се спроведува Стратегијата за локален развој на руралните средини на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија. Дел од проектите ќе ги спроведува стручната служба на ЛАГ-от (откако истата ќе се формира), додека поголемиот број на проектите од стратегијата треба да ги спроведуваат членовите на ЛАГ-от. Овој приоритет се спроведува преку 3 мерки. Тие ги опфаќаат следните активности: следење на законодавството и објави за јавни повици, фондовите и можностите за финансирање од интерес на членовите на ЛАГ-от и нивно информирање; планирање и подготовка на заеднички проекти за рурален развој на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија; консултантски услуги за поддршка на членовите на ЛАГ-от при подготовка на проекти и проектна документација;

спроведување на проекти во име на члeновите (проектен менаџмент); Изработка на анализи, студии и др. документи областа на руралниот развој за територијата на која делува ЛАГ.

М.6.3.1. Спроведување на Стратегијата на ЛАГ-от.

М.6.3.2. Планирање, подготовка и спроведување на проекти.

М.6.3.3. Изработка на анализи, студии и др. документи за територијата на ЛАГ-от и од областа на руралниот развој.

**9. Опис на планираните активности и идеи и/или примери за проектите што треба да се спроведат**

**1. СЦ 1. Да се зголеми конкурентноста во земјоделското производство и преработувачката индустрија**

| Приоритет/ Мерка | Активности | Временска рамка | Буџет (Евра) |
|---|---|---|---|
| **П.1.1. Модернизација на земјоделското производство** | | | |
| М.1.1.1. Набавка на механизација | Пр.1.1.1.1. Информативни средби со земјоделци на територијата на ЛАГ-от за искористување на фондови за набавка на механизација (во партнерство со АПРЗ) | 2016 - 2018 | 1200 |
| М.1.1.2. Воведување на нови технологии и практики | Пр.1.1.2.1. Одржување на семинари за земјоделци за воведување на нови технологии | 2015 - 2017 | 3000 |
| **П.1.2. Зголемување на конкурентноста на преработувачката индустрија** | | | |
| М.1.2.1. Брендирање на земјоделски и прехранбени прозводи | Пр.1.2.1.1. Изработка на анализа за потенцијалните производи за брендирање (вклучува и информативни средби со земјоделците и преработувачите). | 2015 | 3000 |
| | Пр.1.2.1.2. Изработка на елаборати за брендирање на најмалку 2 производи | 2015 - 2016 | 4000 |
| | Пр.1.2.1.3. Промоција на брендираните производи на најмалку 3 настани секој | 2016 - 2018 | 3000 |
| М.1.2.2. Здружување на земјоделци и преработувачки капацитети | Пр.1.2.2.1. Информативни и едукативни средби со земјоделците за придобивките од здружувањето | 2015 - 2016 | 800 |
| | Пр.1.2.2.2. Поддршка на земјоделците за формирање на здруженија/ задруги | 2017 - 2018 | 2000 |
| | Пр.1.2.2.3. Поддршка на преработувачките капацитети за поврзување во деловни здруженија/ кластери | 2017 - 2018 | 2000 |
| | Пр.1.2.2.4. Формирање и зајакнување на вредносен ланец (value chain) за најмалку 1 производ | 2017 - 2018 | 10000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Пр.1.2.2.5. Организирање на состаноци помеѓу земјоделците и преработувачките капацитети за договорно производство | 2016 - 2018 | 1800 |
| М.1.2.3. Отворање на нови преработувачки капацитети | Пр.1.2.3.1. Изработка на анализи на пазарите за преработувачки капацитети | 2015 - 2017 | 3000 |
| | Пр.1.2.3.2. Изработка на датабаза со информации за достапни фондови и начини за аплицирање за отворање на преработувачки капацитети | 2015 - 2017 | 2000 |
| | Пр.1.2.3.3. Обезбедување на информации за нови технологии за преработувачки капацитети/ посета на саеми | 2015 - 2017 | 6000 |
| М.1.2.4. Воведување на нови производи | Пр.1.2.4.1. Обезбедување на директни консултантски услуги во фирмите за воведување на нови производи | 2018 - 2020 | 15000 |
| **П.1.3. Диверзификација на не-земјоделските активности** | | | |
| М.1.3.1. Понуда на нови услуги и атракции | Пр.1.3.1.1. Подршка за спроведување на најмалку 2 пилот проекти за воведување на нови услуги/атракции (на пр. музеј, тури со коњи/магариња, паинтбол, авантуристички парк, и сл.) | 2016 - 2020 | 60000 |
| М.1.3.2. Организирање на настани/ саеми | Пр.1.3.2.1. Организирање на четири промотивни настани/ саеми во соработка со општините и/или учество на други саеми и фестивали во земјата и странство (1 настан по 4 години, пр. на јаболкобер, на Фестивал на ЛАГ-ови и сл.) | 2017 - 2020 | 20000 |
| М.1.3.3. Едукација на населението за искористување на ЕУ и други фондови | Пр.1.3.3.1. Организирање на обуки за управување со проектен циклус (3 обуки) | 2015 - 2018 | 6000 |
| | Пр.1.3.3.2. Организирање на обуки за пријавување на ИПАРД (во соработка со АПРЗ) | 2015 - 2020 | 1200 |
| | Пр.1.3.3.3. Помош за идентификација на проекти и подготовка на апликации за ИПАРД (во соработка со АПРЗ) | 2015 - 2020 | 2000 |

**2. СЦ 2: Да се развие алтернативен туризам**

| Приоритет/ Мерка | Активности | Временска рамка | Буџет (Евра) |
|---|---|---|---|
| **П.2.1. Зголемување на бројот на сместувачки капацитети во руралните средини** | | | |
| М.2.1.1. Инвестиција во нови и постојни сместувачки капацитети | Пр.2.1.1.1. Обезбедување на финансирање за реконструкција и доопремување на сместувачки капацитети во руралните средини | 2017 - 2020 | 30000 |
| М.2.1.2. Категоризација на сместувачките капацитети | Пр.2.1.2.1. Категоризација на капацитетите за приватно сместување согласно постојната законската регулатива (во соработка со општините) | 2017 - 2020 | 5000 |
| **П.2.2. Подобрување на туристичката инфраструктура** | | | |
| М.2.2.1. Уредување и обележување на туристички локации | Пр.2.2.1.1. Обележување на туристички локации со туристичка сигнализација | 2017 - 2019 | 20000 |
| М.2.2.2. Уредување и обележување на велосипедски и пешачки патеки | Пр.2.2.2.1. Уредување и обележување на велосипедски и пешачки патеки | 2017 - 2019 | 40000 |
| М.2.2.3. Отворање на туристички инфо центри | Пр.2.2.3.1. Отворање на туристички инфо центри | 2017 - 2019 | 20000 |
| **П.2.3. Подобрување на човечките капацитети во туризмот** | | | |
| М.2.3.1. Зголемување на свесност и неформално образование | Пр.2.3.1.1. Промоција на можностите за трајно вработување во туристичко - угостителскиот сектор кај учениците во основните и средните училишта | 2016 - 2018 | 1000 |
| | Пр.2.3.1.2. Кариерно советување на млади невработени лица за работа во туристичко - угостителскиот сектор | 2016 - 2018 | 3000 |
| | Пр.2.3.1.3. Обуки за сопствениците и менаџерскиот кадар | 2016 - 2018 | 3000 |
| | Пр.2.3.1.4. Спроведување на обуки за преквалификација и доквалификација за работа во туристичко - угостителскиот сектор | 2018 - 2020 | 3000 |
| | Пр.2.3.1.5. Обезбедување на дефицитарни кадри (спроведување на обуки и сертифицирање на туристички водичи; Сертифицирање на бармени; Обука за Главни кувари и кувари) | 2015 - 2020 | 15000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| М.2.3.2. Практична работа во туризмот | Пр.2.3.2.1. Вклучување на ученици/студенти во практична работа во приватни хотели/ ресторани | 2015 - 2020 | 5400 |
| | Пр.2.3.2.2. Волонтирање на завршени ученици/студенти во приватни хотели/ ресторани | 2015 - 2020 | 5400 |
| **П.2.4. Подобрување на препознатливоста на територијата на ЛАГ-от како туристичка дестинација** | | | |
| М.2.4.1. Спроведување на промотивни активности во РМ | Пр.2.4.1.1. Менаџирање на територијата на ЛАГ-от како туристичка дестинација | 2016 - 2020 | 4000 |
| | Пр.2.4.1.2. Подготовка на промотивни материјали за туристичката дестинација (веб страна, флаери, туристички пакети) | 2016 - 2020 | 10000 |
| | Пр.2.4.1.3. Спроведување на промотивна кампања во РМ | 2017 - 2018 | 5000 |
| М.2.4.2. Промотивни активности надвор од територијата на РМ | Пр.2.4.2.1. Презентирање на туристичката дестинација на настани/ саеми надвор од територијата на РМ | 2018 - 2020 | 20000 |

**3. СЦ 3. Да се придонесе во заштитата на животната средина и искористат обновливите извори на енергија**

| Приоритет/ Мерка | Активности | Временска рамка | Буџет (Евра) |
|---|---|---|---|
| **П.3.1. Поттикнување на енергетската ефикасност во руралните средини** | | | |
| М.3.1.1. Зголемување на свесноста за ЕЕ | Пр.3.1.1.1. Организирање на обуки за придобивките на ЕЕ | 2015-2017 | 4500 |
| М.3.1.2. Подобрување на ЕЕ на јавни објекти | Пр.3.1.2.1. Инвестиции за топлинска изолација на објектите | 2018 - 2020 | 10000 |
| | Пр.3.1.2.2. Подобрување на ефикасноста на постројките за греење | 2018 - 2020 | 10000 |
| М.3.1.3. Подобрување на ЕЕ во домаќинството | Пр.3.1.3.1.Изработка на информативни брошури за едукација на населението за можни заштеди на енергија во домаќинствата | 2015 - 2016 | 2000 |
| | Пр.3.1.3.2. Организирање на трибини за едукација на населението за можни заштеди на енергија во домаќинствата | 2015 - 2016 | 1500 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **П.3.2. Искористување на обновливи извори на енергија** | | | |
| М.3.2.1. Поттикнување на населението за искористување на ОИЕ | Пр.3.2.1.1. Организирање на настани за информирање на населението за бенефитите од користење на ОИЕ | 2015 - 2016 | 1000 |
| | Пр.3.2.1.2. Печатење на промотивни материјали за ОИЕ | 2015 - 2016 | 2000 |
| | Пр.3.2.1.3. Пилот проекти за финансирање на инвестиции во соларни колектори на фарми | 2017 - 2018 | 5000 |
| М.3.2.2. Промоција на искористувањето на ОИЕ | Пр.3.2.2.1. Изработка на брошура за спроведени проекти каде се искористуваат ОИЕ | 2017 | 2000 |
| | Пр.3.2.2.2. Промоција за инвестирање во фотоволтаични постројки | 2018 - 2020 | 1500 |
| **П.3.3. Заштита на биодиверзитетот** | | | |
| М.3.3.1. Пошумување на површини | Пр.3.3.1.1. Учество во акции за пошумување | 2017 - 2019 | 1500 |
| М.3.3.2. Заштита на загрозени видови | Пр.3.3.2.1. Проучување и заштита на ендемски видови (рис, кафеава мечка, мариовска пчела) | 2016 - 2018 | 10000 |
| | Пр.3.3.2.2. Изработка на документација за управување со заштитени подрачја | 2018 - 2020 | 20000 |
| | Пр.3.3.2.3. Користење на нови технологии за заштита на биодиверзитетот (дигитализација, ИКТ за пратење, итн.) | 2016 - 2018 | 10000 |
| **П.3.4. Развој на инфраструктура и спроведување на проекти за заштита на животната средина** | | | |
| М.3.4.1. Проектна документација | Пр.3.4.1.1. Соработка со ЕЛС за изработка на техничка документација за помали станица за пречистување на отпадни води | 2017 - 2020 | 40000 |
| М.3.4.2. Спроведување на проекти за заштита на животната средина | Пр.3.4.2.1. Чистење на диви депонии | 2015 - 2018 | 20000 |
| | Пр.3.4.2.2. Одлагање на електронски отпад | 2017 - 2019 | 6000 |

**4. СЦ 4. Да се поттикне социо-економскиот развој**

| Приоритет/ Мерка | Активности | Временска рамка | Буџет (Евра) |
|---|---|---|---|
| **П.4.1. Поттикнување на претприемништвото и занаетчиството** | | | |
| М.4.1.1. Поттикнување на занаетчиството | Пр.4.1.1.1. Соработка со Комора на занаетчии и Министерство за економија | 2015 - 2020 | 1200 |
| | Пр.4.1.1.2. Обука за млади лица за занаетчиство на територијата на ЛАГ-от | 2016 - 2018 | 3000 |
| | Пр.4.1.1.3. Организирање на промотивни настани, саеми и продажни изложби на занаетчиски производи | 2018-2020 | 5000 |
| М.4.1.2. Поттикнување на претприемништвото и самовработувањето | Пр.4.1.2.1. Организирање на обуки за започнување на сопствен бизнис | 2015-2018 | 4000 |
| | Пр.4.1.2.2. Организирање на натпревар за најдобар бизнис план помеѓу студентите на завршни години на факултетите | 2015-2018 | 10000 |
| **П.4.2. Поддршка на постојните МСП** | | | |
| М.4.2.1. Поттикнување на иновативноста кај МСП | Пр.4.2.1.1. Поттикнување на истражување и развој на нови иновативни производи/услуги и производи со поголема додадена вредност преку олеснување на соработката со научните и истражувачките институции | 2015 - 2020 | 1200 |
| | Пр.4.2.1.2. Информирање на менаџерите на МСП за нови технологии и олеснување на трансфер на технологии | 2015 - 2020 | 2000 |
| | Пр.4.2.1.3. Обебедување на консултантски услуги за воведување на нови технологии | 2017 - 2020 | 20000 |
| | Пр.4.2.1.4. Организирање на настан за промовирање на најиновативни производи/ услуги од МСП | 2020 | 2000 |
| | Пр.4.2.1.5. Поддршка за заштита на интелектуална сопственост и | 2017 - 2020 | 5000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | сертифицирање на производи | | |
| М.4.2.2. Подобрување на менаџерските вештини во МСП | Пр.4.2.2.1. Обука за менаџери/ки во МСП за современи начини на организација, маркетинг алатки, искористување на ИКТ, итн. | 2015 - 2020 | 5000 |
| М.4.2.3. Поттикнување на инвестиции во руралните средини | Пр.4.2.3.1. Подготовка на техничка документација за санација, изградба и реконструкција на инфраструктура (ЦРППР и општините) | 2016 - 2018 | 50000 |
| | Пр.4.2.3.2. Промовирање на можностите за инвестирање во руралните средини | 2017 - 2020 | 3000 |
| **П.4.3. Подобрување на социјалната инфраструктура** | | | |
| М.4.3.1. Згрижување на деца од претшколска возраст | Пр.4.3.1.1. Мобилни креативни центри за деца од претшколска возраст | 2017 - 2020 | 30000 |
| | Пр.4.3.1.2. Реконструкција на детски игралишта | 2016 - 2018 | 20000 |
| М.4.3.2. Услуги за ранливи групи граѓани | Пр.4.3.2.1. Обезбедување на социјални и здравствени услуги за ранливи групи граѓани | 2016 - 2020 | 15000 |
| М.4.3.3. Грижа за стари лица | Пр.4.3.3.1. Формирање на мобилна служба за домашна посета на стари и болни лица | 2016 - 2020 | 15000 |

**5. СЦ 5. Да се заштити културното наследство и да се зачуваат традициите и вредностите**

| Приоритет/ Мерка | Активности | Временска рамка | Буџет (Евра) |
|---|---|---|---|
| **П.5.1. Зачувување на старата селска архитектура** | | | |
| М.5.1.1. Реновирање и реставрирање на куќи во традиционален стил | Пр.5.1.1.1. Реставрација и реновирање на 4 куќи со традиционален стил и архитектура | 2017 - 2020 | 40000 |
| М.5.1.2. Подобрување на инфраструктурното уредување на специфични амбиентални патчиња. | Пр.5.1.2.1. Изградба и реконструкција на камени патчиња на територијата на ЛАГ-от | 2017 - 2020 | 20000 |
| М.5.1.3. Реконструкција на постоечки чешми | Пр.5.1.3.1. Реконструкција на селски чешми во под-Пелистерскиот регион | 2016 - 2020 | 10000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| М.5.1.4. Амбиентално уредување на плоштади | Пр.5.1.4.1. Изградба и реновирање на селски плоштади на територијата на ЛАГ-от | 2017 - 2019 | 40000 |
| **П.5.2. Зачувување на ракотворбите и традиционалните обележја на регионот** | | | |
| М.5.2.1. Промовирање на ракотворби и традиционални обележја | Пр.5.2.1.1. Организирање на колонии за подготовка на домашни ракотворби. | 2017 - 2019 | 5000 |
| | Пр.5.2.1.2. Организација на манифестации за традиционална храна и ракотворби во руралните средини | 2017 - 2019 | 5000 |
| М.5.2.2. Зачувување на народното творештво | Пр.5.2.2.1. Организирање на едукативни работилници за зачувување на народното творештво на територијата на ЛАГ-от | 2017 - 2019 | 3000 |
| | Пр.5.2.2.2. Користење на нови технологии за зачувување на народното творештво на територијата на ЛАГ-от (интернет, андроид апликации, аудио-визуелни медиуми) | 2016 - 2018 | 8000 |
| **П.5.3. Подобрување на културниот живот во руралните средини** | | | |
| М.5.3.1. Организација на спортски и културно забавни настани | Пр.5.3.1.1. Организирање на спортски и културно забавни настани на територијата на ЛАГ-от | 2016 - 2020 | 30000 |
| М.5.3.2. Зачувување и поддршка на формираното културно творештво. | Пр.5.3.2.1. Поддршка на активностите на КУД во руралните средини | 2016 - 2020 | 10000 |

**СЦ6. Да се зајакнат институционалните капацитети на ЛАГ-от ПеЛАГонија**

| **Приоритет/ Мерка** | **Активност** | **Временска рамка** | **Буџет (Евра)** |
|---|---|---|---|
| **П.6.1. Зајакнување на ЛАГ-от ПеЛАГонија** | | | |
| М.6.1.1. Подобрување на внатрешните процеси. | Пр.6.1.1.1. Изработка на внатрешни документи (Деловници, Правила за функционирање на работни групи, финансиски правила /процедури за патување на членови на ЛАГ и др.); | 2015 | 1000 |
| | Пр.6.1.1.2. Формирање на работни групи/ комисии | 2015 | 0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Пр.6.1.1.3. Изработка на стратешки план за ЛАГ-от | 2015 | 2000 |
| | Пр.6.1.1.4. Прибирање на средства за работа на ЛАГ-от. | 2015 - 2020 | 3000 |
| М.6.1.2. Формирање на канцеларија и стручна служба на ЛАГ-от. | Пр.6.1.2.1. Воспоставување на канцеларија на ЛАГ-от | 2015 | 1000 |
| | Пр.6.1.2.2. Набавка на ИТ и канцелариска опрема. | 2015 | 1000 |
| | Пр.6.1.2.3. Вработување на персонал во стручните служби на ЛАГ-от. | 2017 - 2020 | 57600 |
| М.6.1.3. Промотивни активности на ЛАГ-от. | Пр.6.1.3.1. Изработка на план за комуникација на ЛАГ-от. | 2015 | 0 |
| | Пр.6.1.3.2. Изработка на промотивни материјали за ЛАГ-от (лого, брошура, интернет страница). | 2015 | 800 |
| | Пр.6.1.3.3. Организација и спроведување на промотивни настани. | 2015 - 2020 | 6000 |
| | Пр.6.1.3.4. Учество на настани за промовирање на ЛАГ-от. | 2016 - 2020 | 2500 |
| М.6.1.4. Градење на капацитетите на членовите на ЛАГ-от | Пр.6.1.4.1. Обуки за членовите на ЛАГ-от | 2015-2020 | 10000 |
| **П.6.2. Вмрежување на ЛАГ-от** | | | |
| М.6.2.1. Вмрежување на територијата на која делува ЛАГ-от. | Пр.6.2.1.1. Водење и ажурирање на регистар на членови на ЛАГ. | 2015 - 2020 | 0 |
| | Пр.6.2.1.2. Привлекување на нови членови во ЛАГ-от. | 2015 - 2020 | 600 |
| | Пр.6.2.1.3. Организирање на состаноци со членовите. | 2015 - 2020 | 2400 |
| М.6.2.2. Соработка со други ЛАГ-ови и меѓународна соработка. | Пр.6.2.2.1. Соработка со други здруженија, ЛАГ-ови и други домашни и меѓународни организации со слична програмска ориентација. | 2015 - 2020 | 7200 |
| | Пр.6.2.2.2. Зачленување на ЛАГ во соодветни домашни и меѓународни организации. | 2015 - 2020 | 3000 |
| **П.6.3. Спроведување на проекти** | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| М.6.3.1. Спроведување на Стратегијата на ЛАГ-от. | Пр.6.3.1.1. Формирање на структура за спроведување на стратегијата. | 2015 | 0 |
| | Пр.6.3.1.2. Печатење и дистрибуирање на Стратегијата. | 2015 | 1500 |
| | Пр.6.3.1.3. Промовирање на Стратегијата. | 2015 | 1000 |
| | Пр.6.3.1.4. Изработка на годишни Акциони Планови за спроведување на Стратегијата. | 2015 - 2020 | 0 |
| | Пр.6.3.1.5. Следење и оценување на спроведувањето на Стратегијата. | 2015 - 2020 | 3000 |
| М.6.3.2. Планирање, подготовка и спроведување на проекти. | Пр.6.3.2.1. Следење на законодавството и објави за јавни повици, фондовите и можностите за финансирање од интерес на членовите на ЛАГ и нивно информирање. | 2015 - 2020 | 2000 |
| | Пр.6.3.2.2. Планирање и подготовка на заеднички проекти за рурален развој на територијата на ЛАГ-от. | 2015 - 2020 | 3000 |
| | Пр.6.3.2.3. Консултантски услуги за поддршка на членовите на ЛАГ-от при подготовка на проекти и проектна документација од страна на стручната служба. | 2015 - 2020 | 6000 |
| | Пр.6.3.2.4. Спроведување на проекти во име на членовите (проектен менаџмент) од страна на стручната служба. | 2015 - 2020 | 0 |
| М.6.3.3. Изработка на анализи, студии и др. документи за територијата на ЛАГ-от и од областа на руралниот развој. | Пр.6.3.3.1. Изработка на анализи/ студии од областа на руралниот развој за територијата на која делува ЛАГ. | 2015 - 2020 | 3000 |

**10. Планирана меѓунационална и меѓутериторијална соработка**

Појдовните основи за меѓунационална и меѓутериторијална соработка на ЛАГ-от ПеЛАГонија се формулирани во дел од статутот кој се однесува на работата на ЛАГ-от врз основа на добрата европска пракса и следните начела/ Член 13, каде дел од начелата се однесуваат на: Активно барање на можности за соработка со други надворешни актери и други здруженија ЛАГ-ови како клучен елемент за учење, како и Промоција на вмрежувањето, размена на искуства, добри практики и остварување на синергии.
Дополнително во Член 15 од Статутот каде се дефинирани задачите на ЛАГ-от, дел од нив се однесуваат на: Соработка со други ЛАГ-ови, агенции за развој, образовни институции и надлежните органи со цел едукација на своите членови и спроведување на заеднички проекти и активности, а исто така и Соработка со сродни домашни и меѓународни организации.

Во Стратегијата активностите за вмрежување се дефинирани во СЦ6. Да се зајакнат институционалните капацитети на ЛАГ-от ПеЛАГонија/ Приоритет 6.2. Вмрежување на ЛАГ-от. Во рамки на овој приоритет се дефинирани активности како за развивање на мрежа на партнери на ЛАГ-от на самата територија ЛАГ-от, така и на регионално, национално и меѓународно ниво. Во Стратегијата на ЛАГ-от за вмрежување се предвидени и следните активности: соработка со други здруженија, ЛАГ-ови, како и други домашни и меѓународни организации со слична програмска ориентација; зачленување на ЛАГ во соодветни домашни и меѓународни организации.

Во рамки на проектот „Воведување и спроведување на ЕУ ЛЕАДЕР пристапот во Пелагонискиот регион (ПеЛАГонија ЛЕАДЕР)", ЛАГ-от ПеЛАГонија остварува соработка со другите два ЛАГ-ови на територијата на Пелагонискиот плански регион: ЗРР ЛАГ Преспа од Ресен и ЗРР ЛАГ Агро Лидер од Кривогаштани. Во рамки на проектот, во периодот од 02 до 04 октомври 2014 година, во хотелот Молика, Битола се одржа обука за Управување со Проектен Циклус (УПЦ) на која присуствуваа претставници од сите три претходно споменати ЛАГ-ови.

Во текот на 2014 година, ЛАГ-от ПеЛАГонија оствари меѓународна соработка со ЛАГ-ови од други земји преку учесто на „Летниот фестивал на ЛАГ-ови“ кој се одржа од 3-ти до 7-ми јули 2014 година во Биоград на море, Република Хрватска. Учеството беше подржано во рамки на проектот „ПеЛАГонија ЛЕАДЕР“. На фестивалот исто така учествуваа претставници на Центарот за развој на Пелегонискиот плански регион, како и претставници на ЛАГ-от Преспа и ЛАГ-от Агро Лидер.

Претставниците на ЛАГ-от ПеЛАГонија имаа можност да се сретнат претставници од други ЛАГ-ови од други земји, да се здобијат со информации за позитивните аспекти и некои критични точки во спроведувањето на процесот, а исто така и да ги разгледаат моностите за подготовка и спроведување на заеднички проекти и можности за финансирање.

Претставниците на ЛАГ-от ПеЛАГонија остварија директни контакти со членови на ЛАГ-ови од Хрватска, Босна и Херцеговина, Словенија, Србија, Бугарија, Литванија и Чешка. Во рамки на фестивалот претставниците на ЛАГ-от ПеЛАГонија присуствуваа на презентација по повод првата година од спроведувањето на мерката 202 во рамки на ИПАРД во Хрватска на која учествуваа повеќе од 60 претставници од ЛАГ-ови од Хрватска и од други земји.

Претставниците на ЛАГ-от ПеЛАГонија остварија и посебен состанок со домаќинот на фестивалот и воедно еден од најстарите и најуспешни ЛАГ-ови во Хрватска ЛАГ-от ЛАУРА од Биоград на море.

**11. Постапка на следење и оценување**

11.1 Опис на системот за за следење и процесот на самооценување

За да се следи и оценува спроведувањето на Стратегијата за локален развој на руралните средини на територија на ЛАГ-от ПеЛАГонија, ЛАГ-от формира работна група за следење и оценување (РГСО) (мониторинг и евалуација) во кој учествуваат Претседателот на ЛАГ-от и членови на ЛАГ-от кои имаат познавања од управување со проектен циклус и искуство во планирање, подготовка и спроведување на проекти. Откако ќе се вработи во тимот ќе учествува и Управителот на ЛАГ-от. Во РГСО треба да се одреди одговорно лице за секоја стратешка цел поодделно (вкупно 6). Со РГСО раководи Претседателот на ЛАГ-от се до вработување на Управител кој треба да ја превземе таа улога. РГСО се состанува на секои 3 месеци и ги дискутира остварениот прогрес односно степенот на исполнување на стратешките цели и приоритетите.
Одговорните лица за секоја стратешка цел поодделно, поднесуваат извештај до РГСО квартално (на секои три месеци) за постигнувањата во однос на индикаторите во тековниот период, временската рамка и финансиските средства, и тоа пред кварталните состаноци на РГСО.

Секоја тековна година, Раководителот на РГСО поднесува 2 извештаи до УО и Претседателот на Здружението: Извештај за напредокот и Финален извештај. Финалниот извештај се поднесува најдоцна до февруари месец од наредната година, и содржи информации за спроведените активности и постигнатите резултати во изминатата година. Извештајот за напредокот се поднесува најдоцна до јули, и содржи информации за тековните проекти/ активности, анализа и податоци за индикаторите за  тековните проекти/ активности и сумирани податоци за целиот изминат полугодишен период. На овој начин, УО и Претседателот добиваат информации врз основа на кои можат да донесат релевантни одлуки за корективни мерки како и за прилагодување на планот за наредната година.
Извештаите што Раководителот на РГСО ги поднесува до УО и Претседателот, треба да ги содржат податоците за постигнувањето на приоритетите (вкупно 20), дадени во табелата подолу:

**Табела 79. Потребни податоци за следење на индикаторите за Цели и Приоритети**

| Цели/ Приоритети | Планиран индикатор | Тековна вредност на индикаторот | План. време. | Тековно време. | Планирани Вкупни трошоци | Тековни Вкупни трошоци | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ц1:** | | | | | | | |
| П.1.1. | | | | | | | |
| ... | | | | | | | |
| П.1.2. | | | | | | | |
| ... | | | | | | | |
| **Ц6:** | | | | | | | |
| ... | | | | | | | |
| П.6.3. | | | | | | | |

За да ги подготват извештаите, одговорните лица за секоја стратешка цел поодделно мораат да ги следат индикаторите дефинирани во Стратегијата (Глава 11.2), за што им се потребни голем број на податоци на проектно ниво/ ниво на активности. Овие информации ги добиваат од одговорните лица по активности кои се назначени во Планот за Активности кој се прави за секоја тековна година.

Одговорните лица по активности треба да следат по неколку точки на прогрес, односно податоци за планираните и остварените вредности на времетраењето, човечките ресурси, финансиските ресурси и процентот на реализација на активноста.
За таа цел тие треба да направат соодветни мониторинг табели во кои ќе го следат индикаторот за соодветната активност.
Извештаите што одговорните лица за секој стратешка цел ги поднесуваат до РГСО квартално, треба да содржат податоци на ниво на стратешка цел, односно за секој приоритет, за секоја мерка и засекоја активност пооделно, а кои се дадени во следната табела:

**Табела 80. Потребни податоци за следење на активностите**

| **Стратешка цел** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Име на активноста | План. Индик | Теков Индик | План обем | Теков. обем (%) | План. време | Теков време | План фин. средства | Теков. фин. средства | Забелешка |
| П1: | | | | | | | | | |
| М1: | | | | | | | | | |
| Активност 1 | | | | | | | | | |
| Активност 2 | | | | | | | | | |
| М2: | | | | | | | | | |
| Активност 1 | | | | | | | | | |
| Активност 2 | | | | | | | | | |
| ... | | | | | | | | | |
| П2: | | | | | | | | | |
| М1: | | | | | | | | | |
| ... | | | | | | | | | |

## 11.2 Индикатори и цели

### 11.2.1 Индикатори за Стратешки цели

**СЦ 1. Да се зголеми конкурентноста во земјоделското производство и преработувачката индустрија**

| **Индикатори** | **Извори на информации** | **Ризици** |
|---|---|---|
| • Зголемено производство за 10% на житни и/или индустриски и/или фуражни растенија до крајот на 2020 година. | • МЗШВ ПЕ Битола | • Нема достапни податоци за територијата на ЛАГ-от. |
| • Зголемен е извозот на прехранбени производи за 5% до крајот на 2020 година. | • Царинска Администрација на РМ | • Се зголемуваат не-тарифните бариери за извоз на прехранбени производи. |

**СЦ 2. Да се развие алтернативен туризам**

| Индикатори | Извори на информации | Ризици |
|---|---|---|
| • Зголемен број на ноќевања на туристите во приватното сместување во руралните средини на територијата на ЛАГ-от ПеЛАГонија за 10% до крајот на 2020 година. | • ЕЛС<br>• Министерство за Економија<br>• Агенција за промоција и поттикнување на туризмот<br>• Попис во туризмот и угостителството/ Државен завод за статистика | • Нема достапни податоци<br>• Конкуренција од соседните земји и др. дестинации во земјата. |

**СЦ 3. Да се придонесе во заштитата на животната средина и искористат обновливите извори на енергија**

| Индикатори | Извори на информации | Ризици |
|---|---|---|
| • Број на нови инвеститори во секторот ЕЕ и ОИЕ до крајот на 2020 година. | • Агенција за енергетика на РМ<br>• ЕЛС | • Нема интерес кај инвеститорите за инвестирање во проекти за ЕЕ и ОИЕ на територијата на ЛАГ-от. |
| • Процент на проби со соодветен квалитет за испитување на физичко - хемиските параметри и микробиолошки параметри на реките и подземните води на територијата на ЛАГ-от се зголемил за 10% до крајот на 2020 година. | • Анализи на водата<br>• Референтна вредност во 2015 година<br>• МЖСПП | • Нема финансиски средства за спорведување на анализите<br>• Нема достапни податоци |

**СЦ 4. Поттикнување на социо-економскиот развој**

| Индикатори | Извори на информации | Ризици |
|---|---|---|
| • Бројот на невработени на територијата на ЛАГ-от е намален за 5% до крајот на 2020 година. | • Агенција за вработување на РМ<br>• ЕЛС | • Нема достапни податоци<br>• Промена во политиките на Владата за намалување на невработеноста<br>• Незаинтересираност |

| | | |
|---|---|---|
| | | на невработените/ приватниот сектор |
| • Бројот на МСП на територијата на ЛАГ-от Преспа е зголемен за 5% до крајот на 2020 година. | • Државен завод за статистика | • Промена во политиките на Владата за поддршка на МСП |
